# Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

## ОТПОРНОСТ НА ДЕМОКРАТИЈАТА



FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

БРОЈ 17
03|2023

# Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

## ОТПОРНОСТ НА ДЕМОКРАТИЈАТА

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# ИМПРЕСУМ

**П Р Е Д И З В И Ц И** - списание за општествени прашања

**ТРИМЕСЕЧНИК** - излегува четирипати годишно
(март/јуни/септември/декември)

ГОДИНА IV
БРОЈ 17
МАРТ 2023
Бесплатен примерок

**ИЗДАВА**
ФОНДАЦИЈА „ФРИДРИХ ЕБЕРТ" – СКОПЈЕ

**РЕДАКЦИЈА:**
Билјана Георгиевска (главен уредник)
М-р Нита Старова (заменик главен уредник)
Д-р Ванчо Узунов
Д-р Ана Чупеска
М-р Лура Положани

**ПРЕВОД ОД АНГЛИСКИ:**
Ана Василева

**ПРЕВОД ОД АЛБАНСКИ ЈАЗИК:**
Јермир Зиба

**ЛЕКТОР:**
Инда Костова Савиќ

**ГРАФИЧКИ УРЕДНИК:**
Стефан Стојковски, КОНТУРА



Текстовите се примаат на адреса:
Фондација „Фридрих Еберт"
бул. „8 Септември" 2/2-5
1000 Скопје (ТЦЦ Гранд Плаза)
Тел. + 389 2 3093-181/-182
Е-пошта: nita.starova@fes-skopje.org

ЕДИТОРИЈАЛ



АНА ЧУПЕСКА

Курентните општествено-политички услови, па и воени, глобално, но и локално, се обременети од (д)ефектите на: пандемијата, постпандемијата и актуелната агресија на Русија врз Украина. Повторно се актуализираат пропозициите на демократијата, а на повидок е и комплетно ново преструктуирање на развојните приоритети на државите (какви и да се) ширум планетата Земја. Меѓу мноштвото предизвици со коишто се соочуваат државите, од: економска, социјална, воена, безбедносна, психолошка и секаква друга природа, акутно за адресирање стана прашањето за статусот на демократиите – соочени со налетот на авторитарните воено-индуцирани интервенции. Оттука, темата за ОТПОРНОСТА/РЕЗИЛИЕНТНОСТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА, како во науката, така и во стручната јавност, станува особено важна за промислување. Овој број на „Предизвици" го посветуваме токму на таа тема, на потребата од засилување на: институциите, невладините капацитети и граѓанското општество со цел да се спречи назадувањето на постигнатите демократски стандарди.

Уште на почетокот е важно да се нагласи дека Отпорноста на Демократијата отсекогаш била, и постојано е доведувана во прашање, како на феноменолошката, така и на дискурсивно-вредносната платформа, но и на реал-политичко и на системско ниво. Ова, пак, особено е потенцирано во услови на дисторзии, како актуелните, глобално стимулирани од трите консекутивни кризи, кои почнаа со пандемијата, продолжија со постпандемиските шокови и се засилија денес, во услови на војна. Дополнително, верификацијата на симптоматската манифестација на најпопуларните настани поврзани со прашањето на отпорноста на демократијата ја посведочивме

во директни медиумски преноси, како: обидот на Болсонеро за државен удар во 2022 година; нападот на Американскиот конгрес – Captitol Hill и трампистичките „инспиративни“ антидемократски говори што претходеа, во 2021 година, па дури и преку нападот на Македонскиот парламент, на 27 април 2017 година, со кој директно се загрози уставниот поредок на земјата. Слични искуства пронаоѓаме насекаде и отсекогаш. Следствено, тоа нè доведува до еден многу едноставен заклучок дека демократијата нема линеарен прогресивен развој, туку, напротив, не ретко може да се уназади, со авторитарни и популистички тенденции. Македонското искуство, во таа смисла, е дополнително обременето, прво заради својата, не толку долга, демократска традиција и второ, затоа што проживеа 10 годишна епизода на авторитарен популизам-груевизам. Оваа авторитарна трауматска епизода денес се чини надмината, за што сведочат и наодите за напредокот на демократијата во Северна Македонија, со позитивен развој, јасно детектиран во Индексот на демократијата за 2022 година на „Економист“. Според овој индекс, земјата веќе втора година е во групата „демократии со недостатоци“ (flawed democracies), откако во 2020 година се „извлече“ од квалификацијата „хибриден режим“.

И европските искуства не се за потценување, па дури се и трауматски, apropos Втората светска војна и поврзаните со неа „демократски" избрани лидери (како Хитлер, на пример). Денес, пак, највидливо проблематични се демократски уназадените системи на Полска и Унгарија (за што имаме и конкретна контрибуција во ова издание, од исклучително прогресивни автори).

Како и да е, јасно е дека демократијата, независно дали е постара или е понова, секогаш е предизвикана од своите внатрешни тензии и инхерентни потенцијали за популистички и авторитарен деформитет. Оттука, никако не може, и не смее, да биде третирана како „конечна дестинација", како „за навек воспоставена инстанца", ниту, пак, како „засекогаш консолидирана системска инсталација". Тоа бара максимална одговорност од сите нас, а особено од политичките и општествените чинители. Во тој контекст, транзитологијата, и со неа поврзаната идеја за „демократска консолидација", станува неодржлив концепт за промислување и нерелевантен за анализа. Дотолку повеќе што, транзитологијата оправдано добива статус на псевдонаука, што, пак, од своја страна отвора можност за

нови реобмислувања на демократизацијата и тоа преку корпусот на релевантните аспекти, поврзани токму со Отпорноста на Демократијата. Со други зборови, единствената можност за константност во демократските системи е токму континуираното јакнење на нејзината отпорност – како нужност без која таа не би имала никаква иднина. Демократизацијата на демократијата во ôд е услов за нејзин опстанок!

Во овој број се обидовме да ги прикажеме аспектите на резилиентност, поврзано и со македонската стварност, регионот и, секако, со Европа. Читателите на ова издание имаат уникатна можност да ги проследат контрибуциите на особено интересни и релевантни автори. Секој од нив, од својата стручна и релевантна специфична перспектива придонесува и отвора прашања вредни за актуализација, како, на пример: безбедносната отпорност; економската безбедност; отпорноста на медиумите и на граѓанското општество; македонската демократија и нејзиниот развој; отпорноста на ЕУ која со цврст став треба да ги соочи владите на земјите-членки кои назадуваат, и така натаму.

Во овој број, должно внимание им посветивме и на младите, кои дадоа свој придонес преку нивни согледби.

Нашата намера како уредувачки одбор, всушност, е со овој број на „Предизвици" да ја приближиме оваа актуелна тема до јавноста, со надеж дека и ние самите ќе придонесеме за јакнење на отпорноста на демократијата во нашата земја.

*Со почит, Ана Чупеска*

# СОДРЖИНА


3 **ЕДИТОРИЈАЛ**

7 **A RESILIENT EUROPEAN UNION NEEDS TO CONFRONT BACKSLIDING GOVERNMENTS AT HOME**

**ОТПОРНА ЕУ ТРЕБА ДА ИМ СЕ СПРОТИВСТАВИ НА ВЛАДИТЕ ШТО НАЗАДУВААТ**

ЈАН ПИТЕР БЕЦ
ТОМ ТЕУНС

24 **ДЕМОКРАТИЈАТА ДА ИЗНЕНАДУВА ПРЕКУ СОЈУЗ НА УМЕРЕНИТЕ, НЕ ДА СЕ КОНСОЛИДИРА**

ЗОРАН ЗАЕВ

32 **ДЕМОКТАТИЈАТА НА КРСТОПАТ, БЕЗБЕДНОСТА ВО ПРЕДИЗВИК**

НИКОЛА ДУЈОВСКИ

42 **РЕЗИЛИЕНТНО НОВИНАРСТВО И ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОТПОРНО ОПШТЕСТВО**

ЗОРАН БОЈАРОВСКИ

50 **DEMOKRACIA FILLESTARE**

**ПОЧЕТОЦИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА**

ЛУРА ПОЛОЖАНИ

63 **ЕКОНОМСКА БЕЗБЕДНОСТ! ДАЛИ Е ПОТРЕБНА ВО СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА?**

ДРАГАН ТЕВДОВСКИ

73 **СИНДИКАТОТ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ДРЖАВАТА**

ПЕЦО ГРУЈОВСКИ

83 **СТУДЕНСКИ ПОГЛЕД**

**ГРАДЕЊЕ ДЕМОКРАТСКА ОТПОРНОСТ**

РИСТО ДАМОВСКИ

95 **СТУДЕНСКИ ПОГЛЕД**

**СПОСОБНОСТ НА СИСТЕМОТ ДА СЕ БРАНИ И ЗАКРЕПНУВА**

АЊА ДИЗДАРЕВИЌ




# A RESILIENT EUROPEAN UNION NEEDS TO CONFRONT BACKSLIDING GOVERNMENTS AT HOME

JAN PIETER BEETZ
TOM THEUNS

**THE PASSIVITY AND INACTION OF EU INSTITUTIONS IN THE FACE OF DEMOCRATIC DECLINE HAS ENCOURAGED WOULD-BE AUTHORITARIAN LEADERS TO CONTINUE THEIR ASSAULT ON DEMOCRATIC NORMS. THEY KNOW THAT THEY CAN ACT WITH IMPUNITY AND THAT THEIR ACTIONS WILL GO UNCHALLENGED. FURTHERMORE, THE EU'S FAILURE TO ADDRESS THE DECLINE OF DEMOCRACY AND THE RULE OF LAW IN HUNGARY AND POLAND SENDS A MESSAGE TO ASPIRING AUTHORITARIAN LEADERS THAT THEY CAN ACT SIMILARLY WITHOUT CONSEQUENCE**

Last December, the European Union wanted to support Ukraine in its war against Putin's Russia, but Hungarian Prime Minister Viktor Orbán was obstructive. While the EU sought to extend support to Ukraine, he used his veto to block the European aid package. The EU was eventually forced to soften financial sanctions against the Orbán government in order to push through its aid package worth 18 billion for Ukraine. These sanctions were an effort to protect Europe's shared values of democracy and the rule of law in Hungary. A comprise  on these core values was necessary for the EU to finally act on the immediate threat posed by Russia to Ukraine.

This recent episode raises the question of whether the EU should be willing to sacrifice its democratic principles in order to achieve its geopolitical goals. Some argue that, as with the Turkey deal on migration, the EU should be willing to compromise on its democratic ideals, in this case by turning a blind eye to the Hungarian governments undermining of democracy and rule of law. On this logic, weakening sanctions against Hungary is a relatively small sacrifice to support Ukraine.

We argue that the EU must take a more resolute stance against governments that undermine the rule of law and democracy. In today's multipolar world with increasingly assertive and belligerent major powers, the EU must develop the capacity to act decisively and with purpose when facing external challenges to its political order. In this geopolitical context, the EU can no longer afford to be dependent on member state governments who use their power within EU decision-making to pursue their own interests at the expense of the common good.

**THE POLISH AND HUNGARIAN GOVERNMENTS HAVE BEEN DISRUPTIVE FACTORS IN EUROPEAN POLITICS FOR YEARS, OFTEN USING THEIR VETO POWER TO OBSTRUCT CRUCIAL DECISIONS UNLESS THEIR OWN INTERESTS WERE MET. WHEREVER POSSIBLE, THESE AUTHORITARIAN LEADERS USE THEIR VETO TO DEFEND THEIR PARTY'S INTEREST AT THE EXPENSE OF SHARED EUROPEAN INTERESTS. THIS OBSTRUCTIONIST BEHAVIOR, ESPECIALLY WHEN IT COMES TO MATTERS CONCERNING THE RULE OF LAW AND DEMOCRACY, HIGHLIGHTS THE DISREGARD THESE AUTHORITARIAN LEADERS HAVE FOR BOTH THEIR OWN CITIZENS AND THE INTERESTS OF OTHER EUROPEAN CITIZENS**

The accommodation of backsliding and arguably authoritarian member state governments undermines the resilience of the EU. Backsliding governments not only pose an internal threat to the resilience of Europe's political order, but they also intentionally undermine the EU's capacity to act decisively to unexpected events in international affairs. This internal threat to EU values also erodes the capacity to face external threats, hence a compromising approach will weaken the EU's resilience.

### Democratic Backsliding in Hungary and Poland

Democratic backsliding in Europe is unfortunately not a recent phenomenon. Hungary is a particularly extreme example. After rapid democratization at the end of the cold war, and almost 20 years of relative democratic stability, Hungary has been suffering the sustained degradation of democratic norms now for over a decade (see table 1). Under the leadership of the Fidesz government, the press has come under attack, the judiciary has become increasingly politicized, and the government has resorted to the use of executive decrees to bypass normal legislative processes. Furthermore, the state's resources have been deployed in a manner that favors political allies, leading to a deeply en-

trenched system of corruption that comes at the cost of the welfare and wellbeing of ordinary Hungarians.

**Table 1:** Hungary's scores on various democracy indexes using the V-Dem database.




Poland has also seen a steady deterioration in democracy and the rule of law since Law and Justice (re)gained power in 2015 (see table 2). The actions of the Polish government, led by the Law and Justice (PiS) party and party leader Jarosław Kaczyński, are worrying. Through a series of controversial judicial reforms, for example, the government has eroded the independence of the country's courts, allowing political leaders to exercise more control over the justice system. This has led to widespread corruption. Moreover, it has a chilling effect; the judicial branch no longer holds those in power accountable for their actions.

**DESPITE WIDESPREAD CONCERN ABOUT DEMOCRATIC BACKSLIDING IN EU MEMBER STATES, EUROPEAN LEADERS HAVE BEEN HESITANT TO ACT AGAINST POPULIST GOVERNMENTS. FAR TOO OFTEN, THEY HAVE CHOSEN TO IGNORE THE PERILS POSED BY THESE GOVERNMENTS OR WHEN THEY ACTED THEIR RESPONSES HAVE OFTEN BEEN SYMBOLIC OR INEFFECTIVE. THE EUROPEAN COMMISSION HAS BEEN PARTICULARLY SLOW IN RESPONDING TO THE ISSUE OF DEMOCRATIC DECLINE. A SIGNIFICANT AMOUNT OF TIME AND RESOURCES HAS BEEN WASTED ON FRUITLESS "DIALOGUE" WITH POLITICIANS WHO ACT IN BAD FAITH. IT WAS ONLY IN RECENT YEARS, AFTER A DECADE OF DEMOCRATIC REGRESSION, THAT THE EC FINALLY SUCCEEDED IN SLIGHTLY REDUCING EU FUNDING FOR HUNGARY**

**Table 2:** Poland's scores on various democracy indexes using the V-Dem database.




With member states like Hungary and Poland, the EU is no longer a union of free democracies. Things are so bad that the European Parliament recently concluded Hungary had turned into an electoral autocracy: elections are still held, but the rules of the game have been heavily manipulated in favour of the Fidesz government. Although the elections may still be largely free in the sense that citizens are not physically coerced into voting in a particular way, they can no longer be considered fair and impartial.

## Vetoes Undermine Europe's Political Strength

As we illustrated in the introductory example, the consequences of democratic backsliding are detrimental to the effectiveness of the EU. The Polish and Hungarian governments have been disruptive factors in European politics for years, often using their veto power to obstruct crucial decisions unless their own interests were met. Wherever possible, these authoritarian leaders use their veto to defend their party's interest at the expense of shared European interests. This obstructionist behavior, especially when it comes to matters concerning the rule of law and democracy, highlights the disregard these authoritarian lead-

**IF MEMBER STATES DEGENERATE INTO ELECTORAL AUTOCRACIES, THE EU SHOULD TAKE MORE RADICAL ACTION. A FIRST STEP WOULD BE TO ISOLATE THESE STATES FROM EU DECISION-MAKING, THUS ARTICLE 7 SHOULD BE REVISED TO ENSURE THAT POLAND AND HUNGARY CAN NO LONGER PROTECT ONE ANOTHER. EVEN EXPULSION FROM THE EU SHOULD NOT BE RULED OUT AS A MEASURE OF LAST RESORT. SOME WILL OBJECT THAT THERE IS NO TREATY MECHANISM TO EXPEL A MEMBER STATE FROM THE EU, BUT RADICAL CIRCUMSTANCES JUSTIFY RADICAL ACTION. THE DEMOCRATIC STATES MIGHT COLLECTIVELY INVOKE ARTICLE 50 AND REFOUND AN EU 2.0 WITHOUT AUTHORITARIAN STATES**

ers have for both their own citizens and the interests of other European citizens.

While some may argue that Poland's support for EU support of the Ukraine is a sign that these governments will align with the EU in cases of necessity. It is not clear that this support is based on shared European interests. In our view, Poland's change of direction has little to do with EU action. We believe that Poland's direct border with Russia has more impact than even the EU's toughest sanctions. The Polish government is standing up for its own interest; it just now happens to coincide with the shared EU interest.

In any case, the attitude of the Hungarian government shows that this does not apply to all member states. Compromising with governments that undermine democracy and the rule of law may offer short-term solutions, but it weakens the EU's political strength and commitment to its democratic ideals. Paying off the Orbán government is not a sustainable approach; it sets a dangerous precedent. Instead, the EU must take a firmer stance against any member state that erodes democratic norms.

### European (in)action Against Democratic Backsliding

Despite widespread concern about democratic backsliding in EU member states, European leaders have been hesitant to act against populist governments. Far too often, they have chosen to ignore the perils posed by these governments or when they acted their responses have often been symbolic or ineffective.

The European Commission has been particularly slow in responding to the issue of democratic decline. A significant amount of time and resources has been wasted on fruitless "dialogue" with politicians who act in bad faith and extensive "monitoring" of the situation. It was only in recent years, after a decade of democratic regression, that the Commission finally succeeded in slightly reducing EU funding for Hungary.

European heads of state and government have also been slow to respond. While some leaders have expressed their opposition, particularly in response to attacks on LGBTI+ rights, most have followed the longstanding norm of not interfering in the domestic politics of other member states. The irony is that the Hungarian and Polish governments do not feel bound by the same norm. For example, Orbán and Morawiecki (the Polish Prime Minister) campaigned for the far-right party Vox alongside Marine Le Pen in Madrid in January 2022.

**THE AUTHORITARIAN LEADERS ARE A DANGER NOT ONLY TO THEIR OWN PEOPLE BUT ALSO TO THE CITIZENS OF OTHER MEMBER STATES. THEY UNDERCUT THE EU'S CAPACITY TO ACT WITH PURPOSE IN CRUCIAL POLICY AREAS. TODAY IT IS THE WAR IN UKRAINE; TOMORROW IT COULD BE A STOCK MARKET CRASH OR A NATURAL DISASTER. TIMES LIKE THESE REQUIRE DECISIVE ACTION FROM THE EU, BUT THE GOVERNMENTS OF POLAND AND HUNGARY HAVE SHOWN THAT THEY ARE WILLING TO WEAPONIZE THE COLLECTIVE SECURITY AND COMMON INTEREST OF EUROPEANS TO FURTHER THEIR POLITICAL AGENDAS**

Compared to the Commission and member state governments, the European Parliament has been more critical. In 2018, MEP Judith Sargentini wrote a comprehensive report on democratic backsliding in Hungary, which was accepted by two-thirds of the parliament and eventually led to the opening of Article 7 proceedings against Hungary for violating EU fundamental values.

However, we should not overlook how some actors in the European Parliament have facilitated democratic decline. Until 2021, much criticism of Hungary in the European Parliament was muted, because the Hungarian government was assured of the support of a majority of Christian Democrats in the European People's Party (EPP). For instance, the 2013 'Tavares Report', which called out the degradation of fundamental rights in Hungary, was rejected by a majority of EPP members. And even after the Sargentini report was adopted, EPP leadership resisted calls to expel Fidesz from the party, instead opting for suspension.

The passivity and inaction of EU institutions in the face of democratic decline has encouraged would-be authoritarian leaders to continue their assault on democratic norms. They know that they can act with impunity and that their actions will go unchallenged. Furthermore, the EU's failure to address the decline of democracy and the rule of law in Hungary and Poland sends a message to aspiring authoritarian leaders that they can act similarly without consequence.

### The EU must stop barking and start biting

It is time for the EU strengthen its resilience by implementing tough measures to protect democracy in its borders. It is imperative that the EU takes decisive action to prevent further erosion of democracy in Hungary, Poland and any other member state that violates democratic norms in the future. The nature of authoritarian government is that over time it becomes more and more entrenched which is why further dithering, or delay will be extremely costly.

The EU must consider all means consistent with democratic values to address the current threat to democracy. The familiar instruments, such as infringement actions and the conditional allocation of EU funding, are necessary but insufficient. The EU must also be proactive in developing new policies that support pro-democratic forces in member states regressing on democratic norms and counteract the influence of authoritarian leaders. To this end, the EU must demonstrate its commitment to democracy by providing real support to independent judges, opposition politicians, critical media, academics, and other civil society actors. The norm of non-interference in domestic politics should not apply when it comes to democratic backsliding. The EU and its democratic member states must be partisans in the fight for freedom and democracy in Europe.

If member states degenerate into electoral autocracies, the EU should take more radical action. A first step would be to isolate these states from EU decision-making, thus article 7 should be revised to ensure that Poland and Hungary can no longer protect one another. Even expulsion from the EU should not be ruled out as a measure of last resort. Some will object that there is no treaty mechanism to expel a member state from the EU, but radical circumstances justify radical action. The democratic states might collectively invoke Article 50 and refound an EU 2.0 without authoritarian states.

### Defending common values and European security

The slow emergence of authoritarian member states poses an existential risk to Europe's democratic union and its ability to act decisively; a resilient EU must be able to protect its shared values of democracy and the rule of law. All EU citizens have a right to live in a free and democratic society, therefore it is imperative that decisive and forceful action

is taken against authoritarian regimes. This will serve as a clear message to all actors that the erosion of democracy and human rights will not be tolerated. This will not only protect the EU's values and principles, but also give hope to EU citizens currently fighting for these rights and freedoms.

However, authoritarian leaders are a danger not only to their own people but also to the citizens of other member states. They undercut the EU's capacity to act with purpose in crucial policy areas. Today it is the war in Ukraine; tomorrow it could be a stock market crash or a natural disaster. Times like these require decisive action from the EU, but the governments of Poland and Hungary have shown that they are willing to weaponize the collective security and common interest of Europeans to further their political agendas.

For the EU to play a meaningful role on the world stage, it must take a firmer stance against autocratic governments in Europe. This could include the use of sanctions, active support for pro-democratic forces, isolation and even expulsion. Of course, European leaders must weigh other values, interests and practical considerations into their decisions, but a failure to crack down on anti-democratic forces within the EU would be costly. A resilient EU must be able to take its fate into its own hands to ensure the security and values of its citizens from both internal and external threats.

*(Jan Pieter Beetz is an Assistant Professor in Political Theory and European integration at the Utrecht University school of Governance. He undertakes research into the political authority of liberal democracies, the democratic challenges facing European integration, and democratic justifications of administrative power.*

*Tom Theuns is an Assistant Professor in Political Theory and European Politics at the Institute of Political Science at Leiden University and Associate researcher at Sciences Po in Paris. In 2021, he started a four-year research project 'Protecting democracy in Europe' funded by NWO.)*

# ОТПОРНА ЕУ ТРЕБА ДА ИМ СЕ СПРОТИВСТАВИ НА ВЛАДИТЕ ШТО НАЗАДУВААТ

ЈАН ПИТЕР БЕЦ
ТОМ ТЕУНС

**ПАСИВНОСТА И НЕАКТИВНОСТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕУ СООЧЕНИ СО ДЕМОКРАТСКИОТ ПАД ГИ ОХРАБРИ ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ АВТОРИТАРНИ ЛИДЕРИ ДА ПРОДОЛЖАТ СО ОФАНЗИВАТА ВРЗ ДЕМОКРАТСКИТЕ НОРМИ. ТИЕ СЕ СВЕСНИ ДЕКА МОЖАТ НЕКАЗНЕТО ДА ДЕЈСТВУВААТ И ДЕКА НИКОЈ НЕМА ДА ГИ СТАВИ НИВНИТЕ ПОСТАПКИ ПОД ЗНАК ПРАШАЊЕ. НЕУСПЕХОТ НА ЕУ ДА СЕ СПРАВИ СО ПАДОТ НА ДЕМОКРАТИЈАТА И ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО ВО УНГАРИЈА И ПОЛСКА ИСПРАЌА ПОРАКА ДО ОСТАНАТИТЕ НАДЕЖНИ АВТОРИТАРНИ ЛИДЕРИ ДЕКА МОЖАТ ДА ДЕЈСТВУВААТ НА СЛИЧЕН НАЧИН, БЕЗ ПОСЛЕДИЦИ**

Минатиот декември, Европската Унија сакаше да ја поддржи Украина во нејзината војна против Путиновата Русија, но унгарскиот премиер Виктор Орбан беше опструктивен. Додека ЕУ се обидуваше да ја прошири поддршката за Украина, тој го искористи своето право на вето за да го блокира европскиот пакет за помош. На крајот, ЕУ беше принудена да ги ублажи финансиските санкции против Владата на Орбан за да може да го протурка својот пакет за помош за Украина вреден 18 милијарди евра. Санкциите беа обид да се заштитат заедничките европски вредности на демократијата и владеењето на правото во Унгарија. За ЕУ конечно да преземе акција, како одговор на непосредната закана од Русија кон Украина, беше неопходно да ги компромитира овие основни вредности.

Оваа неодамнешна епизода го покренува прашањето дали ЕУ треба да биде подготвена да ги жртвува своите демократски принципи за да ги постигне геополитичките цели? Некои тврдат дека, како и со договорот за мигрантите со Турција, ЕУ треба да биде подготвена на компромис околу своите демократски идеали, во овој случај да замижи пред унгарските власти кои ја поткопуваат

**ВЛАДИТЕ НА ПОЛСКА И УНГАРИЈА СО ГОДИНИ ПРЕТСТАВУВААТ ФАКТОРИ НА НАРУШУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА ПОЛИТИКА, ЧЕСТОПАТИ КОРИСТЕЈЌИ ГО ПРАВОТО НА ВЕТО ЗА ДА ГИ ПОПРЕЧАТ КЛУЧНИТЕ ОДЛУКИ, АКО НЕ СЕ ИСПОЛНАТ НИВНИТЕ ИНТЕРЕСИ. ВО СЕКОЈА МОЖНА ПРИГОДА ОВИЕ АВТОРИТАРНИ ЛИДЕРИ ГО КОРИСТАТ СВОЕТО ВЕТО ЗА ДА ГИ ОДБРАНАТ ИНТЕРЕСИТЕ НА СВОЈАТА ПАРТИЈА, ЗА СМЕТКА НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ЕВРОПСКИ ИНТЕРЕСИ. ВАКВОТО ОПСТРУКТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ, ОСОБЕНО КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО И ДЕМОКРАТИЈАТА, ГО ИСТАКНУВА НЕПОЧИТУВАЊЕТО НА ОВИЕ АВТОРИТАРНИ ЛИДЕРИ КАКО КОН СВОИТЕ ГРАЃАНИ, ТАКА И КОН ИНТЕРЕСИТЕ НА ДРУГИТЕ ЕВРОПСКИ ГРАЃАНИ**

демократијата и владеењето на правото. Според оваа логика, олабавувањето на санкциите против Унгарија е релативно мала жртва за да се поддржи Украина.

Но, нашиот став е дека ЕУ мора да заземе порешителен став против владите коишто го поткопуваат владеењето на правото и демократијата. Во денешниот мултиполарен свет со сè понаметливи и непријателски расположени големи сили, ЕУ мора да создаде капацитет да дејствува решително и наменски кога се соочува со надворешни предизвици по нејзиниот политички поредок. Во овој геополитички контекст, ЕУ повеќе не може да си дозволи да биде зависна од владите на земјите-членки коишто ја користат моќта што ја имаат при носењето одлуки во ЕУ за да ги истуркаат сопствените интереси за сметка на општото добро.

Прилагодувањето кон назадувањето на владите во одредени земји-членки, кон авторитарност, ја поткопува отпорноста на ЕУ. Владите коишто назадуваат не само што претставуваат внатрешна закана по отпорноста на европскиот политички поредок, туку тие, исто така, намерно го поткопуваат капацитетот на ЕУ да дејствува решително во случај на неочекувани случувања на меѓународната сцена.

Оваа внатрешна закана за вредностите на ЕУ истовремено го еродира капацитетот за соочување со надворешни закани, па оттука, пристапот насочен кон изнаоѓање компромиси ќе ја ослаби отпорноста на ЕУ.

### Назадување на демократијата во Унгарија и Полска

Назадувањето на демократските вредности во Европа, за жал, не е неодамнешен феномен. Унгарија е особено екстремен пример. По брзата демократизација на крајот од Студената војна и, речиси, 20 години релативна демократска стабилност, Унгарија е изложена

на постојана деградација на демократските норми, повеќе од една деценија (види: Табела 1). Под водство на Владата на Фидес: на удар се најдоа медиумите, судството стана сè пополитизирано, а Владата прибегна кон употреба на извршни декрети за да ги заобиколи нормалните законодавни процеси. Покрај тоа, ресурсите на државата се распределени на начин што ги фаворизира политичките сојузници, што води кон длабоко вкоренет систем на корупција, по цена на благосостојбата и просперитетот на обичните Унгарци.

**Табела 1:** Резултати за Унгарија според различните индекси на демократија добиени преку користење на базата на податоци Ви-Дем (V-Dem).




Полска, исто така, бележи постојано влошување на демократијата и владеењето на правото откако партијата „Закон и правда“ одново ја презеде власта во 2015 година (види: Табела 2). Загрижувачки се постапките на Полската влада, предводена од „Закон и правда“ (ЗП/PiS) и лидерот на партијата, Јарослав Качињски. Со низа контроверзни судски реформи, на пример, Владата ја наруши независноста на судовите во земјата, им се дозволи на политичките лидери да вршат поголема контрола врз правосудниот систем, што, пак, доведе до широко распространета корупција. Ова доведе до застрашувачки ефекти – судските власти да не бараат повеќе одговорност од оние што се на власт за нивните постапки.

**Табела 2:** Резултати за Полска според различните индекси за демократија добиени со користење на базата на податоци Ви-Дем (V-Dem).




Со земји-членки како Унгарија и Полска, ЕУ повеќе не е унија на слободни демократии. Работите се толку лоши што Европскиот парламент неодамна заклучи дека Унгарија се преобразила во изборна автократија – сè уште се одржуваат избори, но правилата на игра се силно манипулирани во корист на Владата на Фидес. Иако изборите, можеби, сè уште се во голема мера слободни, во смисла дека граѓаните не се физички принудени да гласаат на одреден начин, сепак повеќе не може да се сметаат за правични и непристрасни.

## Ветото ја поткопува политичката сила на Европа

Како што беше илустрирано во воведниот пример, последиците од демократското назадување се штетни за делотворноста на ЕУ. Полската и Унгарската влада со години претставуваат фактори на нарушување на европската политика, честопати користејќи го правото на вето за да ги попречат клучните одлуки, освен ако не се исполнат нивните сопствени интереси. Во секоја можна пригода овие авторитарни лидери го користат своето вето за да ги одбранат интересите на својата партија за сметка на заедничките европски интереси. Ваквото опструктивно однесување, особено кога станува збор за прашања коишто се однесуваат на владеењето на правото

и демократијата, го истакнува непочитувањето на овие авторитарни лидери како на своите граѓани, така и на интересите на другите европски граѓани.

Иако некои може да тврдат дека тоа што Полска ја поддржува помошта што ЕУ ѝ ја дава на Украина е знак дека овие влади би биле на иста линија со ЕУ доколку стане неопходно, сепак не е јасно дали таквата поддршка се заснова врз заедничките европски интереси. Нашето гледиште е дека промената на насоката на Полска нема голема поврзаност со акцијата на ЕУ. Сметаме дека директната граница меѓу Полска со Русија има поголемо влијание дури и од најстрогите санкции на ЕУ. Полската влада се залага за сопствениот интерес, со тоа што тој интерес, во моментов, случајно се совпаѓа со заедничкиот интерес на ЕУ.

Во секој случај, односот на Унгарската влада покажува дека тоа не важи за сите земји-членки. Постигнувањето компромис со владите коишто ја поткопуваат демократијата и владеењето на правото може да понуди краткорочни решенија, но ја ослабува политичката сила на ЕУ и посветеноста на нејзините демократски идеали. Исполнувањето на условите поставени од Владата на Орбан не е одржлив пристап, на тој начин се поставува опасен преседан. Наместо тоа, ЕУ мора да заземе поцврст став против секоја земја-членка којашто ги поткопува демократските норми.

## Европско (не)дејствување против демократското назадување

И покрај широко распространетата загриженост за демократското назадување во земјите-членки на ЕУ, европските лидери се колебаат дали да преземат дејствие против популистичките влади. Многу често, тие избираат да ги игнорираат опасностите што ги поставуваат овие влади или, доколку презеле некакво дејствие, нивната реакција, честопати, била симболична или неефикасна.

Европската комисија беше особено бавна во одговорот на прашањето на падот на демократијата. Залудно беше потрошено значајно време и ресурси за неплоден „дијалог" со политичарите кои постапуваат со задни намери и за опсежно „следење" на ситуацијата. Дури во последните години, по една деценија демократска регресија, Комисијата конечно успеа малку да го намали финансирањето на ЕУ за Унгарија.

Европските шефови на држави и влади, исто така, бавно реагираа. Додека некои лидери го изразија своето противење, особено како одговор на нападите врз правата на ЛГБТИ+, повеќето ја следеа долгогодишната норма да не се мешаат во внатрешната политика на другите земји-членки. Иронијата е што Унгарската и Полската влада не се чувствуваат обврзани да возвратат со иста пракса. На пример, Орбан и Моравјецки (полскиот премиер) водеа кампања во прилог на екстремно десничарската партија Вокс заедно со Марин Ле Пен во Мадрид, во јануари 2022 година.

Во споредба со Комисијата и владите на земјите-членки, Европскиот парламент беше покритичен. Во 2018 година, европратеничката Џудит Саргентини напиша сеопфатен извештај за назадување на демократијата во Унгарија, којшто беше прифатен од две третини од Парламентот и, конечно, доведе до отворање на постапката од член 7 против Унгарија за кршење на основните вредности на ЕУ.

**И ПОКРАЈ ШИРОКО РАСПРОСТРАНЕТАТА ЗАГРИЖЕНОСТ ЗА ДЕМОКРАТСКОТО НАЗАДУВАЊЕ, ЕВРОПСКИТЕ ЛИДЕРИ СЕ КОЛЕБААТ ОКОЛУ ПРЕЗЕМАЊЕТО ДЕЈСТВИЈА ПРОТИВ ПОПУЛИСТИЧКИТЕ ВЛАДИ. МНОГУ ЧЕСТО ИЗБИРААТ ДА ГИ ИГНОРИРААТ ОПАСНОСТИТЕ, ИЛИ, ПАК, ДОКОЛКУ ИМААТ ПРЕЗЕМЕНО НЕКАКВА МЕРКА, РЕАКЦИЈАТА, ЧЕСТОПАТИ, Е СИМБОЛИЧНА ИЛИ НЕЕФИКАСНА. ОСОБЕНО БАВНА ПО ПРАШАЊЕТО НА ПАДОТ НА ДЕМОКРАТИЈАТА БЕШЕ ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА. ЗАЛУДНО БЕШЕ ПОТРОШЕНО ВРЕМЕ И РЕСУРСИ ЗА НЕПЛОДЕН „ДИЈАЛОГ“ СО ПОЛИТИЧАРИТЕ КОИ ПОСТАПУВААТ СО ЗАДНИ НАМЕРИ. ДУРИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ, ПО ЕДНА ДЕЦЕНИЈА ДЕМОКРАТСКА РЕГРЕСИЈА, ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА КОНЕЧНО УСПЕА МАЛКУ ДА ГИ НАМАЛИ ЕУ-ФОНДОВИТЕ ЗА УНГАРИЈА**

Сепак, не треба да се занемари како одредени чинители во Европскиот парламент го потпомогнаа демократскиот пад. До 2021 година, многу од критиките за Унгарија во Европскиот парламент беа пригушени бидејќи Унгарската влада беше сигурна во поддршката од мнозинството демохристијани во Европската народна партија (ЕНП/EPP). На пример, „Извештајот Таварес“ од 2013 година, во којшто се наведува деградацијата на основните права во Унгарија, беше отфрлен од мнозинството членови на ЕНП. Па, дури и по усвојувањето на извештајот на Саргентини, раководството на ЕНП се спротивстави на повиците за исклучување на Фидес од Партијата, наместо тоа избирајќи суспензија.

Пасивноста и неактивноста на институциите на ЕУ соочени со

демократскиот пад ги охрабри потенцијалните авторитарни лидери да продолжат со офанзивата врз демократските норми. Тие се свесни дека можат неказнето да дејствуваат и дека никој нема да ги стави нивните постапки под знак прашање. Понатаму, неуспехот на ЕУ да се справи со падот на демократијата и владеењето на правото во Унгарија и Полска испраќа порака до останатите надежни авторитарни лидери дека можат да дејствуваат на сличен начин, без последици.

**Европската Унија мора да престане да лае и да почне да каса**

Време е ЕУ да ја зајакне својата отпорност преку спроведување на строги мерки за заштита на демократијата во рамките на своите граници. Императив е ЕУ да преземе решителна акција за да спречи натамошна ерозија на демократијата во: Унгарија, Полска и било која друга земја-членка којашто во иднина би ги прекршила демократските норми. Природата на авторитарната влада е таква што со текот на времето таа станува сè посилно вкоренета во општеството, заради што натамошното разводнување, или одложување на дејствувањето, ќе има исклучително висока цена.

Европската Унија мора да ги разгледа сите средства во согласност со демократските вредности за да се справи со актуелната закана за демократијата. Познатите инструменти, како што се санкциите заради повреда на правата и условената распределба на финансиски средства од ЕУ, се неопходни, но недоволни. ЕУ, исто така, мора да биде проактивна во изготвувањето нови политики коишто би ги поддржале продемократските сили во земјите-членки коишто назадуваат во однос на демократските норми и коишто се спротивставуваат на влијанието на авторитарните лидери. За таа цел, ЕУ мора да ја покаже својата посветеност кон демократијата преку обезбедување вистинска поддршка на: независните судии, опозициските политичари, критички настроените медиуми, академиците и другите чинители на граѓанското општество. Нормата на немешање во внатрешната политика не треба да важи кога станува збор за демократско назадување. ЕУ и нејзините демократски земји-членки мора да бидат партизани во борбата за слобода и демократија во Европа.

Доколку земјите-членки дегенерираат до степен на изборни автократии, ЕУ треба да преземе порадикални мерки. Првиот чекор би бил да се изолираат овие држави од одлучувањето во

ЕУ, па затоа треба да се ревидира членот 7 за да се поведе сметка дека Полска и Унгарија повеќе не можат меѓусебно да се штитат. Дури и исклучувањето од ЕУ не треба да се отфрли како мерка во краен случај. Некои може ќе приговараат дека не постои договорен механизам за исклучување на земја-членка од ЕУ, но во радикални околности е оправдано да се преземат радикални дејствија. Демократските држави може колективно да се повикаат на членот 50 и одново да ја основаат ЕУ 2.0 без авторитарни држави.

### Во одбрана на заедничките вредности и европската безбедност

Бавното изникнување на авторитарни земји-членки претставува егзистенцијален ризик за демократската унија на Европа и нејзината способност да дејствува решително; една отпорна ЕУ мора да биде способна да ги штити своите заеднички вредности, како што се демократијата и владеењето на правото. Сите граѓани на ЕУ имаат право да живеат во слободно и демократско општество, затоа е императив да се преземат решителни и жестоки мерки против авторитарните режими. Ова ќе послужи како јасна порака до сите чинители дека ерозијата на демократијата и човековите права нема да се толерира. Со тоа не само што ќе се заштитат вредностите и принципите на ЕУ, туку и ќе им се влее надеж на граѓаните на ЕУ кои сега се борат за овие права и слободи.

Покрај тоа, авторитарните лидери не се опасност само за своите граѓани, туку и за граѓаните на другите земји-членки. Тие го намалуваат капацитетот на ЕУ наменски да дејствува во клучните области на политиката. Денес тоа

**ДОКОЛКУ ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ ДЕГЕНЕРИРААТ ДО СТЕПЕН НА ИЗБОРНИ АВТОКРАТИИ, ЕУ ТРЕБА ДА ПРЕЗЕМЕ ПОРАДИКАЛНИ МЕРКИ. ПРВИОТ ЧЕКОР БИ БИЛ ДА СЕ ИЗОЛИРААТ ОВИЕ ДРЖАВИ ОД ПРОЦЕСИТЕ НА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ЕУ, ОДНОСНО ДА СЕ РЕВИДИРА ЧЛЕНОТ 7 ЗА ДА СЕ ПОВЕДЕ СМЕТКА ПОЛСКА И УНГАРИЈА ПОВЕЌЕ ДА НЕ МОЖАТ МЕЃУСЕБНО ДА СЕ ШТИТАТ. ДУРИ И ИСКЛУЧУВАЊЕТО ОД ЕУ НЕ ТРЕБА ДА СЕ ОТФРЛИ КАКО МЕРКА ВО КРАЕН СЛУЧАЈ. НЕКОИ МОЖЕ ЌЕ ПРИГОВАРААТ ДЕКА НЕ ПОСТОИ ДОГОВОРЕН МЕХАНИЗАМ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЗЕМЈА-ЧЛЕНКА ОД ЕУ, НО ВО РАДИКАЛНИ ОКОЛНОСТИ Е ОПРАВДАНО ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ РАДИКАЛНИ ДЕЈСТВИЈА. ДЕМОКРАТСКИТЕ ДРЖАВИ МОЖЕ КОЛЕКТИВНО ДА СЕ ПОВИКААТ НА ЧЛЕНОТ 50 И ОДНОВО ДА ЈА ОСНОВААТ ЕУ 2.0 БЕЗ АВТОРИТАРНИ ДРЖАВИ**

**АВТОРИТАРНИТЕ ЛИДЕРИ СЕ ОПАСНОСТ НЕ САМО ЗА СВОИТЕ ГРАЃАНИ, ТУКУ И ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ДРУГИТЕ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ. ТИЕ ГО НАМАЛУВААТ КАПАЦИТЕТОТ НА ЕУ НАМЕНСКИ ДА ДЕЈСТВУВА ВО КЛУЧНИТЕ ОБЛАСТИ НА ПОЛИТИКАТА. ДЕНЕС ТОА Е ВОЈНАТА ВО УКРАИНА, УТРЕ МОЖЕ ДА БИДЕ КРАХ НА БЕРЗАТА ИЛИ ПРИРОДНА КАТАСТРОФА. ВАКВИТЕ ВРЕМИЊА БАРААТ РЕШИТЕЛНО ДЕЈСТВУВАЊЕ ОД СТРАНА НА ЕУ, НО ВЛАДИТЕ НА ПОЛСКА И УНГАРИЈА ПОКАЖАА ДЕКА СЕ ПОДГОТВЕНИ ДА ЈА ИСКОРИСТАТ КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАЕДНИЧКИОТ ИНТЕРЕС НА ЕВРОПЕЈЦИТЕ ЗА ДА ГИ УНАПРЕДАТ СВОИТЕ ПОЛИТИЧКИ АГЕНДИ**

е војната во Украина, утре може да биде крах на берзата или природна катастрофа. Ваквите времиња бараат решително дејствување од страна на ЕУ, но владите на Полска и Унгарија покажаа дека се подготвени да ја искористат колективната безбедност и заедничкиот интерес на Европејците за да ги унапредат своите политички агенди.

За ЕУ да игра значајна улога на светската сцена мора да заземе поцврст став против автократските влади во Европа. Ова може да подразбира: употреба на санкции, активна поддршка за продемократските сили, изолација, па дури и исклучување. Се разбира, европските лидери кога носат одлуки мора да ги измерат и другите вредности, интересите, да ги земат предвид практичните околности. Но, сепак, неуспехот да се сузбијат антидемократските сили во ЕУ би чинел многу скапо. Отпорна ЕУ мора да биде способна да ја земе судбината во свои раце за да ги заштити безбедноста и вредностите на своите граѓани, како од внатрешни, така и од надворешни закани.

*(Јан Питер Бец /Jan Pieter Beetz/ е доцент по политичка теорија и европска интеграција на Факултетот за управување на Универзитетот во Утрехт. Работи на истражувања за политичкиот авторитет на либералните демократии, за демократските предизвици со коишто се соочува европската интеграција и за демократските оправдувања на административната моќ.*

*Том Теунс /Tom Theuns/ е доцент по политичка теорија и европска политика на Институтот за политички науки на Универзитетот Лајден и вонреден истражувач на „Сајнсес По“ /Sciences Po/ во Париз. Во 2021 година го започнал четиригодишниот истражувачки проект: „Заштита на демократијата во Европа“, финансиран од НВО /NWO/.)*



# ДЕМОКРАТИЈАТА ДА ИЗНЕНАДУВА ПРЕКУ СОЈУЗ НА УМЕРЕНИТЕ, НЕ ДА СЕ КОНСОЛИДИРА

ЗОРАН ЗАЕВ

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЌЕ ВТОРА ГОДИНА Е ВО ГРУПАТА ДЕМОКРАТСКИ ЗЕМЈИ И ТОА Е ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ДОКОЛКУ СЕ ЗНАЕ ДЕКА ЗЕМЈАТА ОД 2016 ГОДИНА БЕШЕ ЗАГЛАВЕНА ВО ГРУПАТА „ХИБРИДНИ РЕЖИМИ“, КАДЕ ШТО ЈА СМЕСТИЈА ПОРАНЕШНИОТ ПРЕМИЕР НИКОЛА ГРУЕВСКИ И НЕГОВАТА ПАРТИЈА ВМРО-ДПМНЕ, КОГА ЗЕМЈАТА БЕШЕ ПРЕПОЗНАВАНА КАКО „ЗАРОБЕНА ДРЖАВА“. СО ОВАА МОЈА АНАЛИЗА ЈАС ПОВИКУВАМ ДА НЕГУВАМЕ УСЛОВИ ЗА ОТПОРНА, ОДНОСНО РЕЗИЛИЕНТНА ДЕМОКРАТИЈА, КАКО ПРОТИВТЕЖА НА АВТОРИТАРНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ, РЕАЛНА ПОТРЕБА И СИЛНА НАДЕЖ И ОПТИМИЗАМ ДЕКА, НАСПРОТИ СИТЕ ЗАКАНИ, ДЕМОКРАТИЈАТА ЌЕ ПРЕОВЛАДЕЕ**

Само еден ден пред почетокот на воената инвазија на Русија врз Украина, на 23 февруари 2022 година, Фондацијата„Бертелсман“ го објави *Индексот на трансформацијата на општествата* и констатираше дека за првпат од 2004 година, од кога се спроведува ова истражување, на листата имаше повеќе автократски управувани држави отколку демократии. Помеѓу 137-те земји коишто беа вклучени во формирањето на индексот, 67 беа констатирани како демократии, додека бројот на автократии се искачи на 70.

Во 2022 година индексот беше објавен во период кога светот полека почнуваше да се извлекува од кризата со Ковид-19, па оттаму, аналитичарите на резултатите од овој показател што ги мери: политичките, економските и трендовите на доброто владеење, констатираа надолни трендови по сите критериуми.

Сепак, анализата констатира и нагласен ангажман на граѓанското општество во земјите опфатени во истражувањето, што покажа зрак надеж наспроти предупредувањата за падот на демократските стандарди.

Слична е состојбата и според *Индексот на демократијата за 2022 година* на „Економист“, како во однос на реалната состојба, така и во однос на оптимизмот дека има проблесоци на надеж дека демократијата ќе се држи отпорна и еластична и ќе напредува на фронтот, наспроти автократските режими. Според овој индекс, 72 од 167 земји, или 43,1 % од вкупниот број, може да се сметаат за демократии. Бројот на „целосни демократии“ се зголемил на 24 во 2022 година, а бројот на „демократии со недостатоци“ (flawed democracies) изнесува 48.

Преостанатите 95 земји во *Индексот на демократијата* на „Економист“ спаѓаат во категориите „хибридни режими“ – 36, а како „авторитарни режими“ се оценети 59 држави.

Република Северна Македонија веќе втора година е во групата демократски земји и тоа е за одбележување доколку се знае дека земјата од 2016 година беше заглавена во групата „хибридни режими“, каде што ја сместија поранешниот премиер Никола Груевски и неговата партија ВМРО-ДПМНЕ, кога земјата беше препознавана како „заробена држава“.

Со оваа моја анализа јас повикувам да негуваме услови за отпорна, односно резилиентна демократија, како противтежа на авторитарните тенденции, реална потреба и силна надеж и оптимизам дека, наспроти сите закани, демократијата ќе преовладее. Дека оваа надеж не е неоснована говорат и наодите на истражувањето на Институтот „Тони Блер“ објавено на почетокот од јануари годинава. Тоа констатира најмал број на популистички лидери во светот во последните 20 години, како и намалување на вкупното население коешто живее во популистички режими од 2.5, на 1.7 милијарди жители, од вкупно 8 милијарди жители во светот. Овие тенденции се должат, пред сè, на падот на автократските лидерства во: САД, Бразил, Словенија, Филипини и Шри Ланка. Тоа фрли зрак светлина што треба да се искористи како мотивација, но никако не смее да се разбере како некаков пресврт, ниту, пак, спокојно да се набљудува.

Двете глобални кризни ситуации – пандемијата и руската инвазија, што повлекоа и други сериозни последици и закани, како што се: глобалната криза со храна, енергетската и финансиската криза, предизвикаа состојба на несигурност која од глобален аспект се префрли и во национални рамки, а во поголема или помала мерка зафати огромен број земји.

Длабоките кризни ситуации со коишто се соочи светот на сцена ги врати притаените сили на авторитарната матрица. Се забележаа тенденции на ограничување на слободите и човековите права, манифестации на злоупотреба на политичката или економската моќ, а земјите коишто и претходно беа препознавани како автократии, дополнително го засилија авторитарното владеење под изговор и оправдување дека: „кризните времиња бараат кризно управување".

Овие закани по демократијата најчесто се поттикнати од политичките елити кои во такви, кризни услови, се фокусираат на обезбедување на сопствената политичка и економска моќ за сметка на општествениот развој.

На овие трендови укажуваат голем број последици, вклучително и широко распространетата ерозија на владеењето на правото и граѓанските слободи, растечката економска нееднаквост и зголемениот неуспех на владите ширум светот во потрагата по широк консензус за заедничка согласност за одговор на овие предизвици.

Ние сме исправени пред, можеби, најголемиот предизвик изминативе децении, да ги најдеме и спроведеме постапките што ќе влијаат демократското население да остане силно мотивирано за одбрана на слободите. Но, и да ги вбризгаме фактите низ нашите општества со единствена цел – да ја зголемиме имунолошката отпорност на демократијата.

## Антидемократските тенденции – закана за мултилатерализмот и колективните заедници

Авторитарните сили ги искористија кризните ситуации со коишто се соочи и се соочува светот, како и последиците и кризите коишто следат на билатерален план меѓу одделни држави, за да наметнат сомнеж во однос на целисходноста на мултилатералните организации и колективните политички сојузи, како што се: ОН, ОБСЕ, ЕУ, НАТО и други организации и заедници.

Сепак, може да се каже дека тие интенции не ги дадоа очекуваните резултати за застапниците на овие сомнежи во меѓународните институции. Во однос на Европската Унија, на пример, неколкуте егзистенцијални кризни ситуации, како: финансиската криза во 2008 година, бранот популизам, Брегзит, па Ковид-19 кризата и актуелната со војната во Украина, воопшто не го доведоа во прашање нејзи-

ното постоење и функционалност. Напротив, ЕУ успева да ги совлада сите противречности коишто произлегуваат од одделните интереси на нејзините земји-членки коишто и во вакви исклучително кризни времиња, кога е очекувано секогаш да ги имаат пред себе националните државни интереси и интересите на своите граѓани, успеа да одржи едно неопходно ниво на консензус и колективна солидарност за прашања коишто се од пресудна важност за иднината на Европската Унија. Особено е важно што ЕУ успева низ кризата да го врати како приоритетно прашањето на проширувањето.

**АВТОРИТАРНИТЕ СИЛИ ГИ ИСКОРИСТИЈА КРИЗНИТЕ СИТУАЦИИ СО КОИШТО СЕ СООЧУВА СВЕТОТ, КАКО И ПОСЛЕДИЦИТЕ И КРИЗИТЕ ШТО СЛЕДАТ НА БИЛАТЕРАЛЕН ПЛАН МЕЃУ ОДДЕЛНИ ДРЖАВИ, ЗА ДА НАМЕТНАТ СОМНЕЖ ВО ОДНОС НА ЦЕЛИСХОДНОСТА НА МУЛТИЛАТЕРАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И КОЛЕКТИВНИТЕ ПОЛИТИЧКИ СОЈУЗИ, КАКО: ОН, ОБСЕ, ЕУ И НАТО. НО, ЕУ УСПЕВА ДА ГИ СОВЛАДА СИТЕ ПРОТИВРЕЧНОСТИ КОИШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ОДДЕЛНИТЕ ИНТЕРЕСИ НА НЕЈЗИНИТЕ ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ КОИШТО ВО ВАКВИ, ИСКЛУЧИТЕЛНО КРИЗНИ ВРЕМИЊА ОЧЕКУВАНО Е ДА ГИ ИМААТ ПРЕД СЕБЕ НАЦИОНАЛНИТЕ ДРЖАВНИ ИНТЕРЕСИ И ИНТЕРЕСИТЕ НА СВОИТЕ ГРАЃАНИ. ЕВРОПСКАТА УНИЈА УСПЕА ДА ОДРЖИ НЕОПХОДНО НИВО НА КОНСЕНЗУС И КОЛЕКТИВНА СОЛИДАРНОСТ ЗА ВАЖНИТЕ ПРАШАЊА. ОСОБЕНО Е ВАЖНО ШТО ЕУ УСПЕВА НИЗ КРИЗАТА ДА ГО ВРАТИ КАКО ПРИОРИТЕТНО ПРАШАЊЕТО НА ПРОШИРУВАЊЕТО**

Уверен сум дека европските раководства, гледајќи ја мапата на Европа денес, разбираат дека одлагањето на проширувањето со земјите од Западен Балкан ја прави оваа паневропска интеграција нецелосна и тоа создава сериозна „пукнатина“ за влијанија на трети страни со опасни ризици за безбедноста во срцето на Европа.

Војната во Украина пред ЕУ уште еднаш со сета своја тежина го постави прашањето за нејзините граници како егзистенцијално прашање. Од една страна изразената политичка подготвеност да ги отвори преговорите за членство со: Украина, Молдавија и Грузија, е разбирливо од аспект на тековните воени активности на нејзините источни граници, но истовремено, беше неразбирливо одлагањето на проширувањето со земјите од Западен Балкан, особено со оние за коишто Брисел утврди дека ги исполнуваат критериумите за почеток на преговорите.

За среќа, кога станува збор за Северна Македонија, стартната скрининг фаза од преговорите веќе започна и сега е прашање на политичка подготвеност на Брисел да го одржи темпото, со тоа што активно ќе придонесе да се надминат сериозните недоразбирања со Бугарија.

### Умерените мора да се здружат наспроти радикалите

Кога станува збор за неопходноста од создавање и негување резилиентни демократии и општества, Северна Македонија може да биде пример за студија на случај.

Денес, Северна Македонија е рамноправен дел од најмоќниот сојуз во светот, членка е на НАТО, а ги отвори и преговорите за членство во Европската Унија.

Овие две стратешки цели на државата немаше да бидат остварени, или во фаза на остварување, кога е во прашање ЕУ, ако општеството не го исполнеше основниот критериум за членство во овие колективни заедници – соодветното ниво на демократија. А таа, до 2016 година, беше во сериозно опаѓање, со тенденција земјата да заглави во прегратките на тоталитаризмот.

Сепак, покажавме дека демократијата може да преовлада и дека е можно да се направи и таква промена.

Од „заробена држава", станавме современ пример којшто сите го нарекуваа успешна приказна. Од држава со авторитарни тенденции, со скратена или никаква слобода на изразување и лимитирани медиумски слободи, нашата демократија се консолидираше и унапредуваше, така што окупираното општество го трансформиравме во општествена заедница којашто создава и извезува нови демократски вредности.

Ја реставриравме демократијата и демократските институции, а потоа започнавме процес за да им ставиме крај на повеќегодишните разлики коишто издигнаа ѕид којшто ги отежнуваше пријателските односи со нашите соседи. Со децении претходно режимот од 2006 до 2016 година нив ги игнорираше, бидејќи на авторитарните режими секогаш им одговара да создаваат непријатели за да бидат затворени.

Со силен притисок и во коалиција со огромното мнозинство од граѓаните, демократијата преовлада низ демократски избори, низ институциите, ја вративме демократијата таму од каде што беше киднапирана и на светот му дадовме една возобновена демократска Македонија и нов Балкан. Европски. Балкан којшто покажува намери и капацитет да биде: слободен, поврзан, еднакво вреден и еднакво важен дел од напредниот свет. Во времиња на: големи глобални и идеолошки пресврти, радикализации и неизвесност, ние испорачуваме решенија и мир.

Пресвртната точка за Северна Македонија и нејзината нова улога во регионот беше Договорот од Преспа, со којшто со Република

**УВЕРЕН СУМ ДЕКА ЕВРОПСКИТЕ РАКОВОДСТВА, ГЛЕДАЈЌИ ЈА МАПАТА НА ЕВРОПА ДЕНЕС, РАЗБИРААТ ДЕКА ОДЛАГАЊЕТО НА ПРОШИРУВАЊЕТО СО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ЈА ПРАВИ ОВАА ПАНЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА НЕЦЕЛОСНА И ТОА СОЗДАВА СЕРИОЗНА „ПУКНАТИНА" ЗА ВЛИЈАНИЈА НА ТРЕТИ СТРАНИ СО ОПАСНИ РИЗИЦИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА ВО СРЦЕТО НА ЕВРОПА. ВОЈНАТА ВО УКРАИНА ПРЕД ЕУ УШТЕ ЕДНАШ СО СЕТА СВОЈА ТЕЖИНА ГО ПОСТАВИ ПРАШАЊЕТО ЗА НЕЈЗИНИТЕ ГРАНИЦИ КАКО ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛНО ПРАШАЊЕ. ОД ЕДНА СТРАНА Е РАЗБИРЛИВА ПОЛИТИЧКАТА ПОДГОТВЕНОСТ ДА ГИ ОТВОРИ ПРЕГОВОРИТЕ ЗА ЧЛЕНСТВО СО: УКРАИНА, МОЛДАВИЈА И ГРУЗИЈА, НО ОД ДРУГА СТРАНА БЕШЕ НЕРАЗБИРЛИВО ОДЛАГАЊЕТО НА ПРОШИРУВАЊЕТО СО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, ОСОБЕНО СО ТИЕ ШТО ГИ ИСПОЛНУВААТ КРИТЕРИУМИТЕ. ЗА СРЕЌА, СО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЌЕ ЗАПОЧНА СТАРТНАТА СКРИНИНГ ФАЗА ОД ПРЕГОВОРИТЕ, СЕГА Е ПРАШАЊЕ НА ПОЛИТИЧКА ПОДГОТВЕНОСТ НА БРИСЕЛ ДА ГО ОДРЖИ ТЕМПОТО, СО ТОА ШТО АКТИВНО ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ДА СЕ НАДМИНАТ СЕРИОЗНИТЕ НЕДОРАЗБИРАЊА СО БУГАРИЈА**

Грција го решивме тридеценискиот спор. Тој Договор уште еднаш потврди дека само прогресивните, демократски ориентирани политички елити се доволно храбри и имаат силна политичка волја да решаваат и најсложени прашања или недоразбирања.

Договорот од Преспа беше движечка сила за нови иницијативи коишто дотогаш не беше можно да се реализираат. Денес, регионалната соработка и иницијативите како Отворен Балкан се темелите и засилувачите на новите социо-економски перспективи, бидејќи почиваат врз дијалог и меѓусебна поддршка. Бидејќи се во суштината на демократијата и либерализмот, односно се директни противници на радикализмот и на авторитарните, самодоволни режими.

Токму затоа, иницијативите за соработка и поврзување, како што е Отворен Балкан, имаа, и имаат противници меѓу националистите и автократите. Но, ова е време на борба на умерените со радикалите и колку порано умерените леви и десни лидерства и граѓанства се запознаат, се здружат и сојузат, толку поскоро и полесно ќе си го спасиме Балканот од искрите национализам коишто, на моменти, ја прекриваат дури и Преспа со непријатен чад и мирис. Имаме одговорност да повикуваме на здружено делување, ние умерените левичари и десничари, заедно да се спротивставиме на радикалните центри и тенденции коишто од лево и десно се спојуваат зад нашиот видокруг, користејќи најопасни методи за манипулации, предизвикувајќи конфликт и судир, не нудејќи никакви решенија за напредок.

**Да ја издигнеме довербата во институциите**

Во борбата меѓу авторитарните тенденции и демократијата, исклучително значаен фактор се демократските институции. Од изборните комисии, до високите судови, од локалните власти, до националните институции за човекови права, од медиумските регулаторни тела, до антикорупциските ентитети... Сите овие демократски структури треба да се одржуваат во духот на демократијата и постојано да се зајакнуваат. Најважните „состојки" на демократските институции се: транспарентноста, независноста и услужноста. Само како такви тие ќе ја обноват или задржат довербата на граѓаните.

Независните институции коишто го почитуваат владеењето на правото и интересот на граѓаните играат клучна улога во обезбедувањето основа за силни и отпорни демократии.

Во таа насока, она што треба да биде континуитет се: политичката и финансиската поддршка, учеството на јавноста во креирањето на политиките за работа на демократските институции, затоа што тие произлегуваат од граѓаните и треба да им бидат сервис на граѓаните.

Слободата на медиумите и граѓанското образование треба да бидат, и да останат во врвните приоритети кога станува збор за инвестиции во овие столбови на демократијата и во нивното промовирање како темелни потпори врз коишто се издигнува слободното и демократско општество.

**МОЕТО ИСКУСТВО МИ ПОКАЖА ДЕКА СЕКОГАШ ЌЕ ИМА ПРЕЧКИ И ЛУЃЕ КОИ ВО ИМЕ НА МОЌТА ЌЕ СТАВААТ КЛИНОВИ ВО ТРКАЛАТА НА: ДЕМОКРАТИЈАТА, ПРАВДАТА И ЕДНАКВОСТА. ЗАТОА, ОД ВИТАЛНО ЗНАЧЕЊЕ СЕ НАШИТЕ ЗАЕДНИЧКИ И ПРИНЦИПИЕЛНИ НАПОРИ ДА ИСТРАЕМЕ ВО НАШАТА ПОСВЕТЕНОСТ КОН ДЕМОКРАТИЈАТА, ВО ИМЕ НА ДОСТОИНСТВОТО И ЕДНАКВОСТА ЗА СИТЕ. ДЕМОКРАТИЈАТА НЕ Е ЕДНАШ ЗАСЕКОГАШ ДАДЕНА И НЕМА КРАЈНА ДЕСТИНАЦИЈА ИЛИ КОНЕЧНО ДОСТИГНАТО РАМНИШТЕ. НА ДЕМОКРАТИЈАТА ТРЕБА ДА Ѝ ОБЕЗБЕДИМЕ КОНТИНУИРАН РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ**

Бидејќи недемократските, авторитарни режими се плашат од нив, секоја демократски ориентирана власт ја има одговорноста да ги промовира и заштитува слободата на изразување, вклучително и слободата на медиумите.

Тоа, заедно со сопствената транспарентност и одговорност за добро владеење се основни алатки за справување со: дезинформациите, поларизацијата и говорот на омраза, затоа што тие се основното оружје за сеење страв и за воспоставување контрола врз јавното мислење.

Недостигот на доверба во институциите обезбедува плодна почва за популистичките лидери и движења, коишто ја користат можноста да ја префрлат целата вина на „демократијата и човековите права“.

### Демократијата ќе преовлада

Да, живееме во предизвикувачки времиња. Но, моето искуство ми покажа дека секогаш ќе има пречки и луѓе кои во име на моќта ќе ставаат клинови во тркалата: на демократијата, на правдата, на еднаквоста.

Затоа, од витално значење се нашите заеднички и принципиелни напори да истраеме во нашата посветеност кон демократијата, во име на достоинството и еднаквоста за сите.

Демократијата не е еднаш засекогаш дадена и нема крајна дестинација или конечно достигнато рамниште. На демократијата треба да ѝ обезбедиме континуиран развој и унапредување.

Оттука, за мене е прашање дали постои „консолидирана демократија“, бидејќи ако остане таква, ѝ ја одземаме нејзината суштина, а тоа е нејзината внатрешна динамика за постојан развој. Демократијата треба да изненадува со нови идеи, да ги користи мејнстрим институциите за да допре до што повеќе граѓани со своите бенефити, да изненадува со нови слободи коишто ќе им се допаднат на општествата, а не да се консолидира со наведната глава пред нападите од радикализмот. Има бројни примери, а Северна Македонија е еден од нив. Преку здружување на различните, демократијата може да надвладее над монолитните радикали.

*(Зоран Заев е економист и стопанственик, кој во два наврати беше премиер на Република Северна Македонија, во периодот јуни 2017 – јануари 2020 и август 2020 – јануари 2022 година. Претходно беше градоначалник на Општина Струмица, пратеник во Собранието и претседател на СДСМ. Во 2015 година Заев ја обелодени големата афера со прислушување на илјадници телефонски разговори снимани од тајните служби за време на Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Тој е еден од преговарачите со грчките власти за постигнување на Договорот од Преспа (2017 година) за надминување на деценискиот спор со Грција.)*



# ДЕМОКТАТИЈАТА НА КРСТОПАТ, БЕЗБЕДНОСТА ВО ПРЕДИЗВИК

НИКОЛА ДУЈОВСКИ

**ВО СРБИЈА СЕ СМЕТА ДЕКА ДУРИ 80 % ОД НАСЕЛЕНИЕТО ЈА ОПРАВДУВА ВОЕНАТА АГРЕСИЈА НА РУСИЈА ВРЗ УКРАИНА (ИАКО НЕМА НЕЗАВИСНА ПОТВРДА, СЕ СМЕТА ДЕКА ОВОЈ ПРОЦЕНТ ВО РУСИЈА ИЗНЕСУВА ОКОЛУ 70 %). ВО БУГАРИЈА, ЗЕМЈА-ЧЛЕНКА НА ЕУ И НАТО, НАСЕЛЕНИЕТО Е ПОДЕЛЕНО ВО ОДНОС НА ПРАШАЊЕТО НА ВОЈНАТА ВО УКРАИНА. СПОРЕД ИЗЈАВИТЕ НА ДЕЛ ОД РАКОВОДСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА БУГАРИЈА, НО И НА ЛИДЕРИТЕ НА НЕКОЛКУ ДРУГИ ПАРТИИ, ЈАСНО Е ДЕКА НИВНИТЕ СТАВОВИ СЕ ЕКСТРЕМНО ПРОРУСКИ И ГИ ПОТКОПУВААТ ИНТЕРЕСИТЕ НА САМАТА ДРЖАВА, НО И НА ЕУ И САД И ВО БУГАРИЈА И ВО РЕГИОНОТ. АКО ВО ПРВАТА ГОДИНА ОД ВОЈНАТА ОКОЛУ 50 % БУГАРИ ЈА НЕГУВАА ТРАДИЦИОНАЛНАТА „СИМПАТИЈА“ КОН РУСИЈА И РУСКАТА ПОЛИТИКА, СЕГА ТОЈ ПРОЦЕНТ СЕ ДВИЖИ ПОМЕЃУ 57 % И 60 %.**

Руската агресија врз Украина донесе бројни предизвици за иднината на човештвото, кои директно ги чувствуваат граѓаните на Украина, а индиректно сите држави на европскиот континент, особено земјите во регионот на Западен Балкан. Стравот од неизвесната: политичка, економска, безбедносна иднина е голем, а грижата за развојот на демократијата е видлива во секој сегмент на општественото живеење. За жал, се создава впечаток дека во многу земји (особено во регионот, но и во некои земји-членки на Европската Унија и НАТО) основната политичка борба се сведува на политички партии коишто се про-ЕУ и НАТО ориентирани и политички партии коишто се под силно влијание и ги исполнуваат стратешките интереси на Руската Федерација. Впрочем, забавувањето, или блокирањето на евроинтеграциските процеси за сите земји-кандидати за членство во ЕУ од Западен Балкан и источното соседство, е како резултат на „меката моќ“ што во политиката ја

применуваат дел од земјите-членки на ЕУ и директно политиката на Москва.

Како резултат на воените дејствија, цела Европа се соочи со предизвици за: снабдување со енергенси, со основни прехранбени производи, со висока стапка на инфлација (којашто не е забележана од завршувањето на Втората светска војна, па дури ни во време на големите економски кризи), со зголемување на бројот на невработени лица и, секако, со многу отворени прашања за развојот на демократијата, особено со почитувањето на човековите права, како: слободата на говорот, слободата на здружувањето, итн.

### Поддршка за Русија на Балканот

Постојат фрапантни податоци дека во Србија, на пример, дури 80 % од населението ја оправдува воената агресија на Русија врз Украина (иако нема независни извори коишто тоа може да го потврдат, процентот на поддршка којашто руските граѓани ја даваат на, таканаречената, „специјална воена операција во Украина", не е поголем од 70 %). Во Бугарија, земја-членка на ЕУ и НАТО, населението е поделено во однос на прашањето на војната во Украина. Според изјавите на дел од раководството на Социјалистичката партија на Бугарија, но и на лидерите на неколку други партии во таа држава, може јасно да се забележи дека нивните ставови се екстремно проруски и ги поткопуваат интересите на самата држава, но и на ЕУ и САД и во Бугарија и во регионот. Истите податоци може да се забележат и кај населението. Традиционалната „симпатија" на Бугарите кон Русија и руската политика уште повеќе се засили во првата година од војната, па ако лани во март можеше да се забележи дека 50 % од Бугарите ја поддржуваат интервенцијата во Украина, сега тој процент се движи меѓу 57 % и 60 %.

За разлика од овие соседни држави, во Северна Македонија перцепцијата за војната во Украина може да се анализира и низ призмата на етничката, односно националната припадност. Па така, според, речиси, сите спроведени анкети во изминатата година, бројот на Македонци коишто ја поддржуваат Русија во војната во Украина изнесува 27 %, а бројот на Албанци коишто ја поддржуваат Русија е 10%. Кога станува збор, пак, за поддршката за Украина, кај Македонците таа изнесува 18 %, а кај Албанците 47 %. Сепак, најго-

лемиот дел од граѓаните во нашата држава не ја поддржуваат војната и не сакаат да се определат за ниту една страна.

### Хибридни закани, вознемиреност во училиштата

Војната со себе донесе и бројни други предизвици. Многу земји, меѓу кои, за жал, и нашата, се соочени со силна хибридна закана, постојани дојави за поставени бомби во: училишта, други јавни објекти, трговски центри, итн. Веќе има информации дека дел од можните испраќачи на овие лажни закани се регистрирани во Русија и во Иран, а имаше и неколку апсења на лица за кои МВР утврди дека ги испратиле лажните дојави од територијата на нашата држава. Да се потсетиме, од почетокот на октомври 2022 година, па сѐ до почетокот на март 2023 година, во Северна Македонија беа регистрирани 862 лажни дојави за поставени бомби (најголем дел во средните и основните училишта на територијата на градот Скопје), од кои повеќе од 500 дојави само во февруари 2023 година. Иако и другите земји: Србија, Хрватска, Црна Гора, Албанија, Романија, Бугарија, па дури и некои западноевропски земји, Канада, Австралија, Нов Зеланд и САД, не останаа имуни на овие закани, се создаде впечаток, а реалните бројки тоа и го потврдуваат, дека Северна Македонија беше најсилно изложена на овие хибридни напади. Доволно е да се направи паралела меѓу стравот во кој живееја Украинците, кои во периодот 2015-2018 година беа, речиси, секојдневно изложени на вакви хибридни закани, за да се забележи за колку сериозно прашање станува збор и колку навистина е реално (или нереално) да бидат откриени и изведени пред лицето на правдата сторителите на овие, навистина, тешки кривични дела.

**ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА ВОЈНАТА ВО УКРАИНА МОЖЕ ДА СЕ АНАЛИЗИРА И НИЗ ПРИМАТА НА ЕТНИЧКАТА, ОДНОСНО НАЦИОНАЛНАТА ПРИПАДНОСТ. ПА ТАКА, СПОРЕД, РЕЧИСИ, СИТЕ СПРОВЕДЕНИ АНКЕТИ ВО ИЗМИНАТАТА ГОДИНА, БРОЈОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ КОИ ЈА ПОДДРЖУВААТ РУСИЈА ВО ВОЈНАТА ВО УКРАИНА ИЗНЕСУВА 27 %, ДОДЕКА БРОЈОТ НА АЛБАНЦИТЕ СО ПОДДРШКА ЗА РУСИЈА Е 10 %. КОГА СТАНУВА ЗБОР, ПАК, ЗА ПОДДРШКАТА ЗА УКРАИНА, КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ ТАА ИЗНЕСУВА 18 %, А КАЈ АЛБАНЦИТЕ 47 %. СЕПАК, НАЈГОЛЕМИОТ ДЕЛ ОД ГРАЃАНИТЕ ВО НАШАТА ДРЖАВА НЕ ЈА ПОДДРЖУВААТ ВОЈНАТА И НЕ САКААТ ДА СЕ ОПРЕДЕЛАТ ЗА НИТУ ЕДНА СТРАНА**

Сепак, соочени со заканата дека училишната година нема да заврши

**РЕГИОНОТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА Е СООЧЕН СО СЕРИОЗНИ ПРЕДИЗВИЦИ, СО ИЗБОРНИ ЦИКЛУСИ ВО: ЦРНА ГОРА, БУГАРИЈА, ГРЦИЈА И ТУРЦИЈА, ШТО ЌЕ ПОКАЖАТ КОЛКАВ Е ДЕМОКРАТСКИОТ КАПАЦИТЕТ НА ГЛАСАЧИТЕ. СИТЕ СПОДЕЛУВАМЕ ИСТИ, ИЛИ СЛИЧНИ ЗАКАНИ ПО БЕЗБЕДНОСТА И ПО РАЗВОЈОТ НА ДЕМОКРАТИЈАТА. ПЕРИОДОТ ЗАД НАС ПОКАЖА ДЕКА САМО ОБЕДИНЕТИ И СО УСОГЛАСЕНИ БЕЗБЕДНОСНИ И НАДВОРЕШНОПОЛИТИЧКИ СТАВОВИ МОЖЕМЕ ДА ДАДЕМЕ ПРАВИЛЕН ОДГОВОР НА ЗАКАНИТЕ ШТО СТАНАА НАШЕ СЕКОЈДНЕВИЕ. СОРАБОТКАТА МЕЃУ НАДЛЕЖНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ СЛУЖБИ, ВО РАМКИ НА КАНАЛИТЕ И ПРИФАТЕНИТЕ СТАНДАРДИ НА НАТО, НО И БИЛАТЕРАЛНАТА СОРАБОТКА СО ЗЕМЈИТЕ ВО РЕГИОНОТ И ПОШИРОКО, ИМА ПОЗИТИВНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ОДРЖУВАЊЕТО НА СТАБИЛНОСТА И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ДРЖАВИТЕ**

според предвиденото, но и како резултат на потребата безбедносниот систем да се стави во функција на поголема заштита на населението и да се покаже дека институциите функционираат, Министерството за внатрешни работи на почетокот од годината ги донесе новите протоколи за постапување во вакви случаи. Можеби е рано да се носат конкретни заклучоци, но се чини дека во првите десетина дена од стапувањето во сила на новите протоколи, состојбата е значително изменета и заканите за поставени бомби повеќе не се дел од секојдневието на: учениците, наставниците и родителите. Наставата се одвива нормално, учениците безгрижно седат во училниците, наставниците, исто така, и секако, родителите можат да бидат многу поспокојни.

Тоа е и суштината и основната цел во функционирањето на безбедносниот систем, сите да се чувствуваме сигурни и да можеме да го исполнуваме својот дневен распоред без никакви вознемирувања од лажни бомби и од политички притисоци. Доколку вака продолжи состојбата, за еден краток временски период ќе покажеме дека како општество можеме да градиме други механизми на заштита. Но, секако, мора да бидеме свесни дека со вакивите активности нема импровизација и мора да го почитуваме она што е пропишано во протоколите и тоа на највисоко можно ниво. Не смее да има никакво опуштање, ниту било какво ослободување во однос на тоа дека неколку дена нема да има закани за бомби, па да помислиме дека сме заштитени од вистинските намери на терористите коишто стојат зад ваквите идеи.

**Нови протоколи, висока будност**

Новите протоколи целосно се ставени во функција за безбедно одржување на наставата. Како прво, сменети се сите домејни, односно имињата на дигиталните адреси. Во училиштата се користат само официјални електронски адреси регистрирани на Министерството за образование и наука, на Владата или други официјални канали и повеќе не се користат слободните светски провајдери. Освен тоа, секое училиште физички е оградено со заштитна ограда и има приватно обезбедување во текот на двете смени додека се одвива наставата. Има и чуварски служби. Инсталирани се камери за надзор. Голем дел од училиштата веќе имаа видеонадзор, но дел од нив поставија сега. Камерите снимаат и внатре во училиштата, а го снимаат и училишниот двор. Дополнително, ангажирани се и дежурни ученици коишто контролираат кој сè влегува во училиштето. Сите помошни влезови се затворени, односно секое училиште сега има само еден влез од кој се влегува и излегува, што значи дека контролата е на највисоко ниво. Полициските службеници и директорите на училиштата се во постојан контакт, а за евентуална потреба од проверки ќе се постапува во најкус рок.

Во овој дел, најважно од сè е да бидеме исклучително внимателни во секоја постапка, да ги следиме насоките од МВР и во целост да ги почитуваме протоколите коишто сега овозможуваат многу поголема заштита и за учениците, и за вработените во училиштата. Основната цел на терористите, коишто и на ваков начин се обидуваат да ги вознемират граѓаните и да ги трошат ресурсите на без-

**НЕ СМЕЕМЕ ДА ГО ЗАБОРАВИМЕ ХИБРИДНИОТ ПРИТИСОК НИЗ КОЈ МИНУВА ОФИЦИЈАЛНА СОФИЈА, А СЕ ОДНЕСУВА НА НЕЈЗИНАТА ПОЛИТИКА КОН СКОПЈЕ. СИТЕ СЛУЧУВАЊА ВО ОДНОСИТЕ МЕЃУ ДВЕТЕ ДРЖАВИ ВО ЈАНУАРИ И ФЕВРУАРИ, ШТО КУЛМИНИРАА СО ПОВЛЕКУВАЊЕТО НА БУГАРСКИОТ АМБАСАДОР ОД СКОПЈЕ, УШТЕ ПОВЕЌЕ ГИ НАГЛАСИЈА СОМНЕВАЊАТА ДЕКА БУГАРИЈА ВО ЕУ ИГРА УЛОГА ШТО НАЈМНОГУ МУ ОДГОВАРА НА ПУТИН И НА НЕГОВИОТ СТРАТЕШКИ ИНТЕРЕС – ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ДА НЕ НАПРЕДУВААТ НА СВОЈОТ ПАТ КОН ЕУ. ВО БРИСЕЛ И ВАШИНГТОН НА БУГАРИЈА СÈ ПОВЕЌЕ СЕ ГЛЕДА КАКО НА ДРЖАВА, ЧЛЕНКА И НА ЕУ И НА НАТО, ПРЕКУ КОЈА РУСИЈА ГИ ПРОМОВИРА СВОИТЕ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ СПРОТИВНИ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ЕУ И САД. ПОЛИТИЧКИОТ ДИСКУРС, ПРЕДИЗБОРНАТА КАМПАЊА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРИТЕ ВО АПРИЛ ЌЕ ГО ОДРЕДАТ И НАТАМОШНИОТ РАЗВОЈ НА ОДНОСИТЕ ВО РЕГИОНОТ**

бедносните институции, е токму во насока: да предизвикаат страв и несигурност кај граѓаните, да го тестираат функционирањето на системот и да покажат дека демократската Влада нема капацитет да одговори на потребата од безбедност и заштита на граѓаните. Заради тоа е потребно да се сочуваат „ладни глави“, да бидеме свесни за сериозноста на ситуацијата и да не дозволиме исполнување на евидентните интереси на поединци или групи кои имаат за цел да ја поткопаат демократијата во Северна Македонија.

### Економска исцрпеност како ризик за демократскиот развој

Во однос на другите предизвици што со себе ги донесе војната во Украина, а се однесуваат на стабилноста на економскиот систем и на стандардот на граѓаните, може да се констатира дека: државата добро се подготви, беа преземени навремени и квалитетни мерки да се обезбедат доволно енергенси за да се обезбеди топлинска енергија во зимскиот период, немаше рестрикции во снабдувањето со електрична енергија, не се случи недостиг на основните прехранбени производи, итн. Напротив, многу економски оператори беа директно поддржани со субвенции за набавка на потребните енергенси, со ограничување на цените на истите и со поддршка за исплата на плати и други надоместоци за вработените.

Евидентно е дека: инфлацијата е висока (можеби малку повисока отколку во земјите-членки на ЕУ); цените на производите во маркетите се значително зголемени; потрошувачката кошничка чини многу повеќе. Но, исто така, факт е дека ние како држава имаме многу мало влијание врз светските текови и не можеме значително да влијаеме врз светските берзи. Со сетот мерки што беа спроведени во изминатата година се одржа стабилноста на системот и се заштитија најранливите категории граѓани, но генерално, и граѓаните, коишто веќе се сведоци на ограничувања на цените на дел од основните прехранбени производи, а со цел да се спречи дополнителното осиромашување и зголемувањето на стапката на сиромаштија во државата. Сите сме соочени и мора да го поднесеме товарот на кризата, да ги споделиме загубите. И граѓаните, и работниците, и работодавачите. Државата има за цел да не дозволи енормно богатење врз грбот на граѓаните, да ги заштити од неразумното зголемување на маржите на трговците и да го одржи ста-

билен системот. Ова особено затоа што воопшто не е предвидливо кога ќе се стабилизираат состојбите на светските берзи и кога ќе престане изложеноста на секојдневните закани што го доведуваат во ризик натамошниот развој на демократските општества.

### Изборите во Црна Гора и Бугарија како лакмус за регионот

Регионот на Југоисточна Европа, исто така, е соочен со сериозни предизвици. Сите споделуваме исти, или слични закани по безбедноста и по развојот на демократијата. Периодот зад нас покажа дека само обединети и со усогласени безбедносни и надворешнополитички ставови можеме да дадеме правилен одговор на заканите што станаа наше секојдневие. Соработката меѓу надлежните безбедносни служби, во рамки на каналите и прифатените стандарди на НАТО, но и билатералната соработка со земјите во регионот и пошироко, има позитивно влијание врз одржувањето на стабилноста и зачувувањето на демократските вредности во државите.

Во периодот пред нас нè очекуваат дополнителни предизвици поврзани со: претседателските, парламентарните и локалните избори во државите во опкружувањето. Можеби најзначајните избори во наредниот период се претседателските избори во Црна Гора (првиот круг закажан за 19 март). Се натпреваруваат седум кандидати, дури тројца од нив со јавно декларирани проруски ставови, но и актуелниот претседател и уште еден кандидат со изразито про-ЕУ и НАТО ставови. Поларизацијата на односите во Црна Гора е до таа мера видлива што се испреплетува дури и во односите меѓу државата и Српската православна црква, па Владата се перципира и низ призмата на односите со српската држава и со Српската црква. Особено е за одбележување ризикот на кој е изложено целото црногорско општество, му се сервира: национално, политичко, етничко обединување под закрилата на славната црногорска историја, од кандидати кои имаат нескриени симпатии кон српската и руската политика на Балканот. Од конечниот исход на изборите во Црна Гора ќе зависи и натамошното јакнење на позициите на ЕУ и САД, но и на Русија во регионот.

Сериозен предизвик може да бидат и парламентарните избори во Бугарија закажани за април оваа година. Веројатно и како резултат на хибридните активности на, условно кажано, „странски инте-

реси", Бугарија повеќе од две години нема влада со полн мандат, туку привремен премиер и министри коишто ги назначува претседателот Радев со цел да работат на подготовка на нови избори. Поларизацијата на бугарските гласачи е до таа мера видлива што во изминатите (неуспешни) изборни циклуси се менуваат партиите со најголема поддршка кај гласачите, но не се успеа формирање на доволно силна коалиција што ќе изгласа влада со полн мандат. Сите политички превирања таму, особено меѓу поддржувачите на Путин и војната во Украина и оние што се за европската иднина на Бугарија, се покажаа како многу сериозен предизвик и за бугарското општество, но и за земјите во регионот. Овде не смее да се заборави хибридниот притисок низ кој минува официјална Софија, а се однесува на нејзината политика кон Скопје. Сите случувања во односите меѓу двете држави во јануари и февруари, што кулминираа со повлекувањето на бугарскиот амбасадор од Скопје (непромислен излет во дипломатијата што, за среќа, заврши за краток период), уште повеќе ги подгреваат сомневањата дека Бугарија во ЕУ игра улога што најмногу му одговара на Путин и на неговиот стратешки интерес земјите од Западен Балкан да не напредуваат на својот пат кон ЕУ. Во Брисел, но и во Вашингтон, на Бугарија сè повеќе се гледа како на држава, членка и на ЕУ и на НАТО, преку која Русија ги промовира своите стратешки цели спротивни на интересите на ЕУ и САД. Политичкиот дискурс и, особено, предизборната кампања во Бугарија, но и резултатите од изборите во април, ќе го одредат и натамошниот развој на односите во регионот. Затоа, на овие избори треба да се гледа и низ призмата на регионалната стабилност и безбедност, како и на развојот на демократијата (или јакнење на екстремистичките движења) во регионот.

Грција, исто така, се наоѓа на само неколку месеци од нови парламентарни избори, што треба да се одржат до јули 2023 година. Овие избори, сепак, го немаат значењето како изборите во Црна Гора или во Бугарија, од едноставна причина што Грција има стабилна надворешна и безбедносна политика и политичките партии (независно дали од левиот или од десниот блок), генерално, многу повеќе се ориентирани кон ЕУ и САД, а влијанието на Русија (па и Кина), е значително помало. Односите меѓу Турција и Грција секогаш се сериозен предизвик за безбедноста, особено во Егејското и Средоземното Море. Но, како земји-членки на НАТО (Грција и на

ЕУ, а Турција земја-кандидат) се соочуваат со бројни механизми за заштита и превенција на конфликти кои, барем засега, успеваат да ги одржат односите меѓу двете држави на „подносливо“ ниво. Од овој аспект, Грција ќе продолжи да биде фактор на стабилност во регионот и не се очекува изборите таму значително да влијаат врз демократските процеси и во самата држава, но и во регионот.

Во Турција, пак, наскоро се очекуваат претседателски избори. На 14 мај 2023 година ќе се одржат редовните избори на кои претседателот Ердоган за првпат ќе се соочи со кандидатот на обединетата опозиција, а предизборните анкети се многу изедначени со, речиси, подеднакви шанси за победа на двајцата кандидати. Земјотресот што се случи на 6 февруари и ненавремениот и слаб одговор на државата, како и разочараноста на граѓаните од лошите безбедносни практики при градбата на објектите во Турција, може сериозно да влијаат врз популарноста на исклучително авторитативниот и популистички претседател на земјата. Сепак, не треба да се заборави дека Турција е партнер на најголемите светски сили, првенствено на САД и ЕУ, но и со тесни врски со Русија, факт што во изминатата година честопати беше предизвикан, а Ердоган се покажа како човек кој има интерес, но и способност да „седи“ на две столчиња.

Македонското политичко и безбедносно милје не се разликува од состојбата во регионот. Врз принципот на врзани садови, и кај нас се чувствуваат последиците од војната како на политички, така и на економски и безбедносен план, но и на одржувањето и развојот на демократијата. Можеме да бидеме задоволни што руското влијание не е силно како во другите држави во регионот, но не смееме да заборавиме дека нашите европски интеграции се значително забавени, како од надворешни, така и од внатрешни причини. Членството во НАТО, за жал, стекнато по многу откажувања и отстапки (што не се својствени за ниту една друга држава), во овој момент се покажува како многу исплатлив чекор којшто е гарант на мирот и стабилноста во државата, во услови на сериозна закана за безбедноста и развојот на земјата и на Европа во целина.

Можеби граѓаните (но и политичарите) веќе се изморени од исклучително долгиот пат, од непринципиелните опструкции, но и од неисполнетите ветувања од Брисел. Сепак, никој не треба да се сомнева дека секогаш има алтернативи, но за развојот на македон-

ското општество и за одржливоста на македонската демократија нема, и нема да има подобра алтернатива од членството во ЕУ. Затоа, потребна е политичка мудрост и јасна визија за да се надминат недоразбирањата и државата, конечно, да тргне во процесот на преговори за членство во ЕУ. Пат што води само во еден правец, а тоа е: развој на институциите, поквалитетен систем, зајакнат судско-обвинителски систем, борба против корупцијата, економски напредок и просперитет на македонското општество, сѐ што подразбира една отпорна демократија.

*(Проф. д-р Никола Дујовски е декан на Факултетот за безбедност во Скопје, при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола. Неговата посебна експертиза е во областите: полициска етика со деонтологија, интегрирано гранично управување, полициски менаџмент, правда и внатрешни работи на ЕУ. Бил професионално ангажиран во Полициската академија и Министерството за внатрешни работи. Активно е вклучен во соработката со повеќе меѓународни организации.)*



# РЕЗИЛИЕНТНО НОВИНАРСТВО И ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОТПОРНО ОПШТЕСТВО

ЗОРАН БОЈАРОВСКИ

**ИЗВЕШТАЈОТ НА „ФРИДОМ ХАУС“, 2023 ГОДИНА ЈА НАЈАВУВА КАКО ПРЕСВРТНИЦА ВО БОРБАТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА И СЛОБОДАТА И ТОА КАЈ „МНОЗИНСТВОТО“ ВО СВЕТОТ. СПОРЕД ОВОЈ ИНДЕКС НА СЛОБОДАТА, МИНАТАТА ГОДИНА ДУРИ 34 ЗЕМЈИ НАПРЕДУВАА НА ЛИСТАТА, А БРОЈОТ НА ЗЕМЈИ СО ПАД НА СЛОБОДАТА ИЗНЕСУВА 35, ШТО Е НАЈМАЛА РАЗЛИКА ВО ПОСЛЕДНИТЕ 17 ГОДИНИ ОТКАКО СВЕТОТ ПОЧНА ДА РЕГИСТРИРА НАЗАДУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ. МЕЃУ 34-ТЕ ЗЕМЈИ КОИ НАПРЕДУВАА Е И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, КОЈАШТО МИНАТАТА ГОДИНА ИМАШЕ 67 ОД 100 МОЖНИ ПОЕНИ, А ОВАА ЗА ЕДНО МЕСТО ПОГОРЕ – 68 ПОЕНИ. ЗЕМЈАТА СÈ УШТЕ Е ВО ГРУПАТА ДЕЛУМНО СЛОБОДНИ ЗЕМЈИ, НО Ѝ НЕДОСТАСУВААТ УШТЕ 2 ПОЕНА ЗА ДА СТИГНЕ ДО ЗЕМЈИТЕ СО ЦЕЛОСНА СЛОБОДА**

Хроничарите на цивилизациските процеси, историчарите и социолозите, многу добро ги познаваат шемите и трендовите на општествените текови што се јавуваат после сериозни трауми низ кои поминуваат државите и стресовите, какви што се: војните, катаклизмичните природни катастрофи или фаталните глобални епидемии. Денес, во услови на исклучителен технолошко-комуникациски напредок, инструментите и методологиите за препознавање, утврдување и класифицирање на овие општествени „шеми“ според својствените индикатори се многу прецизни и ефикасно даваат јасна слика во кои насоки се движат општествените процеси.

Пандемијата со Ковид-19 и војната во Украина, како две светски кризни ситуации повлекоа и други сериозни последици и закани, како што се: глобалната криза со храна, енергетската и финансиската криза. Сето тоа предизвика несигурност од глобален аспект којашто многу брзо се префрли во национални рамки и зафати огромен број земји.

Овие длабоки кризни ситуации на општествената сцена во голем број земји ги поттикнаа притаените сили на авторитарната матрица кои беа препознаени преку ограничувањата на слободите и човековите права и манифестациите на злоупотреба на политичката или економската моќ. Земјите, пак, коишто и претходно беа препознавани како автократии, дополнително го засилија авторитарното владеење со оправдување дека „кризните времиња бараат кризно управување".

Последици на ваквите големи национални или глобални кризи се: широко распространета ерозија на владеењето на правото и на граѓанските слободи, растечката економска нееднаквост и зголемениот неуспех на владите ширум светот да бараат широк консензус за заедничко трагање и постигнување согласност за одговор на предизвиците со кои се соочуваат. Наместо тоа, одлуките доаѓаат од централизирани центри на власта.

Сепак, динамичните процеси во светот наметнуваат силно темпо и во брзината на промените во општествените односи. Па така, ако во Индексот за трансформација на општествата на Фондацијата „Бертелсман", објавен минатата година, беше констатирано дека на нивната листа има најголем број автократски управувани држави во споредба со демократските, последниот Извештај на „Фридом Хаус" 2023 година ја најавува како пресвртница во борбата на демократијата и слободата, и тоа во „мнозинство" во светот.

Според овој Индекс на слободата, минатата година дури 34 земји напредуваа на листата, а бројот на земји со пад на слободата изнесува 35 и тоа е најмала разлика во последните 17 години откако светот почна да регистрира опаѓање на политичките права и слободи.

Меѓу 34-те земји кои напредуваа на овој план се наоѓа и Северна Македонија којашто минатата година имаше 67, од 100 можни поени, а оваа е за едно место погоре на листата, со 68. Земјата сè уште е во групата делумно слободни земји, но ѝ недостасуваат уште 2 поена за да биде сместена во земјите со целосна слобода, според оваа методологија.

Напредокот на Северна Македонија е забележан и во Индексот на демократијата за 2022 година на „Економист". На овој Индекс земјата веќе втора година е во групата „демократии со недостатоци" (flawed democracies), откако во 2020 година се „извлече" од земјите

со „хибриден режими", каде што беше како последица од авторитарното владеење на експремиерот Никола Груевски.

И тогаш, а и сега, два од индикаторите кои најчесто се мерат за да се утврди на која страна од јазичето на вагата меѓу демократијата и недемократските владееења се наоѓа една држава, се новинарството и граѓанското општество.

### Повеќе криза за помало учество на граѓаните

Светот денеска не се дели според идеолошки блокови според шемата од средината на минатиот век, односно од периодот на „Студената војна". Денес светот се дели на земји кои припаѓаат во групата слободни и демократски држави или во групата заробени и авторитарни општества.

Северна Македонија се препознава како земја којашто припаѓа во првата група и треба да се направи сѐ да остане таму и да учествува во процесите, да креира трендови кои наспроти авторитарните тенденции, тргнува од реалните состојби и од оптимизмот дека, наспроти сите закани, демократијата, сепак, ќе напредува.

Два столба врз кои се креираат и издигнуваат отворените и демократски општества се граѓанското општество и медиумите.

Според истражувањето: „Граѓанското учество во Република Северна Македонија 2020 – 2022", глобалните трендови се препознаваат и во Северна Македонија и оттаму се констатира дека вклученоста на граѓаните во граѓански иницијативи бележи тренд на опаѓање. Ако во 2020 година 20 % од населението учествувале во некаков вид граѓански иницијативи за подобрување на општеството, во 2022 година само 11 % од граѓаните учествувале во ваков тип граѓанско учество.

Временскиот период што е опфатен во ова истражување се совпаѓа со периодот во кој светот беше зафатен не само со здравствените, туку и со општествените последици од пандемијата со Ковид-19, како и годината во која светот влезе во најголемата безбедносна закана после Втората светска војна – руската агресија на Украина. Таа ја повлече исклучително сериозната криза на енергетски и економски план кои, по правило, учествуваат во зајакнувањето на централизираното донесување одлуки и на маргинализирање на граѓанското учество во тие процеси.

**СПОРЕД ИСТРАЖУВАЊЕТО: „ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО РС МАКЕДОНИЈА 2020 – 2022“, ГЛОБАЛНИТЕ ТРЕНДОВИ СЕ ПРЕПОЗНАВААТ И КАЈ НАС И СЕ КОНСТАТИРА ДЕКА ВКЛУЧЕНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ ВО ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ БЕЛЕЖИ ТРЕНД НА ОПАЃАЊЕ. АКО ВО 2020 ГОДИНА 20 % ОД НАСЕЛЕНИЕТО УЧЕСТВУВАЛЕ ВО НЕКАКОВ ВИД ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВОТО, ВО 2022 САМО 11 % ОД ГРАЃАНИТЕ ПРЕЗЕЛЕ ВАКОВ ТИП УЧЕСТВО. ПЕРИОДОТ ОПФАТЕН ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО СЕ СОВПАЃА СО ВРЕМЕТО КОГА СВЕТОТ БЕШЕ ЗАФАТЕН НЕ САМО СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ, ТУКУ И СО ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПАНДЕМИЈАТА, НО И СО НАЈГОЛЕМАТА БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА – РУСКАТА АГРЕСИЈА ВО УКРАИНА. РЕЗУЛТАТОТ Е ДЛАБОКА КРИЗА КОГА, ПО ПРАВИЛО, ЗАЈАКНУВА ЦЕНТРАЛИЗИРАНОТО НОСЕЊЕ ОДЛУКИ И МАРГИНАЛИЗИРАЊЕТО НА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО ТИЕ ПРОЦЕСИ**

Меѓутоа, она што треба да го задржи вниманието на аналитичарите, на општествените институции и граѓански организации со мисија да ја јакнат граѓанската партиципација, е сознанието дека граѓаните како причини за неучеството во овие процеси ги наведуваат базичните причини за коишто мислевме дека веќе одамна се надминати. Оттаму, зачудува кога како најчести причини за малата ангажираност во граѓански иницијативи се: (1) тврдењето на граѓаните дека немаат доволно информации и не се запознаени со ваквиот вид инцијативи; (2) немањето време и/или интерес да се вклучат во граѓански инцијативи и (3) недовербата дека нивното учество ќе направи разлика за решавање на проблемите.

За да биде парадоксот уште поголем, свој придонес дава и податокот дека на мотивираноста на граѓаните да ги искористат конкретните механизми за граѓанско учество е најголема за време на изборните кампањи.

Ова сознание оди во прилог на општата констатација дека Северна Македонија е општество со предоминација на политиките што ги креираат и диктираат политичките партии низ институциите на системот. Затоа се чини сосема разбирлива реакцијата на граѓанските организации кои се дел од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, кои искажуваат незадоволство од игнорирањето на нивните клучни препораки за суштински прашања што го засегаат функционирањето на граѓанското општество.

Функционирањето на граѓанското општество е клучен показател за демократската клима во земјата, а кога тоа е загрозено – доведен е во прашање и напредокот на земјата, како и нејзиното приближу-

**ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО Е КЛУЧЕН ПОКАЗАТЕЛ ЗА ДЕМОКРАТСКАТА КЛИМА ВО ЗЕМЈАТА, А КОГА ТОА Е ЗАГРОЗЕНО – ВО ПРАШАЊЕ Е ДОВЕДЕН И НАПРЕДОКОТ НА ЗЕМЈАТА, КАКО И НЕЈЗИНОТО ПРИБЛИЖУВАЊЕ ДО ЕУ. ТОА ЗВУЧИ КАКО ФЛОСКУЛА, НО СЕГА КОГА Е ВО ТЕК СКРИНИНГОТ НА НАШИОТ ОПШТЕСТВЕН СИСТЕМ, ШТО ГО ВКЛУЧУВА И ГРАЃАНСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО, СТАНУВА ВАЖНО ПРАШАЊЕ. ЗАТОА ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ СÈ ШТО Е МОЖНО ЗА ДА СЕ ПРОМЕНИ СТАТИСТИКАТА КОЈА ВЕЛИ ДЕКА НЕШТО ПОВЕЌЕ ОД 7 ОД 10 ГРАЃАНИ СМЕТААТ ДЕКА ВООПШТО НЕ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ ОДЛУКИТЕ ШТО СЕ НОСАТ ВО РС МАКЕДОНИЈА. ЗА ДА СЕ ЗГОЛЕМИ ПРОЦЕНТОТ НА УЧЕСТВО ИЛИ АКТИВНОТО ГРАЃАНСТВО, НУЖНО Е ГРАЃАНИТЕ ДА ПОЧУВСТВУВААТ ДЕКА МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ ОДЛУКИТЕ ШТО СЕ НОСАТ ВО НИВНАТА ОПШТИНА ИЛИ ВО ДРЖАВАТА**

вање до Европската Унија. Тоа звучи како флоскула, ама сега кога е во тек скринингот на нашиот општествен систем кој го вклучува и граѓанското организирање и учество, станува важно прашање.

Затоа, треба да се направи сè што е можно за да се промени статистиката којашто вели дека нешто повеќе од седум од десет граѓани сметаат дека воопшто не можат да влијаат врз одлуките што се носат во Република Северна Македонија. Со цел да имаме поголем процент на учество или активно граѓанство и граѓанско учество, нужно е граѓаните да почувствуваат дека можат да влијаат врз одлуките што се носат во нивната општина или во државата.

Во таа насока треба да се искористи изразената подготвеност на граѓаните за поголемо учество во иницијативите коишто поаѓаат од нивните здруженија. За да се постигнат посакувани резултати, како заклучок се наметнува дека треба многу повеќе да се работи на издигнување на довербата на граѓаните дека навистина можат да влијаат врз одлуките што се од нивни непосреден интерес во средините во кои живеат.

### Слободно новинарство за слободно и отворено општество

Во Индексот на „Економист“ за 2022 година, Северна Македонија е на 72 место, односно едно место погоре од 2021 година. Во споредба со 2020 година кога беше рангирана на 78 место од 167 земји, во 2022 година земјата бележи скок од шест места.

Според критериумите по кои се врши рангирањето, Северна Македонија во четири, од вкупно пет категории има оценки над просечната од 5.29 индексни поени. За 2022 година останува најдобра во

делот на изборен процес и плурализам, кога од 7.42 индексот во оваа категорија порасна на 7.83 и бележи континуиран напредок.

Над просекот има подобрување и во „функционално владеење", иако е забележан пад на вредноста, во „политичка партиципација", како и во категоријата „граѓански слободи", каде што, пак, „Економист" нотира одреден напредок.

За жал, и во 2022 година најслаб „скор" државата има во категоријата „политичка култура".

„Економист" ја оценува демократската политичка култура на државите врз основа на неколку индикатори коишто се однесуваат на степенот на општествен консензус и кохезија во поткрепа на една стабилна и функционална демократија. Политичките ставови, верувања и политичката перцепција како фактори иманентни за политичката култура, првенствено ги обликуваат политичките елити, како и медиумите како канали за комуникација на политичките убедувања и пораки. Секако, со оглед на времето во кое живееме, социјалните медиуми и мрежи, исто така, се фактори коишто треба да се имаат предвид кога се анализира амбиентот и квалитетот на политичката култура. Оттаму и одговорноста за обликување на политичката култура треба да ја лоцираме кај политичката елита во: партиите, Собранието, Владата и локалната самоуправа, на медиумите, нивните уредници и новинари и, секако, на нашето однесување на социјалните мрежи.

Според Светскиот индекс на медиумски слободи за 2022 година, објавен од „Репортери без граници", во светот се случува поларизација на медиумскиот простор, интензивирана од информацискиот хаос што произлегува прво од глобализираниот и нерегулиран онлајн информативен простор, а потоа и од последиците на овој план којшто ја предизвикува „вонредната состојба" предизвикана од пандемијата и од војната во Украина. И од двете кризи произлегуваат последиците, како што е „пандемијата" од лажни вести и пропаганда.

Имајќи ги предвид овие сознанија, во Северна Македонија има една парадоксална ситуација. И во вакви глобални услови, со сите последици патем, според Индексот за слобода на медиумите „Репортери без граници" за 2022 година, Северна Македонија бележи скок од 33 места, односно од 90 во 2021 година, на 57 место во 2022 година.

За да биде овој парадокс уште понагласен, македонските новинарски здруженија (ЗНМ, ССНМ и СЕММ), организираа протестен марш, кој според организаторите, всушност, бил превентивен.

Овој заклучок сосема логично произлегува од изјавата на претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски, на забелешката дека протестот се одржува во време кога слободата на говор е далеку подобра отколку што беше пред неколку години. Во одговорот на оваа забелешка тој рече дека протестниот марш е организиран за да спречи тенденции што би можеле да произлезат доколку заштитата и безбедноста на новинарите не е на потребното ниво, доколку јавните функционери и политичари не го почитуваат новинарското достоинство и достоинството на останатите медиумски работници, и доколку не биде преиспитана потребата од постојниот агресивен државен пи-ар.

**ВО МАКЕДОНИЈА, ДЛАБОКО ПОДЕЛЕНАТА ЈАВНОСТ, ВО КОЈА ПРЕОВЛАДУВА ГОВОР НА ОМРАЗА И ВЕРБАЛНО НАСИЛСТВО, СОЗДАВА АТМОСФЕРА ВО КОЈА НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ СЕ ИЗЛОЖЕНИ НА СЕРИОЗЕН РИЗИК. НО, ДУРИ И ВО ТАКВА СИТУАЦИЈА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ НЕМА АЛТЕРНАТИВА ЗА ОТПОРНО ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО ВО КОЕ: ОДГОВОРНО, ЕТИЧКО И КВАЛИТЕТНО НОВИНАРСТВО СЕ ЕДИНСТВЕНИОТ ОДГОВОР ПРОТИВ МАЛИЦИОЗНИТЕ ФАБРИКИ ЗА ЛАГИ, БЕЗ РАЗЛИКА ДАЛИ ДОАЃААТ ОД КВАЗИМЕДИУМСКИ ПЛАТФОРМИ ИЛИ ОД ПОЛИТИЧКИ И БИЗНИС-ЦЕНТРИ НА МОЌ. ЗАКАНИТЕ ШТО ГО ИНСТРУИРААТ И ИЗВРТУВААТ ИНФОРМИРАЊЕТО И ГИ ЛИШУВААТ ГРАЃАНИТЕ ОД ТОЧНИ И ПРОВЕРЕНИ ИНФОРМАЦИИ НЕ СЕ РИЗИЦИ САМО ЗА НОВИНАРСТВОТО, ТУКУ И ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ДЕМОКРАТИЈАТА И РАЗВОЈОТ НА ОТВОРЕНО И СЛОБОДНО ОПШТЕСТВОТО**

Од друга страна, дури и ако се земат предвид непримерните и за секоја осуда пројавените инциденти во комуникацијата на избраните политичари со новинарите, според последната достапна студија на Здружението на новинарите: „Северна Македонија – Показатели за степенот на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во 2021 година", бројот на тужби за клевета и навреда кон новинари и медиуми е многу намален откако е декриминализирана клеветата и навредата.

Така, во Студијата се констатира дека за разлика од 2012 година, кога биле регистрирани 330 тужби: во 2016 година имало 40, во 2017 година 39, а во 2020 година 33 предмети во кои е странка новинар или медиум.

Според податоци од Основниот граѓански суд Скопје, вкупниот број активни предмети во кои како странка е новинар или медиум, во 2021 година изнесувал 20.

Во текот на 2022 година ЗНМ нема регистрирано завршена постапка или процес во кој бил осуден некој новинар или била изречена каква било казна. Тоа покажува дека клеветата и навредата сè помалку се користат како инструмент за притисок врз новинарите и медиумите.

На глобален план, во последните 30 години се убиени 2 658 новинари, а во моментов 235 новинари се во затвор. Во Македонија, за среќа, не се бележат фатални ситуации, но длабоко поделената јавност, во која преовладуваат говорот на омраза и вербалното насилство, создава атмосфера во којашто новинарите и медиумските работници се изложени на сериозен ризик.

Но, дури и во таква ситуација, слободата на медиумите нема алтернатива за отпорно демократско општество во коешто одговорно, етичко и квалитетно новинарство се единствениот одговор против малициозните фабрики за лаги, без разлика дали доаѓаат од квазимедиумски платформи или од политички и бизнис-центри на моќ.

Заканите што го инструираат и извртуваат информирањето и ги лишуваат граѓаните од точни и проверени информации не се ризици само за новинарството, туку и за функционирањето на демократијата и за развојот на едно отворено и слободно општеството.

*(Зоран Бојаровски е новинар и уредник во повеќе медиуми со над тридецениско искуство. До неодамна беше советник во Владата на РСМ за медиумски реформи. Претходно има долгогодишно искуство како предавач и тренер во Македонскиот институт за медиуми и на Високата школа за новинарство и односи со јавноста, автор е на десетици истражувања и публикации од областа на медиумите и граѓанскиот активизам.)*



# DEMOKRACIA FILLESTARE

LURA POLLOZHANI

**MAQEDONIA E VERIUT QË NGA PAVARËSIA E SAJ KA PASUR ZGJEDHJE DEMOKRATIKE PLURALISTE, NË SENSIN E GARËS MES SHUMË PARTIVE, POR KËTO ZGJEDHJE NUK KANË QËNË GJITHMONË TË LIRA NGA IDEOLOGJIA NJË PARTIAKE. KJO TENDENCË ISHTE MËSE E QARTË NË VITET E QEVERISJES SË VMRO-DPMNE-SË MES VITEVE 2006-2016, KU PARTIA U BARAZUA NË SHUMË NIVELE ME SHTETIN. POR KJO NUK ËSHTË ANOMALI, DUKE MARRË PARASYSH QË SIPAS NJË STUDIMI TË BËRË NGA FORUMI RINOR EDUKATIV (MOF) DHE FONDACIONI WESTMINSTER PËR DEMOKRACINË, SHUMICA E TË RINJVE NË VEND MENDOJNË QË SHTETI KA NEVOJË PËR LIDERË ME GRUSHT TË FORTË**

Zhvillimi i demokracisë i ka fillesat në qytet. Në shtet-qytetet e Greqisë së lashtë, qytetarët, që sipas definimit të kohës ishin burra, me pronë dhe të lirë (jo skllavë). Fatmirësisht në vazhdiminin e zhvillimit të demokracisë, kufijtë e këtij definimi u zgjeruan që sot të përfshijnë gratë, minoritetet dhe çdo person që ka shtetësi, por akoma mban jashtë kufijve të definimit ata pa shtetësi si refugjatët, migrantët (në disa raste) dhe personat pa shtetësi.

Përveq ndryshimit të kufijve konceptual dhe ligjor, demokracia dhe ushtrimi i saj është zgjeruar edhe në aspektin fizik, nga shtet-qyteti në shtet, dhe si i tillë ka mbetur gjatë historise moderne dhe bashkëkohore. Por, tendencat e fundit në botë tregojnë një kthesë nga globalja në atë lokalen, ose si ti përgjigjen problemeve ose thënë më mirë- sfidave që sjell globalizimi i vazhdueshëm me anë të gjetjes së zgjidhjeve lokale. Kjo herë do të thotë zgjidhje në nivel shteti dhe sa më shpesh gjetje zgjidhjeje në nivel qyteti. Duke marrë parasysh centralizimin e pushtetit në Maqedoninë e Veriut si tendencë historike, do të doja të shtjelloja në këtë artikull nevojën e ri-centralizimit të politikës rreth qytetit.

**DECENTRALIZIMI SI KONCEPT POR DHE SI KORNIZE LIGJORE ËSHTË NJË PRINCIP I RËNDËSISHËM I QEVERISJES, SIDOMOS NGAQË KA PËR QËLLIM TË SJELLË PUSHTETIN DHE VENDIM MARRJEN MË AFËR QYTETARIT. ARSYEJA QË DECENTRALIZIMI U PËRFORCUA MBAS KONFLIKTIT TË 2001-SHIT ISHTE PIKËRISHT IDEJA QË ME DECENTRALIZIMIN E PUSHTETIT DHE RI-CENTRALIZIMIN E TIJ NË PUSHTET LOKAL, NEVOJAT E GRUPEVE TË NDRYSHME TË QYTETARËVE DO TË ADRESOHESHIN NË MËNYRË MË TË MIRË. FATKEQSISHT, PËR SHKAK TË LIDHJES SË KONCEPTIT TË DECENTRALIZIMIT ME 2001-SHIN SHUMË QYTETARË DHE POLITIKAN NUK E PANË ATË SI NJË POTENCIAL PËR FUQIZIMIN E QYTETARËVE DHE TË KOMUNAVE POR SI NJË SFIDË DREJT KONSOLIDIMIT TË PUSHTETIT NË NIVEL QENDROR**

Si shtet me të kaluar komuniste, më saktë me të kaluar kur qeverisja nga një parti është akoma prezente në imagjinatën popullore, në Maqedoninë e Veriut, ashtu si dhe në vendet tjera të rajonit ka qënë e vështirë të ndërtohet një koncept pluralist i demokracisë. Përderisa është e vërtetë që nga pavarësia Maqedonia e Veriut ka pasur zgjedhje demokratike pluraliste, në sensin e garës mes shumë partive, këto zgjedhje nuk kanë qënë gjithmonë të lira nga ideologjia një partiake. Kjo tendencë ishte mëse e qartë në vitet e qeverisjes së VMRO DPMNE-së mes viteve 2006-2016, ku partia u barazua në shumë nivele me shtetin. Por kjo nuk është anomali, duke marrë parasysh që sipas një studimi të bërë nga Forumi Rinor Edukativ (MOF) dhe Fondacioni Westminster për Demokracinë, shumica e të rinjve në vend mendojnë që shteti ka nevojë për liderë me grusht të fortë.[1] Kjo tregon edhe vazhdimësinë e disa besimeve politike që ne i kemi në shoqëri.

Nëse e zgjerojmë analizën për të kyçur nivelin lokal të qeverisjes, situata bëhet edhe më e zbehtë. Gjegjësisht, zgjedhjet si dhe pushteti lokal shihen si zgjatje dhe përforcim i pushtetit qendror, dhe jo si alternativë e tij, apo si krah i qeverisjes i pavarur nga pushteti me qëllim të shërbimit të nevojave të menjëhershme të qyterarëve. Me ndryshimet e ligjit të vetë qeverisjes lokale në vitin 2005, ku u ndryshua numri i komunave si dhe u vendos një princip i ri i decentralizimit si rrjedhojë e Marrëveshjes kornizë të Ohrit, mund të supozohet që u krijua një kornizë e re e qeverisjes lokale. Decentralizimi si koncept por dhe si kornize ligjore është një princip i rëndësishëm i qeverisjes, sidomos ngaqë ka për qëllim të sjellë pushtetin dhe vendim marrjen më afër qytetarit. Arsyeja që decentralizimi u përforcua mbas konfliktit të 2001-shit ishte

1 https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/08/Studija-Socio-Politicko-Ucestvo-na-Mladi-2021-MK-sml-1.pdf

pikërisht ideja që me decentralizimin e pushtetit dhe ri-centralizimin e tij në pushtet lokal, nevojat e grupeve të ndryshme të qytetarëve do të adresoheshin në mënyrë më të mirë. Fatkeqsisht, për shkak të lidhjes së konceptit të decentralizimit me 2001-shin shumë qytetarë dhe politikan nuk e panë atë si një potencial për fuqizimin e qytetarëve dhe të komunave por si një sfidë drejt konsolidimit të pushtetit në nivel qendror.

## Si shfrytëzohen zgjedhjet?

Së pari, le të shikojmë se si janë përdorur zgjedhjet lokale në Maqedoninë e Veriut deri më tani. Gjatë pushtetit të VMRO-DPMNE-së dhe bashkëqeverisjes së tyre me BDI-në mes viteve 2008-2016 festohej fakti i konsolidimit të pushtetit në nivel qendror dhe lokal. Kjo shihej si arritje e partisë dhe si shenjë fundamentale e pushtetit- dhe jo si kapje e pushtetit. Ky barazim i pushtetit lokal me atë shtetëror futi në lojë një rrezik të madh për qytetarët, atë të mungesës të alternativës, pothuajse me forcë. Kjo ngaqë nëse pushteti lokal vuan nëse partija fituese në nivel lokal është kundërshtare e partisë apo partive qeverisëse në nivel qëndror, pushteti lokal do të ishte në disavantazh në lidhje me ofrimin e shërbimeve. Mënyra e të shtrënguarit të dorës të qytetarit ndodh pikërisht nga kjo bindje si dhe nga ky fakt, ku komuna kanë vuajtur si rrjedhojë e kalkulimeve partiake. Si rrjedhojë, qytetari është i forcuar që të zgjedh jo kandidatin që mendon që mund të ketë platformë më të mirë, por atë që do të ketë afërsi me pushtetin qendror. Kjo e shtrembëron jo vetëm demokracinë në nivelin lokal por edhe demokracinë dhe potencialin e saj në përgjithësi.

**RASTI I TETOVËS TREGON POASHTU NJË RREZIK TË TRETË TË DEMOKRACISË NË NIVEL LOKAL, DHE ATË NË MBYLLJEN, NDONJEHERË KONCEPTUALE DHE NDONJEHERË FIZIKE, TË HAPSIRËS PUBLIKE. NJË RAST I ATILLË ISHTE MBYLLJA E DHUNSHME E SOCIAL CULTURAL SPACE TETOVA, NJË HAPSIRË E AKTIVISTËVE TË RINJ. JO VETËM QË U MBYLL HAPËSIRA E TYRE FIZIKE POR KUNDËRSHTIMI I FORTË NARRATIV NGA ANA E KRYETARIT TË KOMUNËS ISHTE I RREZIKSHËM NGAQË INKURAJOI MBYLLJEN E AKTIVIZMIT TEK TË RINJTË. FATMIRËSISHT, AKTVISTËT VAZHDUAN PËRPJEKJET DHE SAPO KANË HAPUR HAPËSIRËN E RE, POR FAKTI MBETET QË NJË KRYETAR KOMUNE MBYLLI DHE BULLIZOI NJË GRUP TË RINJSH PËR ARSYE APO BINDJE TË VETA POLITIKE, DHE PA ASNJË ARSYETIM TË MIRËFILLTË TË INTERESIT TË QYTETARIT**

Një shembull i dytë është dorëheqja e kryeministrit të mëhershëm, Zoran Zaev, nga pozita e tij si kryetar partie dhe si kryeminister për shkak të humbjes së zgjedhjeve lokale në vitin 2021. Përderisa tërheqja nga pozita e kryetarit të partisë është diçka e parashikueshme, tërheqja nga

roli i kryeministrit ndoqi logjikën e barazpeshimit të pushtetit të mëhershëm të pushtetit lokal me atë qendror. Duke marrë parasysh që Zoran Zaev pati marrë mandatin e tij si kryeministër nga qytetar që mund apo mund të mos kenë qënë simpatizues të partisë të tij, kjo do të thotë poashtu një shkelje e një premtimi, apo kontrate sociale tjetër me qytetarët. Është e rëndësishme në kontekstin tonë të thyhet kjo lidhje e pushteteve dhe nevojshmëria e perceptuar e bashkimit të tyre, kur në fakt në demokraci e shëndetshme do të shihte prezencën e më shumë lojtarëve në politikë.

**NË NIVELIN KOMUNAL KA PAK MË SHUMË HAPËSIRË PËR TË QËNË TË GUXIMSHËM. NË SHUMË SHTETE, KOMUNAT JANË ATO QË PILOTOJNË PROJEKTE MË INOVATORE, SI PËR SHEMBULL DEMOKRACINË PARTICIPATIVE, APO BUXHETIM PARTICIPATIV. NË FUSHËN E NGROHJES GLOBALE POASHTU, QYTETET JANË ATO QË PO MARRIN HAPA KONKRETE. NË KRIZËN ME REFUGJAT ISHIN SHPESHHERË QYTETET ATO QË MOBILIZOHESHIN MË SHPEJTË SESA SHTETI, KY ISHTE EDHE RASTI NË MAQEDONINË E VERIUT. POR KY POTENCIJAL MUNDET TË PËRDORET ATËHERË KUR DO KEMI MË SHUMË KRYETARË DHE KRYETARE KOMUNE TË GUXIMSHËM SI DHE MË TË PËRGATITUR. KJO DO TË NËNKUPTONTE JO VETËM LIRIM NGA PARTITË QË JANË NË PUSHTET QËNDROR, PROBLEM TË CILIN E CEKA MË LARTË, POR DHE LIRIM NGA LIDHJA E BESNIKËRISË NDAJ PARTISË NË BESNIKËRI TË KUJTDO KANDIDATI QË ATA ZGJEDHIN. KY LIRIM APO KJO NDARJE DO TË ISHTE EDHE NJË INKURAJIM PËR PARTITË PËR TË ZGJEDHUR KANDIDATË TË NDRYSHËM DHE INOVATIV, SI DHE TË INVESOJNË NË PLATFORMA LOKALE TË MIRËFILLTA**

Tendenca tjetër e rrezikshme është përdorimi i pushtetit lokal vetëm si një foltore për ambicie për pushtet qëndror. Ky është sidomos një gabim që e bëjnë partitë e vogla. Shembulli më i mirë konkret do të ishte qeverisja lokale e Bilall Kasamit i partisë Besa në Tetovë që vjen drejtëpërsëdrejti si një lidhje e ambicieve qendrore në nivel lokal. Përderisa ambiciet personale politike, apo edhe ato partiake, si të tilla nuk përfaqësojnë problem, ato bëhen problematike në momentin kur vihen përpara nevojavë të qytetarëve të qytetit. Një shembull i pushteti lokal si alternativë e atij qëndror mund të mirret komuna e Stambollit në Turqi, Ekrem Imamoglu, që është përfaqësues i një partie kundërshtare të asaj në pushtet. Edhepse, ky kandidat ka pasur sfida të shumta nga pushteti qëndror që e sheh si konkurues, reformat që Imamoglu ka bërë në nivelin e qytetin kanë përfaqësuar një alternativë të qeversisjes, duke përkushtuar vëmendje projekteve sociale, që e bëri atë që të arrijë në pozitë konkuruese me presidentin e shtetit. Kjo tregon se ambicjet në nivel lokal mund të cojnë deri në ambicie në nivel qëndror, por rruga për atje është në përmbushjen e nevojave të qytetarëve dhe jo në anashkalimin apo instrumentalizimin e tyre.

Rasti i Tetovës tregon poashtu një rrezik të tretë të demokracisë në nivel lokal, dhe atë në mbylljen, ndonjeherë konceptuale dhe ndonjeherë fizike, të hapsirës publike. Një rast i atillë ishte mbyllja e dhunshme e Social Cultural Space Tetova, një hapsirë e aktivistëve të rinj. Jo vetëm që u mbyll hapësira e tyre fizike por kundërshtimi i fortë narrativ nga ana e kryetarit të komunës ishte i rrezikshëm ngaqë inkurajoi mbylljen e aktivizmit tek të rinjtë. Fatmirësisht, aktvistët vazhduan përpjekjet dhe sapo kanë hapur hapësirën e re, por fakti mbetet që një kryetar komune mbylli dhe bullizoi një grup të rinjsh për arsye apo bindje të veta politike, dhe pa asnjë arsyetim të mirëfilltë të interesit të qytetarit.

Pra, në kontekstin e Maqedonisë të Veriut, ajo që është lokale mbetet peng i zhvillimeve qëndrore. Kjo ndodh edhe kur partitë lokale dirigjojnë politika qendrore, si ndodh me rastin e Besës, Aleancës, edhe BDI-së tani, ku strukturat lokale përdoren me qëllim të ndërtimit ose kritikës të qëndrores, por gjithmonë si luftë për interesa qëndrore dhe jo për interesat e qytetarit, dhe ky është thelbi i problemit, sepse keqpërdoret pozita lokale në vend se të fuqizohet. Në këto procese humb aktori më i rëndësishëm i demokracisë- qytetari. Për këtë arsye dua të sugjeroj ri-centralizimin e politikës lokale. Me këtë nuk dua të bie ndesh me principin e decentralizimit, përkundrazi ri-centralizimin e shoh si pjesë e nevojshme të decentralizimit të mirëfilltë.

### Potencial i pashfrytëzuar

Ri-centralizimi i politikës lokale do të thotë ri-vendosja e qytetarëve dhe nevojave të tyre në nivelin lokal si fokusi kryesor. Qartësisht që nevojat lokale lidhen ngusht me zhvillimet qendrore, por ndryshimi me ri-centralizimin e politikës lokale do të ishte që kryetarët dhe kryetaret e komunave bëhen avokatët e qytetarëve. Një princip i ngjajshëm praktikohet në nivelin rajonal në Gjermani ku interesat rajonale informojnë ato shtetërore. Përderisa sistemi ynë qeverisës nuk është ai i Gjermanisë, dhe as po predikoj që mund të jetë, mendoj që është e vlefshme që të shihet një mësim në mbrojtjen e interesave të qytetarëve ngado që ata jetojnë, duke anashkaluar kështu dhe rrezikun që qytetet më të mëdha apo më të pushtetshme të dirigjojnë gjithmonë politikën, duke anashkaluar nevojat e atyre më të vogla apo më të varfra.

Së fundi, dua të theksoj potencialin që mbajnë komunat dhe që rrallëherë përdoret. Gjegjësisht, në nivelin komunal ka pak më shumë hapësirë për të qënë të guximshëm. Në shumë shtete, komunat janë ato

që pilotojnë projekte më inovatore, si për shembull demokracinë participative, apo buxhetim participativ. Në fushën e ngrohjes globale poashtu, qytetet janë ato që po marrin hapa konkrete. Në krizën me refugjat ishin shpeshherë qytetet ato që mobilizoheshin më shpejtë sesa shteti, ky ishte edhe rasti në Maqedoninë e Veriut. Por ky potencijal mundet të përdoret atëherë kur do kemi më shumë kryetarë dhe kryetare komune të guximshëm si dhe më të përgatitur. Kjo do të nënkuptonte jo vetëm lirim nga partitë që janë në pushtet qëndror, problem të cilin e ceka më lartë, por dhe lirim nga lidhja e besnikërisë ndaj partisë në besnikëri të kujtdo kandidati që ata zgjedhin. Ky lirim apo kjo ndarje do të ishte edhe një inkurajim për partitë për të zgjedhur kandidatë të ndryshëm dhe inovativ, si dhe të invesojnë në platforma lokale të mirëfillta. Një shënim tjetër i rëndësishëm për tu përmendur është nevoja për decentralizimi financiar dhe përgatitja e menaxhimit financiar në nivelin lokal si urgjente. Kjo jo vetëm do ti mundësonte më shumë fleksibilitet komunave, por dhe më shumë potencial të thithjes apo përdorimit të financimeve të Bashkimit Europian.

Potenciali i investimit në qytet është i madh, dhe në kontekstin tonë më se i nevojshëm. Ballafaqohemi me shumë zhvendosje, si nga ajo nga qendra rurale në ato urbane, apo nga qytete të vogla në qytete të mëdha, apo më konkretisht në Shkup, dhe së fundmi zhvendosja nga vendi në drejtim të vendeve tjera europiane. Rrallë herë është prezent nëpër debate potenciali i qytetit në përgjigjen e këtyre sfidave. Krijimi i hapësirave që ofrojnë mundësi dhe një jetë të dinjitetshme në nivel lokal është jetësore për ndryshimin e rrethanave të jetës së qytetarëve në Maqedoninë e Veriut. Imagjinoni që një qytet si Struga të mos jetë atraksion vetëm në verë por të ju ofrojë qytetarëve të saj jetë të kënaqshme gjatë gjithë vitit, apo një komunë si Vinica që ka jetë kulturore më të hapur dhe më aktive. Qytetet janë ato që bëjnë diferencën në jetën ditore, prandaj është më se ne nevojshme që të fillojmë të flasim për rindërtimin e demokracisë fillestare.

*(Dr. Lura Pollozhani është Hulumtuese me projektin H2020 Connekt në Universitetin e Grazit, ku hulumton kontekstet e ekstremizmit të dhunshëm dhe radikalizimit në Ballkan dhe rajonin e Lindjes së mesme dhe Afrikës veriore. Ajo përfundoi doktoraturën në Drejtësi dhe Politikë në Universitetin e Grazit, ndërsa mori titullin MSc në Studime Evropiane: Ide dhe Identitete nga LSE. Lura më parë ka punuar si këshilltare e kryeministrit të Maqedonisë së Veriut për bashkëpunim me organizatat ndërkombëtare.)*

# ПОЧЕТОЦИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА

ЛУРА ПОЛОЖАНИ

**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОД НЕЗАВИСНОСТА ИМА ПЛУРАЛИСТИЧКИ ДЕМОКРАТСКИ ИЗБОРИ, КОНКУРЕНЦИЈА МЕЃУ ПОВЕЌЕ ПАРТИИ, НО СЕПАК, ИЗБОРИТЕ НЕ БЕА ЦЕЛОСНО ОСЛОБОДЕНИ ОД ЕДНОПАРТИСКА ИДЕОЛОГИЈА. ОВАА ТЕНДЕНЦИЈА БЕШЕ ПОВИДЛИВА ВО ГОДИНИТЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ВМРО-ДПМНЕ, 2006-2016 ГОДИНА, КОГА ПАРТИЈАТА БЕШЕ ИЗЕДНАЧЕНА НА ПОВЕЌЕ НИВОА СО ДРЖАВАТА. НО, ТОА НЕ Е АНОМАЛИЈА ДОКОЛКУ СЕ ИМА ПРЕДВИД СТУДИЈАТА НА МЛАДИНСКИОТ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ (МОФ) И ФОНДАЦИЈАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈА ВЕСТМИНСТЕР (ВФД) КОЈА СУГЕРИРА ДЕКА МНОЗИНСТВОТО МЛАДИ ЛУЃЕ СМЕТААТ ДЕКА НА ЗЕМЈАТА Ѝ СЕ ПОТРЕБНИ ЛИДЕРИ СО СИЛНА ТУПАНИЦА**

Развојот на демократијата има свои почетоци во градот. Во градовите-држави на античка Грција, граѓаните, кои според тогашната дефиниција биле мажи, имале имот и биле слободни (не робови). За среќа, во натамошниот развој на демократијата, границите на оваа дефиниција се проширени за да ги опфатат: жените, малцинствата и секое лице кое има државјанство, но сепак, ги држи надвор од границите на дефиницијата оние без државјанство, како: бегалците, мигрантите (во некои случаи) и лицата без државјанство.

Освен промената на концептуалните и правните граници, демократијата и нејзиното остварување се проширија и во физичка смисла, од град-држава во држава, и така останаа во текот на модерната и современата историја. Но, најновите трендови во светот покажуваат пресврт од глобалното кон локалното, или како да се одговори на проблемите, или подобро кажано – предизвиците што ги носи континуираната глобализација, со изнаоѓање локални решенија. Овој пат тоа значи решенија на државно ниво и што почесто изнаоѓање решенија на ниво на град.

Имајќи ја предвид централизацијата на моќта во Северна Македонија како историски тренд, во оваа статија би сакала да ја елаборирам потребата од рецентрализација на политиката низ градот.

Како држава со комунистичко минато, поточно со минато кога владеењето на една партија сè уште е присутно во народната имагинација, во Северна Македонија, како и во другите земји од регионот, беше тешко да се изгради плуралистички концепт на демократијата. Иако е точно дека од независноста Северна Македонија има плуралистички демократски избори, во смисла на конкуренција меѓу многу партии, изборите не беа целосно ослободени од еднопартиска идеологија. Оваа тенденција беше повидлива во годините на владеење на ВМРО-ДПМНЕ, меѓу 2006-2016 година, кога партијата беше изедначена на повеќе нивоа со државата. Но, тоа не е аномалија доколку се има предвид студијата на Младинскиот образовен форум (МОФ) и Фондацијата за демократија Вестминстер (ВФД) која сугерира дека мнозинството млади луѓе сметаат дека на земјата ѝ се потребни лидери со силна тупаница.[1] Ова го покажува и континуитетот на некои политички убедувања што ги има во општеството.

Ако ја прошириме анализата на локално ниво на власт, ситуацијата станува уште помрачна. Имено, на изборите, како и на локалната власт, се гледа како на продолжување и зајакнување на централната власт, а не како алтернатива на неа, или како гранка на власта независна од власта со цел да им служи на непосредните потреби на граѓаните. Со измените на самиот Закон за локална самоуправа во 2005 година, кога се измени бројот на општините и се воспостави нов принцип на децентрализација, како резултат на Охридскиот рамковен договор, може да се претпостави дека е создадена нова рамка на локалната власт. Децентрализацијата како концепт, но и како законска рамка, е важен принцип на владеење, особено затоа што има за цел да ја доближи моќта и одлучувањето до граѓанинот. Причината што децентрализацијата беше зајакната по конфликтот во 2001 година беше токму идејата дека со децентрализацијата на власта и нејзина рецентрализација во локалната власт потребите на различни групи граѓани подобро ќе се решат. За жал, заради поврзаноста на концептот на децентрализација со 2001

1 https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/08/Studija-Socio-Politicko-Ucestvo-na-Mladi-2021-MK-sml-1.pdf

година, многу граѓани и политичари не го гледаа како потенцијал за зајакнување на граѓаните и општините, туку како предизвик кон консолидација на власта на централно ниво.

### Како се користеа изборите?

Прво, да погледнеме како до сега се користеа локалните избори во Северна Македонија. За време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, односно нивното заедничко владеење со ДУИ, во периодот 2008-2016 година, се славеше фактот за консолидација на власта на централно и локално ниво. Ова се сметаше за партиско достигнување и фундаментален знак за моќ – а не заробена власт. Ова изедначување на локалната и државната власт внесе во игра голема опасност за граѓаните, онаа од немањето алтернатива, речиси насилно. Тоа е затоа што ако настрада локалната власт доколку победничката партија на локално ниво е противник на владејачката партија или партиите на централно ниво, локалната власт би била во неповолна положба во однос на испораката на услугите. Начинот на подавање рака на граѓанинот се случува токму од ова верување и од овој факт, кога општините настрадаа како резултат на партиски калкулации. Како резултат на тоа, граѓанинот е принуден да не го избере кандидатот кој мисли дека, можеби, има најдобра платформа, туку оној кој ќе биде близок до централната власт. Ова ја нарушува не само демократијата на локално ниво, туку и демократијата и нејзиниот потенцијал воопшто.

**ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА КАКО КОНЦЕПТ, НО И КАКО ЗАКОНСКА РАМКА, Е ВАЖЕН ПРИНЦИП НА ВЛАДЕЕЊЕ, ОСОБЕНО ЗАТОА ШТО ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ЈА ДОБЛИЖИ МОЌТА И ОДЛУЧУВАЊЕТО ДО ГРАЃАНИНОТ. ПРИЧИНАТА ШТО ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА БЕШЕ ЗАЈАКНАТА ПО КОНФЛИКТОТ ВО 2001 ГОДИНА БЕШЕ ТОКМУ ИДЕЈАТА ДЕКА СО ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА НА ВЛАСТА И НЕЈЗИНА РЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ВО ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ, ПОТРЕБИТЕ НА РАЗЛИЧНИ ГРУПИ ГРАЃАНИ ПОДОБРО ЌЕ СЕ РЕШАТ. ЗА ЖАЛ, ЗАРАДИ ПОВРЗАНОСТА НА КОНЦЕПТОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА СО 2001 ГОДИНА, МНОГУ ГРАЃАНИ И ПОЛИТИЧАРИ НЕ ГО ГЛЕДАА ТОА КАКО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И ОПШТИНИТЕ, ТУКУ КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ВЛАСТА НА ЦЕНТРАЛНО НИВО**

Втор пример е оставката на поранешниот премиер Зоран Заев од позицијата лидер на партијата и премиер заради пораз на Локалните избори во 2021 година. Додека повлекувањето од функцијата претседател на партијата е нешто предвидливо, повлекувањето од премиерската улога сле-

деше по логиката на балансирање на претходната моќ на локалната власт со централната. Имајќи предвид дека Зоран Заев мандатот за премиер го доби од граѓани кои, можеби, биле или не биле симпатизери на неговата партија, тоа значи и прекршување на ветувањето или друг општествен договор со граѓаните. Во нашиот контекст е важно да се прекине оваа врска на моќ и согледаната неопходност од нивно обединување кога, всушност, здрава демократија би доживеала присуство на повеќе играчи во политиката.

Друг опасен тренд е користењето на локалната власт само како говорница за амбициите на централната власт. Ова е особено грешка којашто ја прават малите партии. Најдобар конкретен пример би била локалната власт на Билал Касами од партијата Беса во Тетово, која доаѓа директно како алка на централните амбиции на локално ниво. Додека личните политички амбиции, па дури и партиските амбиции како такви не претставуваат проблем, тие стануваат проблематични кога пред нив ќе се стават потребите на граѓаните на градот. Пример за локална власт како алтернатива на централната може да се земе од општината Истанбул во Турција, Екрем Имамоглу, кој е претставник на партија спротивна на таа што е на власт. Иако овој кандидат имаше бројни предизвици од централната власт која го гледа како конкурент, реформите што ги направи Имамоглу на градско ниво претставуваа алтернативно владеење, обрнувајќи внимание на социјалните проекти, што го натера да достигне конкурентна позиција кај претседателот на државата. Тоа покажува дека амбициите на локално ниво можат да доведат до амбиции на централно ниво, но патот до таму е во исполнување на потребите на граѓаните, а не да ги заобиколува или инструментализира.

**СЛУЧАЈОТ СО ТЕТОВО Е УШТЕ ЕДЕН ПРИМЕР ЗА ОПАСНОСТ ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА НА ЛОКАЛНО НИВО – И ТОА ВО ЗАТВОРАЊЕТО, НЕКОГАШ КОНЦЕПТУАЛНО, А НЕКОГАШ ФИЗИЧКО, НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР. ТАКОВ ПРИМЕР БЕШЕ НАСИЛНОТО ЗАТВОРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ КУЛТУРЕН ПРОСТОР ВО ТЕТОВО, ПРОСТОР ЗА МЛАДИ АКТИВИСТИ. НЕ САМО ШТО НИВНИОТ ФИЗИЧКИ ПРОСТОР БЕШЕ ЗАТВОРЕН, ТУКУ И СИЛНАТА НАРАТИВНА СПРОТИВСТАВЕНОСТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ БЕШЕ ОПАСНА ЗАТОА ШТО ПОТТИКНУВАШЕ УКИНУВАЊЕ НА МЛАДИНСКИОТ АКТИВИЗАМ. ЗА СРЕЌА, АКТИВИСТИТЕ ПРОДОЛЖИЈА СО НАПОРИТЕ И ОТВОРИЈА НОВ ПРОСТОР, НО ОСТАНУВА ФАКТОТ ДЕКА ГРАДОНАЧАЛНИК МАЛТРЕТИРАШЕ ГРУПА МЛАДИ ЛУЃЕ ОД СВОИ ПОЛИТИЧКИ ПРИЧИНИ ИЛИ УБЕДУВАЊА, А БЕЗ ВИСТИНСКО ОПРАВДУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСОТ НА ГРАЃАНИТЕ**

Случајот со Тетово покажува и трета опасност од демократијата на локално ниво, и тоа во затворањето, некогаш концептуално, а некогаш физичко, на јавниот простор. Еден таков случај беше насилното затворање на Социјалниот културен простор во Тетово, простор на млади активисти. Не само што нивниот физички простор беше затворен, туку и силната наративна спротивставеност од страна на градоначалникот беше опасна затоа што поттикнуваше затворање на младинскиот активизам. За среќа, активистите продолжија со напорите и штотуку го отворија новиот простор, но останува фактот дека градоначалник затвори и малтретираше група млади луѓе од свои политички причини или убедувања, а без вистинско оправдување на интересот на граѓаните.

Значи, во контекст на Северна Македонија, она што е локално останува заложник на централните случувања. Ова се случува дури и кога локалните партии ги насочуваат централните политики, како што е сега случајот со Алијансата. Во овие процеси се губи најважниот чинител на демократијата – граѓанинот. Заради оваа причина, сакам да предложам рецентрализација на локалната политика. Со ова не сакам да му противречам на принципот на децентрализација, напротив, рецентрализацијата ја гледам како неопходен дел од вистинската децентрализација.

### Неискористен потенцијал

Рецентрализацијата на локалната политика значи повторно поставување на граѓаните и нивните потреби на локално ниво како главен фокус. Јасно е дека локалните потреби се тесно поврзани со централните случувања, но промената со рецентрализацијата на локалната политика би значела градоначалниците и градоначалничките на општините да станат застапници на граѓаните. Сличен принцип се практикува на регионално ниво во Германија каде регионалните интереси ги информираат државните. Иако нашиот систем на владеење не е како во Германија, ниту, пак, проповедам дека може да биде, мислам дека е вредно да се земе предвид лекцијата за заштита на интересите на граѓаните каде и да живеат, со што се избегнува опасноста поголемите градови или помоќните секогаш да ја насочуваат политиката, игнорирајќи ги потребите на помалите или посиромашните.

На крајот, сакам да го истакнам потенцијалот што го поседуваат општините, а кој ретко се користи. Имено, на општинско ниво има малку повеќе простор за храброст. Во многу земји општините се оние коишто ги пилотираат најиновативните проекти, како што се партиципативната демократија или партиципативното буџетирање. На полето на глобалното затоплување и градовите преземаат конкретни чекори. Во бегалската криза често градовите се мобилизираа побрзо од државата, што беше случај и во Северна Македонија. Но, овој потенцијал може да се искористи кога ќе имаме похрабри и подобро подготвени градоначалници. Тоа би значело не само ослободување од партиите кои се на централната власт, проблем што го споменав погоре, туку и ослободување од врската на лојалноста кон партијата кон лојалноста на секој кандидат што ќе го изберат. Ова ослободување или поделба, исто така, би било поттик за партиите да изберат различни и иновативни кандидати, како и да инвестираат во вистински локални платформи.

**НА ОПШТИНСКО НИВО ИМА ПОВЕЌЕ ПРОСТОР ЗА ХРАБРОСТ. ВО МНОГУ ЗЕМЈИ ОПШТИНИТЕ СЕ ОНИЕ КОИШТО ПИЛОТИРААТ СО НАЈИНОВАТИВНИТЕ ПРОЕКТИ, КАКО ШТО СЕ ПАРТИЦИПАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА ИЛИ ПАРТИЦИПАТИВНО БУЏЕТИРАЊЕ. НА ПОЛЕТО НА ГЛОБАЛНОТО ЗАТОПЛУВАЊЕ ГРАДОВИТЕ ПРЕЗЕМААТ КОНКРЕТНИ ЧЕКОРИ. ЗА ВРЕМЕ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА ЧЕСТО ГРАДОВИТЕ СЕ МОБИЛИЗИРАА ПОБРЗО ОД ДРЖАВАТА, ШТО БЕШЕ СЛУЧАЈ И ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА. НО, ОВОЈ ПОТЕНЦИЈАЛ МОЖЕ ДА СЕ ИСКОРИСТИ КОГА ЌЕ ИМА ПОХРАБРИ И ПОДОБРО ПОДГОТВЕНИ ГРАДОНАЧАЛНИЦИ. ТОА БИ ЗНАЧЕЛО НЕ САМО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПАРТИИТЕ ШТО СЕ ВО ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ, ТУКУ И ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ВРСКАТА НА ЛОЈАЛНОСТА КОН ПАРТИЈАТА СО ЛОЈАЛНОСТ КОН СЕКОЈ КАНДИДАТ ШТО ЌЕ БИДЕ ИЗБРАН. ОВА ОСЛОБОДУВАЊЕ БИ БИЛО И ПОТТИК ЗА ПАРТИИТЕ ДА ИЗБЕРАТ РАЗЛИЧНИ И ИНОВАТИВНИ КАНДИДАТИ, НО И ДА ИНВЕСТИРААТ ВО ВИСТИНСКИ ЛОКАЛНИ ПЛАТФОРМИ**

Друга важна забелешка што треба да се спомене е потребата од финансиска децентрализација и подготовка на финансиско управување на локално ниво, како итна. Ова не само што ќе им овозможи поголема флексибилност на општините, туку и поголем потенцијал за апсорпција или користење на средствата од Европската Унија.

Инвестицискиот потенцијал во градот е голем, а во наш контекст и повеќе од потребен. Се соочуваме со многу раселувања, од руралните средини во урбаните, од малите градови во големите

градови, но главно во Скопје, а од неодамна и иселување од земјата во другите европски држави. Потенцијалот на градот да одговори на овие предизвици ретко е присутен во дебатите. Создавањето простор што ќе понуди можности и достоинствен живот на локално ниво е од витално значење за промена на животните околности на граѓаните во Северна Македонија.

Замислете град како Струга, освен што е атракција во лето да може на граѓаните да им понуди задоволство преку целата година. Или општина како Виница – да има поотворен и поактивен културен живот. Градовите се тие што ја прават разликата во секојдневниот живот, па затоа е повеќе од потребно да почнеме да зборуваме за реконструкција на првобитната демократија.

*(Д-р Лура Положани е истражувачка во Проектот H2020 Connekt, на Универзитетот во Грац. Ги истражува контекстите на насилниот екстремизам и радикализација на Балканот и на Блискиот Исток и Северна Африка. Има докторирано Право и политика, на Универзитетот во Грац, додека магистерските студии ги има заокружено на LSE во Лондон, од областа Европски студии. Лура Положани има работено и како советничка на премиерот на Северна Македонија за соработка со меѓународни организации.)*

Превод од албански јазик: Јермир Зиба



# ЕКОНОМСКА БЕЗБЕДНОСТ! ДАЛИ Е ПОТРЕБНА ВО СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА?

ДРАГАН ТЕВДОВСКИ

**ЕНЕРГЕТСКАТА БЕЗБЕДНОСТ ПОСЕБНО ДОБИ НА ЗНАЧЕЊЕ СО НАФТЕНИТЕ ШОКОВИ ВО 80. ГОДИНИ ОД МИНАТИОТ ВЕК КОГА РАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ ЈА СТАВИЈА ВО СРЖТА НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ ПОЛИТИКИ И СЕКОГАШ ДОБИВАШЕ НА ВИДЛИВОСТ ПРИ ГЛОБАЛНИ КРИЗИ. ГОДИНАТА ВЕДНАШ ПО ГЛОБАЛНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА (2007-2009), СЕНАТОТ НА САД ИМА ДОНЕСЕНО ПОВЕЌЕ ОД 200 АКТИ КОИ ВО НАСЛОВОТ СОДРЖАТ „ЕНЕРГЕТСКА БЕЗБЕДНОСТ“. БЕЗБЕДНОСТА ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ХРАНА СÈ ПОГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ДОБИВА ДЕНЕС, ПОРАДИ АКТУЕЛНАТА ГЕОПОЛИТИЧКА ФРАГМЕНТАЦИЈА НА СВЕТОТ И ВОЈНАТА ВО УКРАИНА. ВО ПРИЛОГ НА ВАЖНОСТА НА ОВА ВО ОДНОС НА ПОНУДАТА НА ХРАНА ВО СВЕТОТ ВРЕДИ ДА СЕ ИСТАКНЕ ДЕКА ПРЕД ВОЈНАТА ВО 2021 ГОДИНА, УКРАИНА И РУСИЈА ЗАЕДНО ПРАВЕА: 34 % ОД ВКУПНИОТ ИЗВОЗ НА ПЧЕНИЦА ВО СВЕТОТ; 17 % ОД ВКУПНИОТ ИЗВОЗ НА ПЧЕНКА; 27 % ОД ВКУПНИОТ ИЗВОЗ НА ЈАЧМЕН ВО СВЕТОТ**

## Дали треба да се прилагодиме на новите ветришта во глобалната економија?

Економските парадигми на коишто навикнавме, започнаа да го губат приматот. Во глобалната економија сè помалку се зборува за слободната трговија и извозна експанзија, а сè повеќе слушаме за протекционизам во трговијата и безбедност во снабдувањето со храна и енергија.

Ние можеме да имаме став за овие прашања. На пример, дека слободната трговија ја подобрува ефикасноста на производството и ги намалува трошоците. Или дека на македонската економија, како мала и отворена, многу повеќе би ѝ одговарало доколку доминантната развојна стратегија е извозна експанзија, отколку увозна супституција. Но, сепак, ние не ги поставуваме трендовите, туку тоа го прават големите играчи во глобалната економија. А, за нас треба да биде клучно да не замижеме пред новиот свет којшто се создава пред нас.

Притоа, можеби, новиот свет и не е толку непознат како што мислиме. Некои парчиња од него се добро познати. Така, на пример, извозната експанзија не беше доминантна развојна стратегија во светот отсекогаш. Таа се појави во 80-тите години од минатиот век заедно со неолиберализмот во економијата. Пред неа, доминантна развојна стратегија беше увозната супституција, која доминираше во светот во периодот од по

**ФИСКАЛНИОТ ПРОСТОР Е КЛУЧЕН ЗА ДА МОЖЕ ДРЖАВАТА ДА ОДГОВОРИ НА КРИЗА. ТОЈ ГО ПРЕТСТАВУВА ПРОСТОРОТ ВО ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ КОЈШТО МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТИ ЗА ДА СЕ НАПРАВАТ ДАНОЧНИ НАМАЛУВАЊА ИЛИ ОДРЕДЕНИ ТРОШЕЊА ЗА ПОДДРШКА НА ЕКОНОМИЈАТА БЕЗ ДА СЕ ЗАГРОЗИ ОДРЖЛИВОСТА НА ФИНАНСИСКАТА ПОЗИЦИЈА ИЛИ СТАБИЛНОСТА НА ЕКОНОМИЈАТА. КОВИД-ПАНДЕМИЈАТА ПОКАЖА ДЕКА ЗЕМЈИТЕ ВО СВЕТОТ СЕ РАЗЛИКУВААТ ПО ФИСКАЛНИОТ ПРОСТОР. ЗАРАДИ ТОА БЕА ВО РАЗЛИЧНА ПОЗИЦИЈА ДА ОБЕЗБЕДАТ ДИСКРЕЦИОНА ФИСКАЛНА ПОДДРШКА ЗА БИЗНИСИТЕ И РАНЛИВИТЕ ГРАЃАНИ. ОД ПОЧЕТОКОТ НА ПАНДЕМИЈАТА, ДО СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА, ДИСКРЕЦИОНИТЕ ФИСКАЛНИ ТРОШЕЊА ВО СВЕТОТ ИЗНЕСУВАА 9,7 % ОД ГЛОБАЛНИОТ БДП (МНОГУ ПОНИСКИ ВО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ, А ЗНАЧАЈНО ПОВИСОКИ ВО РАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ). ФИСКАЛНИТЕ ТРОШЕЊА БЕА НАЈВИСОКИ ВО: САД (25,4 % ОД БДП), АВСТРАЛИЈА (18,4 % ОД БДП) И ЈАПОНИЈА (16,5 % ОД БДП). РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСТВАРИ ДИСКРЕЦИОНИ ФИСКАЛНИ ТРОШЕЊА ОД 4,3 % ОД БДП**

### Втората светска војна, до ерата на Тачер и Буш

Интересно е дека и енергетската безбедност посебно доби на значење со нафтените шокови во 80. години на минатиот век кога развиените земји ја ставија во срцта на енергетските политики (Cohen et al, 2011). И таа секогаш добиваше на видливост при глобални кризи. Така, на пример, во годината веднаш после Глобалната финансиска криза (2007-2009), Сенатот на САД има донесено повеќе од 200 акти коишто во насловот содржат енергетска безбедност. Безбедноста во снабдувањето со храна сè поголемо значење добива денес, поради актуелната геополитичка фрагментација во светот и војната во Украина. Во прилог на важноста на ова во однос на понудата на храна во светот, вреди да се истакне дека пред војната во 2021 година, Украина и Русија заедно правеа: 34 % од вкупниот извоз на пченица во светот; 17 % од вкупниот извоз на пченка во светот; 27 % од вкупниот извоз на јачмен во светот, и слично (European Parliament, 2022).

За промената на начинот на економското размислување и нашиот став кон него, една од најдобрите мисли е на големиот економист Кејнз: „Токму сега страдаме од лош напад на економски песимизам. Вообичаено е да се слушне како луѓето велат дека епохата на огромен економски напредок што го карактеризираше минатиот век е завршена; дека брзото подобрување на стандардот на животот сега ќе се забави – и дека е многу поверојатно дека ќе дојде до економски пад, отколку до просперитет во децениите што се пред нас. Но, јас верувам дека ова е многу погрешно толкување на она што ни се случува. Ние не страдаме од ревматична старост, туку од растење – болки од пребрзи промени, од болното приспособување помеѓу еден и друг економски период." (Keynes, 1930).

И, да, иако ова е напишано пред повеќе од 90 години, целосно одговара и за денес. Затоа е важно да бидеме подготвени за предизвиците што ги носи новото време. Еден од нив е економската безбедност, која содржи поголем број димензии. Во оваа прилика се дискутирани следните три: систем на јавни финансии што може да одговори на кризи; социјален систем што ќе обезбеди заштита на граѓаните, но и ќе го подобрува човечкиот капитал; намалување на зависноста од увоз на енергија и храна.

### Систем на јавни финансии што може да одговори на кризи

Фискалниот простор е клучен за да може државата да одговори на криза. Тој го претставува просторот во државниот буџет којшто може да се користи за да се направат даночни намалувања или одредени трошења за поддршка на економијата без да се загрози одржливоста на финансиската позиција или стабилноста на економијата. Државата може да креира фискален простор со: зголемување на даноците; обезбедување на надворешно финансирање или грантови; или кратење на трошењата кои имаат понизок приоритет. Но, клучно е да не се загрози капацитетот на сервисирање на долговите, како и макроекономската позиција на земјата.

За време на Ковид-19 пандемијата, недвосмислено се виде дека земјите во светот се разликуваат по фискалниот простор. И затоа тие беа во различна позиција да обезбедат дискрециона фискална

поддршка за бизнисите и ранливите граѓани. Од почетокот на пандемијата, до септември 2021 година, дискреционите фискални трошења во светот изнесуваа 9,7 % од глобалниот БДП, но тие беа многу пониски во земјите во развој, а значајно повисоки во развиените земји (International Monetary Fund, 2021). Фискалните трошења беа највисоки во: САД (25,4 % од БДП), Австралија (18,4 % од БДП) и Јапонија (16,5 % од БДП). Република Северна Македонија оствари дискрециони фискални трошења од 4,3 % од БДП.

**КАЈ НАС ПОСТОИ МОЖНОСТ ФИСКАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ ДА СЕ ЗГОЛЕМИ СО ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ДРЖАВАТА. ПОПРЕЦИЗНО, ВО ЕУ ВКУПНИТЕ РАСХОДИ НА ОПШТАТА ВЛАДА ВО ПРОСЕК ИЗНЕСУВААТ НЕШТО НАД 45 % ОД БДП, А ОКОЛУ 35 % ОД БДП ВО ПОСТРАНЗИЦИСКИТЕ ЗЕМЈИ ОД ЕВРОПА И ЗАПАДЕН БАЛКАН. ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТИЕ СЕ ПОД 30 % ОД БДП. КЛУЧНАТА НАСОКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ДРЖАВАТА, ПОРАДИ РАМНИТЕ И НИСКИ ДИРЕКТНИ ДАНОЦИ КАЈ НАС, ТРЕБА ДА БИДЕ ВОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРЕСИВНОСТ КАЈ ДИРЕКТНИТЕ ДАНОЦИ. ВО СПРОТИВНО, ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА СТАПКИТЕ НА ДАНОЦИТЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА САМО ЌЕ ЈА ЗГОЛЕМАТ РЕГРЕСИВНОСТА НА СИСТЕМОТ. ОД ПРИЧИНА ШТО ГРАЃАНИТЕ СО ПОНИЗОК ДОХОД СКОРО ЦЕЛИОТ СВОЈ ДОХОД ГО УПОТРЕБУВААТ ВО ПОТРОШУВАЧКА И ЗАТОА ТИЕ ИМААТ МНОГУ ПОВИСОКО УЧЕСТВО НА ДАНОКОТ (ДДВ) ВО ОДНОС НА НИВНАТА ПОТРОШУВАЧКА ВО СПОРЕДБА СО ОНИЕ СО ПОВИСОК ДОХОД, КОИ, ПАК, ДЕЛ ОД ДОХОДОТ ГО ШТЕДАТ**

Кај нас постои можност фискалниот капацитет да се зголеми со подобрување на приходите на државата. Сликата 1 покажува дека РС Македонија има значајно пониски приходи не само од просекот на земјите-членки на Европската Унија, туку и од просекот на постранзициските земји од Европа, како и од просекот на земјите од Западен Балкан. Попрецизно, вкупните расходи на општата влада во просек изнесуваат нешто над 45 % од БДП во земјите-членки на Европската Унија, а околу 35 % од БДП во постранзициските земји од Европа и во земјите од Западен Балкан. Во Северна Македонија тие се под 30 % од БДП, односно многу пониски од просеците на сите набљудувани групи. Клучната насока за подобрување на приходите на државата, поради рамните и ниски директни даноци кај нас, треба да биде воведување на прогресивност кај директните даноци. Во спротивно, зголемувањето на стапките на даноците на потрошувачката само ќе ја зголемат регресивноста на системот. Од причина што граѓаните со понизок доход скоро целиот свој доход го употребуваат

во потрошувачка и затоа тие имаат многу повисоко учество на данокот (ДДВ) во однос на нивната потрошувачка во споредба со оние со повисок доход, кои, пак, дел од доходот го штедат.

**Слика 1:** Вкупните расходи на општата влада на Северна Македонија како % од БДП




Извор: International Monetary Fund (2022).

**Слика 2:** Каматни плаќања на долгот на Северна Македонија како процент од приходите




Извор: World Bank (2022).

Вториот елемент на којшто треба да биде ставен фокусот е намалување на јавниот долг. Во периодот по надворешните шокови предизвикани од пандемијата и војната во Украина, фискалната политика мора да се фокусира на намалувањето на јавниот долг. Тоа е важно затоа што ако не се стопира растот на каматните плаќања, тие сè повеќе ќе го зафаќаат просторот на основните потреби за финансирање на државата, како на пример: образование, здравство, социјала, и слично, и можноста за дополнителен фискален простор во услови на следни кризи ќе биде силно лимитиран. Слика 4 ги покажува каматните плаќања на долгот на земјава. Тие бележат континуиран раст во периодот од 2009, до 2017 година. Така, на пример, во 2009 година изнесуваат 1,9 % од буџетските приходи, за потоа да пораснат на 4,9 % од буџетските приходи во 2017 година. Потоа се намалуваат во 2018 и 2019 година, кога изнесуваат 4,1 % од буџетските приходи, а во 2020 година се зголемуваат, пред сè, заради падот на буџетските приходи заради пандемијата. Тековното влошување на условите за финансирање на глобалните пазари ќе влијае дополнително врз зголемување на нивото на каматните плаќања, дополнувајќи го ефектот на зголемениот долг за време на пандемијата.

## Социјална заштита заедно со подобрувања на образованието и здравството

Економската безбедност најтесно дефинирана значи дека граѓаните имаат ниво на доход кој обезбедува пристојно ниво на животен стандард. А, тој зависи, пред сè, од вработеноста во економијата и распределбата на доходот во економијата.

Системот за социјална заштита е тој што треба да им помогне на граѓаните во ризик. Воведениот систем на минимален приход е во добра насока. Тој има за цел да ги извлече над линијата на сиромаштија најранливите граѓани. Но, социјалната заштита не е доволна. Подобрувања мораат да се прават и во системите на образованието и здравството. Квалитетот на образованието е клучен за знаењата и вештините на идната работна сила, што, пак, е клучниот фактор од што зависи дали македонската економија ќе ја намалувала разликата во доходот со развиените земји. Во оваа насока здравствениот систем е многу важен. Јавното здравство треба да обезбедува квалитетни услуги коишто ќе влијаат позитивно на човечкиот капитал на земјава.

## Зошто е важно да се намали увозната зависност за храна и енергија?

Цените на енергијата и храната се изразено волатилни. Главна причина за тоа е што понудата и побарувачката за нив се силно нееластични на краток рок. На пример, гледано од страната на понудата, намаленото производство на значаен производител на храна, поради суша или друг неповолен временски настан, не може веднаш да биде надоместено, и тоа прави цените да растат. Или од страната на побарувачката, кога цените растат, фабриките не можат брзо да го заменат користењето на еден вид на енергија со друг во производниот процес. Поради оваа волатилност на цените, вообичаено економистите секогаш сакаат да знаат колку инфлацијата (промените во просечното ниво на потрошувачките цени) е резултат само на промените во цените на храната и енергијата, а колкав на сите други добра и услуги. Затоа се користи еден индикатор кој се нарекува базична инфлација. Тој покажува колкава е промената во просечното ниво на цените на добрата и услугите, со исклучок на храната и енергијата. Сликата 3 покажува дека базичната инфлација била многу блиска до општата инфлација во македонската економија до третиот квартал на 2020 година. Во следниот период, општата инфлација остварува многу посилен пораст од базичната инфлација, што значи дека промените во цените на храната и енергијата имаат силен придонес во растот на општата инфлација.

**БРЗОРАСТЕЧКИТЕ ЦЕНИ НА ЕНЕРГИЈАТА И ХРАНАТА ПРЕДИЗВИКУВААТ ПОВЕЌЕ НЕГАТИВНИ ЕФЕКТИ. ГО НАМАЛУВААТ РЕАЛНИОТ ДОХОД НА ДОМАЌИНСТВАТА, БИДЕЈЌИ ХРАНАТА И ЕНЕРГИЈАТА ЗНАЧАЈНО УЧЕСТВУВААТ ВО НИВНАТА ПОТРОШУВАЧКА КОШНИЦА. ИМААТ СЕРИОЗНИ ИМПЛИКАЦИИ ПО ДИСТРИБУЦИЈАТА НА ДОХОДОТ ПОМЕЃУ ДОМАЌИНСТВАТА, БИДЕЈЌИ УЧЕСТВОТО НА ХРАНАТА ВО ПОТРОШУВАЧКАТА КОШНИЦА КАЈ ПОСИРОМАШНИТЕ ДОМАЌИНСТВА (И ЗЕМЈИ) Е МНОГУ ПОВИСОКА ОТКОЛКУ КАЈ ДОМАЌИНСТВАТА СО ПОВИСОК ДОХОД. ВО ЗЕМЈИТЕ СО НИЗОК ДОХОД, ВО ПРОСЕК, ХРАНАТА УЧЕСТВУВА СО: 44 % ВО ПОТРОШУВАЧКАТА КОШНИЦА, 28 % ВО ЗЕМЈИТЕ СО СРЕДЕН ДОХОД И 16 % ВО ЗЕМЈИТЕ СО ВИСОК ДОХОД. ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УЧЕСТВОТО НА ХРАНАТА ВО КОШНИЦАТА СТИГНУВА ДО 40 %. БРЗИОТ РАСТ НА ЦЕНИТЕ НА ЕНЕРГИЈАТА, ПАК, ВЛИЈАЕ НА НАМАЛУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ФИРМИТЕ, ШТО МОЖЕ ДА ВОДИ ДО ПАД НА ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ. ЗГОЛЕМЕНИТЕ ЦЕНИ НА ХРАНА И ЕНЕРГИЈА ДОВЕДУВААТ ДО ЗГОЛЕМЕН ДЕФИЦИТ НА БИЛАНСОТ НА ПЛАЌАЊА ВО ЗЕМЈИТЕ КОИ УВЕЗУВААТ ЗНАЧАЕН ДЕЛ ОД ХРАНАТА И ЕНЕРГИЈАТА. А, ТОКМУ ТАКВА ЗЕМЈА Е СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МАЛА, НО СИЛНО ОТВОРЕНА ЕКОНОМИЈА**

**Слика 3:** Движење на инфлацијата во македонската економија




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија (2022).

**Слика 4:** Движење на цените на енергијата и храната во светската економија




Извор: World Bank (2022).

Постојат повеќе причини за силниот растот на цените на храната и енергијата во глобалната (светската) економија. Како клучни се сметаат нарушувањата во понудата предизвикани од Ковид-19 пандемијата и руската инвазија на Украина. Слика 4 покажува дека

растот на цените на храната и енергијата во глобалната економија се слични на оние од нафтените шокови во 1973 и 1979-1980 година.

Силнорастечките цени на енергијата и храната предизвикуваат повеќе негативни ефекти. Прво, тие го намалуваат реалниот доход на домаќинствата, бидејќи храната и енергијата учествуваат значајно во нивната потрошувачка кошница. Второ, постојат сериозни импликации по дистрибуцијата на доходот помеѓу домаќинствата, бидејќи учеството на храната во потрошувачката кошница кај посиромашните домаќинства е многу повисока отколку кај домаќинствата со повисок доход. Така што намалувањето на реалниот доход е многу поизразито кај посиромашните домаќинства.

Постојат разлики и помеѓу земјите. Ефектите во дистрибуцијата на доходот се посилно изразени во земјите со понизок доход. Во просек, храната учествува со: 44 % во потрошувачката кошница во земјите со низок доход, 28 % во земјите со среден доход и 16 % во земјите со висок доход. Во Северна Македонија учеството на храната во потрошувачката кошница е значајно и изнесува 40 %. Трето, поради тоа што енергијата е еден од клучните инпути на производството, брзиот раст на цените на енергијата влијае на намалување на конкурентноста на фирмите, што може да води до пад на економската активност. Четврто, зголемените цени на храна и енергија доведуваат до зголемување на дефицитот на билансот на плаќања во земјите кои увезуваат значаен дел од храната и енергијата. А, токму таква земја е Северна Македонија, мала, но силно отворена економија (140 % од БДП).

За нас, како мала и отворена економија, безбедноста во снабдувањето со храна и енергија треба да се гледа од два аспекта: внатрешен и надворешен. Внатрешниот во основа значи да се стимулира домашното производство на енергија и храна со цел да се намали увозната зависност, што би придонело економијата да биде помалку ранлива од надворешни шокови и нарушувања во понудата. Притоа, ова не смее да се прави само со субвенции и квоти, туку приоритет треба да биде ефикасноста на производството, бидејќи економијата нема да биде во подобра позиција ако само се создадат производни капацитети со повисоки цени на добрата од тие што можат да се обезбедат од надвор. Вториот аспект на безбедноста во снабдувањето со храна и енергија треба да се грижи за:

диверзификација на надворешните извори за снабдување, нивната далечина и доверливост. А, поголемо значење треба да им се даде на изворите кои потекнуваат од стратешките партнери на земјава, ЕУ и САД.

*(Драган Тевдовски е професор на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, на Катедрата за математика и статистика. Во периодот 2017-2019 беше министер за финансии во Владата на РС Македонија, кога беа спроведени серија реформи за одговорно владеење. Од 2020 до 2022 година има работено како советник на извршниот директор во Меѓународниот монетарен фонд.)*



# СИНДИКАТОТ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ДРЖАВАТА

ПЕЦО ГРУЈОВСКИ

**ПРВИОТ ОБИД ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА СИНДИКАЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ДРЖАВАТА БЕШЕ НА ИНИЦИЈАТИВА НА СИНДИКАТОТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ КОЈ ЗАЕДНО СО НОВОФОРМИРАНИТЕ, ПРОГРЕСИВНИ СИНДИКАТИ ВО ТОЈ ПЕРИОД: САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ НА КЛИНИЧКИТЕ ЦЕНТРИ (ССКЦ), САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ НА НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ (ССНМ), СИНДИКАТОТ НА МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТСКА СЛУЖБА (СМДС) И ДВИЖЕЊЕТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПРАВДА „ЛЕНКА“, НА 30.4.2013 ГОДИНА ЈА ПОТПИШАА „ПОВЕЛБАТА ЗА СОЛИДАРНОСТ НА СИНДИКАТИТЕ И СИТЕ ПРИЈАТЕЛИ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА“. ЦЕЛТА БЕШЕ ЗАЕДНИЧКИ ДА СЕ СПРОТИВСТАВАТ НА ТРЕНДОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕТО И УКИНУВАЊЕТО НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА И ДА СЕ СПРОТИВСТАВАТ НА РАСПАДОТ НА ПРАВНИОТ СИСТЕМ КОЈ Е ПРЕДУСЛОВ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО**

Со распаѓањето на социјализмот во Европа кон крајот на минатиот век и со развојот на пазарната економија во сите постсоцијалистички земји, се променија и односите на пазарот на трудот. Синдикатот како организација на работниците се најде во сосема нова позиција. Една од карактеристиките на тие промени е плурализмот во синдикалното организирање, при што во повеќето земји се појавија и се формираа нови синдикати кои опфаќаа дел од работништвото, најчесто од одредена гранка, но нивниот број на членови беше мал и незначителен.

Но, во некои земји во транзиција новоформираните синдикати израснаа во вистински организации на работниците и вистински застапници на нивните права и, слободно може да се каже, внесоа и нов синдикален дух.

Сличен пат помина и синдикалното движење во нашата земја во која се формираа неколку нови синдикати со малубројно членство, а со тоа и слабо влијание меѓу работниците.

Во тие години на транзиција, Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), како единствена и најмасовна организација, ја имаше својата трансформација уште на самиот почеток на деведесеттите години на минатиот век, организирајќи го членството врз грански принцип и доброволно зачленување. Незадоволните од работата на тогаш единствениот синдикат, ги направија првите обиди да формираат нови синдикати. Со цел да покажат дека тие ќе бидат новата сила во синдикалното движење, пред името на синдикатот обично ја ставаа придавката: „независни“, „автономни“, „самостојни“, и слично, сметајќи дека на тој начин ќе придобијат поголемо членство. Но, од новиот лик на новите синдикати, не се виде ништо ново. Некои од нив згаснаа или ќе се јавеа во јавноста со жестоки напади врз ССМ обвинувајќи го за негова: пасивност, незнаење и волунтаризам. На тој начин сакаа да покажат пред јавноста жилавост и привидност дека сè уште постојат.

Но, она што е најкарактеристично, тие никогаш не се појавија во јавноста да ги презентираат своите програмски цели и, како што сакаа да се претставаат, да го покажат новиот синдикален лик. Единствени конкретни „активности“ им беа: нападите на ССМ, (сметајќи дека на тој начин ќе добијат симпатии меѓу работниците), барање за поделба на синдикалниот имот, измислување било каков повод за синдикални конфронтации, а понекогаш манифестирање и на инциденти. Со други зборови, по урнекот на политичките партии, тие делуваа како опозиција на најбројниот синдикат – ССМ.

Во едни такви околности, ССМ опстојуваше и опстои и покрај сите искушенија. Тогаш ја имаше историската шанса да се спротивстави на криминалната приватизација и да ги оневозможи и спречи негативните процеси што го загрозуваа македонскиот транзициски работник. Успеа да се одбрани од ударите на новоформираните синдикати, но и од ударите на власта која не гледаше со симпатии кон организацијата на работниците, не ги почитуваше некои од одредбите на колективните договори, како и други недоследности кои негативно се одразуваа врз вкупниот имиџ на синдикатот.

Во услови на спротивставени интереси – работодавач (да добие повеќе труд за помала цена), работници (да добијат пристојни плати за својот труд), односно судирот на интересите, работниците (мораа да) знаат дека треба да се обединат и заеднички да дејствуваат во остварување на своите цели и интереси. Но, и покрај ова

**ТРИПАРТИТНАТА СОРАБОТКА НА: ВЛАДАТА, РАБОТОДАВАЧИТЕ И СИНДИКАТИТЕ Е ПРИСУТНА ВО СИТЕ РАЗВИЕНИ ДЕМОКРАТИИ И НА ТОЈ НАЧИН УЧЕСНИЦИТЕ МОЖАТ АРГУМЕНТИРАНО ДА ГИ СПРОТИВСТАВАТ РАЗЛИЧНИТЕ ИНТЕРЕСИ ВОСПОСТАВУВАЈЌИ НА ТОЈ НАЧИН ТРИПАРТИТЕН „СОЦИЈАЛЕН ДОГОВОР“. ЗА РАЗЛИКА ОД ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДНА ЕВРОПА, ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА, КОИ КАКО И НАШАТА ЗЕМЈА МИНАА НИЗ ТРАНЗИЦИЈА, МНОГУ ПОРАНО ОД НАС ГИ НАПРАВИЈА ПРВИТЕ ЧЕКОРИ НА ТРИПАРТИЗМОТ. ВО НЕКОИ ОД НИВ ТОЈ БЕШЕ ВОСПОСТАВЕН ЗА КРАТКО ВРЕМЕ (ЧЕШКА, УНГАРИЈА И ПОЛСКА), А КАЈ ОСТАНАТИТЕ ОВОЈ ПРОЦЕС ПОЧНА СО ЗАДОЦНУВАЊЕ ОД ДВЕ-ТРИ ГОДИНИ. МАКЕДОНИЈА ПОСЛЕДНА ЈА ПРИМЕНИ ТРИПАРТИТНАТА СОРАБОТКА**

сознание и едновековната традиција на синдикалното движење во Македонија, синдикатите во земјата продолжија да дејствуваат разединето, а некои и дезориентирано. Од друга страна, пак, и денес во повеќе дејности од приватниот и јавниот сектор сè уште има слаба организираност (скоро никаква). Во текстилната индустрија и трговијата, во изминатите 30-тина години има класична експлоатација на трудот на работниците, па дури и непочитување на правата што се однесуваат на работниот однос (прекувремена работа, работа во смени, тешки услови за работа). Меѓутоа, слабата организираност е присутна и во јавниот сектор. Во многу значајни институции вработените не се синдикално организирани или, пак, се формирани синдикални организации а синдикалната работа е слична на работата на трговски организации и туристички агенции, а сепак се нарекуваат синдикати. Барем нормативно и формално тие се така регистрирани.

### Дали синдикалниот плурализам и демократските процеси донесоа нов квалитет во синдикалното организирање?

Во 2008 година синдикалното движење во Македонија одбележа значаен јубилеј – 100 години од своето постоење, односно од првите синдикални почетоци. На Првиот земски конгрес на работниците и намештениците на Македонија, што се одржал во Скопје, од 18 до 21 август 1946 година, продолжува традицијата на синдикализмот од пред војната, со формирањето на единствената синдикална организација – Сојузот на синдикатите на Македонија. По распадот на поранешната заедничка држава – Југославија, и по напуштањето

на еднопартискиот систем, синдикатот како организација на работниците почна да дејствува во сосема нови услови на пазарно стопанство а колективните договори станаа негов најзначаен инструмент во остварувањето на неговата функција. Како единствена, а воедно и најмасовна организација на работниците, ССМ мораше да се приспособи на новонастанатите услови, да се трансформира и реформира, организирајќи се по примерот на западните синдикати по гранки и дејности и во негови рамки се формираа 14 грански синдикати.

Во меѓувреме, се формираа и нови синдикати кои, за жал, не донесоа некој значаен квалитет во синдикалното движење, гледано и од денешен аспект. Нивните програми беа по секој повод насочени кон напади на ССМ и неговите активности. Кажано со други зборови, тие повеќе дејствуваа (чест на ретките исклучоци) како негова опозиција, отколку како нови демократски синдикати кои требаше да донесат конкуренција во синдикалната борба и нови идеи. Наместо да се искористат демократските процеси во државата, а со тоа и синдикалниот плурализам, наместо да се добие нов квалитет и конкуренција во синдикалното организирање, наместо да се обединат во остварувањето на заедничките цели и интереси, тие се определија да одат по пат на расцепканост и разединетост. Таквата состојба до денес не е изменета и таа, секако, најмногу им одговара на работодавачите.

Новоформираните синдикати во најзначајниот период за работниците – периодот на транзиција, не се издигнаа од својата приземност и не покажаа нов квалитет. Всушност, со таквото нивно однесување тие им одеа на рака на работодавачите кои тогаш најсилно настојуваа да ја минимизираат работата на синдикатот, да го разединат и ослабат, во што и успеаја. Но, и многуте негативни процеси за работниците на економски и социјален план: приватизацијата, губењето на работните места, стечаи и ликвидацијата на многу претпријатија, намалување на правата од работен однос, реформи на пензискиот и здравствениот систем, не ги „разбуди“ синдикатите и тие не беа единствени и солидарни да се спротивстават. Во една таква ситуација, ССМ остана осамен и како единствен синдикат кој требаше да се „бори“ со работодавачите, постојано беше „дежурен виновник“ за сите состојби на економски и социјален план, на чие конто се книжеше сета негативна енергија на незадо-

волните работници. Иако во тие моменти се обиде да ги придобие и другите синдикати за заедничка борба, но во тоа не успеа можеби и заради суетата на најголем и најстар синдикат во државата. Како и да е, тогаш синдикатите ја испуштија златната шанса да ја добијат довербата на работниците.

Првиот и конкретен обид за обединување на синдикалното движење во државата беше на Иницијатива на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани (Синдикат на УПОЗ – членка на ССМ). Овој Синдикат, заедно со новоформираните и единствените прогресивни синдикати во тој период: Самостојниот синдикат на клиничките центри (ССКЦ), Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници (ССНМ), Синдикатот на македонската дипломатска служба (СМДС) и Движењето за социјална правда „Ленка", на 30.4.2013 година ја потпишаа „Повелбата за солидарност на синдикатите и сите пријатели на работниците во Македонија". Целта на оваа соработка и обид за обединување на синдикатите беше: синдикатите конечно заеднички да се спротивстават на негативните трендови за намалувањето и укинувањето на постојните работнички права, да се спротивстават на распадот на правниот систем кој е предуслов за функционирањето на секое демократско општество, нехуманата политика спрема најголемиот број вработени во јавниот и приватниот сектор, негирањето на јасните правни норми, неоснованите дисциплински постапки против работниците... На крајот од „Повелбата за солидарност..." се вели дека „потписниците ја потпишуваат во предвечерието на најголемиот празник на работниците од целиот свет – Први мај, Меѓународниот ден на трудот. Со тоа, на симболичен начин сакаме да покажеме дека нашата борба е за, и во името на работниците и дека до година нема да постои дилема дали да празнуваме (за Први мај) или треба да го дигнеме гласот за: поголеми права, плати, подобри услови за работа... Само така ќе го вратиме значењето на Први мај како празник на работниците од целиот свет кои ги поврзува взаемна солидарност и ќе останеме вечен непокор и симбол на трудот".

Најнова Иницијатива за заедничко дејствување покрена Самостојниот синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи (ССКЦ). Ги повика сите релевантни синдикати од јавниот сектор на

2.3.2023 година да расправаат по повод Нацрт-законот за системот на плати во јавниот сектор. На расправата беше констатирано дека е време за обединување и заедничко дејствување на синдикатите. Нацртот на Законот беше подготвен без учество на синдикатите. Тој е неприфатлив за нив бидејќи се намалува улогата и значењето на синдикатите, како и заштитата на правата од работен однос и дека со ваквиот предлог се нарушува постојниот систем на плати утврден во колективните договори. Од средбата беше усвоена заедничка Декларација која ќе биде упатена до Владата на РСМ. Времето ќе покаже дали конечно синдикатите ќе сфатат дека треба да се обединат и заеднички да дејствуваат, бидејќи целта и интересите им се заеднички. Ако до тоа не дојде, вината не треба да се бара кај работодавачите туку кај синдикалните челници.

## Трипартизмот како современ модел за превентивно разрешување на социјалните конфликти

Трипартитната соработка на: владата, работодавачите и синдикатите е присутна во сите развиени демократии и на тој начин учесниците можат аргументирано да ги спротивстават различните интереси воспоставувајќи на тој начин трипартитен „социјален договор". За разлика од земјите од Западна Европа, државите од Централна и Источна Европа, кои како и нашата земја минаа низ транзиција, многу порано од нас ги направија првите чекори на трипартизмот. Во некои од нив тој беше воспоставен за кратко време (Чешка, Унгарија и Полска), а кај останатите овој процес почна со задоцнување од две-три години. Македонија последна ја примени трипартитната соработка.

Уште од самиот почеток, до денес, Економско-социјалниот совет (ЕСС) во нашата држава не ги оправда очекувањата (особено на синдикатот) дека ќе биде место каде што ќе се разрешуваат најчувствителните прашања од економско-социјалната сфера и дека тој ќе биде своевиден филтер за разрешување на социјалните конфликти. Економско-социјалниот совет делуваше тромаво и нефункционално и тој (слободно може да се рече) повеќе претставуваше декор за постоењето на вистински социјален дијалог во државата. И, наместо неговата работа да биде унапредувана, ЕСС привидно покажуваше активности коишто не резултираа со вистински социјален дијалог на социјалните партнери. По своја иницијатива можеше да дава мислење, а и предлози за одделни прашања. Владата, министерствата

и другите органи можат од ЕСС да бараат мислење за одделни прашања од економско-социјалната сфера, што во праксата тоа не се случуваше никогаш. Обиди да се измени состојбата имало, но конкретните резултати не говорат за вистинската улога на овој Совет.[1]

**ТРИПАРТИЗМОТ, ОДНОСНО ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ КАКО ТРИПАРТИТНО ТЕЛО, ВО МАКЕДОНИЈА НЕ ГИ ИСПОЛНИ ОЧЕКУВАЊАТА. НАМЕСТО ВАКВИТЕ ТРИПАРТИТНИ ТЕЛА ДА СТАНАТ ВИСТИНСКИ МАЛ „ПАРЛАМЕНТ" КАДЕ ШТО ЌЕ СЕ ВРШИ РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ, КОНСУЛТАЦИИ И ПРЕГОВОРИ ЗА ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАШАЊА, ТИЕ СЕ ПРЕТВОРИЈА ВО „УКРАС" НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ, СО ДИНАМИКА ТРГНИ-ЗАСТАНИ. ВО ОДРЕДЕН ПЕРИОД ПОВЕЌЕ НАЛИКУВАА НА СОЦИЈАЛЕН МОНОЛОГ, НАМЕСТО ЕФЕКТИВЕН СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ШТО ЌЕ ЗНАЧИ ПРИФАЌАЊЕ НА АРГУМЕНТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ, БЕЗ ИГНОРИРАЊЕ НА ДРУГИТЕ АКТЕРИ. ВРЕМЕ Е ЗА ВИСТИНСКИ ДИЈАЛОГ И ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ, НАЛИК НА ВАКВИТЕ СОВЕТИ ВО РАЗВИЕНИТЕ ДЕМОКРАТИИ. ИНТЕГРИРАЊЕТО НА РС МАКЕДОНИЈА ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДУВА И ПРЕКУ ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ВИСТИНСКИ СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ**

На овој план имаше обид за формирање на Заеднички консултативен комитет (ЗКК), но немаше вистинска завршница. Имено, согласно одлуката на Советот на Европа за стабилизација и асоцијација со нашата земја, ЕСС на седницата од 19.9.2007 година расправаше за прашањето за формирање на Заеднички консултативен комитет, за што и Владата на РМ претходно, на седницата од 19.6.2007 година, усвои заклучок. Инаку, овој Комитет требаше: да предлага  и разгледува прашања од економско-социјалната сфера и прашања што се поврзани со процесот на интегрирањето на земјава во ЕУ, зајакнување на соработката на ЕУ со граѓанското општество, и сл. Заедничкиот консултативен комитет требаше да го сочинуваат: Здружението на работодавачите, синдикатите и невладините организации кои требаше да партиципираат со по двајца претставници. Согласно ова, на 15.10.2007 година во Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа заеднички состанок на кој присуствуваа сите регистрирани синдикални организации (сојузи,

1 Економско-социјалниот совет (ЕСС) е составен од 12 членови: четири члена именува Владата на РСМ, четири члена именуваат репрезентативните здруженија на работодавачи на територијата на РСМ и четири члена именуваат репрезентативните синдикати на територијата на РСМ (ССМ како единствен репрезентативен синдикат моментално е застапен со четири члена). Министерот за труд и социјална политика по функција е претседател на ЕСС.

унии, конфедерации). Но, и овој пат синдикалното неединство дојде до израз и не беше постигнат релевантен договор околу партиципацијата од синдикатите  (Конфедерацијата на слободни синдикати го бојкотираше состанокот). Иако ова беше прв заеднички состанок на сите синдикати, беше пропуштена уште една шанса да се манифестира заедништво, со што пропадна и идејата за формирање на вакво тело. И тогаш, синдикатите пред домашната, а и светската јавност, покажаа дека не можат да се договорат и за наједноставни прашања. Па така, и овој воз за Европа заглави во нашата недоследност и нашата нетрпеливост и завист, не гледајќи ги, притоа, општите и заеднички интереси.

### Меѓународните документи како темелна вредност на македонското работно законодавство

Универзалната декларација за човековите права е документ во кој се утврдени заедничките стандарди што треба да се постигнат и почитуваат. Во Република Северна Македонија сите правни прописи се темелат и практикуваат врз начелата на оваа Декларација. Значаен документ во нормативното уредување на правата од работен однос е и Европската социјална повелба која се однесува на подобрувањето на економско-социјалната положба на работниците и остварувањето на правото на сите работници за правична заработувачка која ќе обезбеди пристоен животен стандард. Исто така, за синдикатите од особена важност е и Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи која претставува европски устав на полето на човековите права и основни слободи, вклучувајќи го и правото на формирање на синдикати и здружување на синдикатите.

Во Република Северна Македонија највисок основен извор на трудовото право и социјалната политика е Уставот. Во него, во членот 32 е утврдено дека: „Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закони и со колективен договор.“ Овој член од Уставот, во точката 2, Економски, социјални и културни права,

многу јасно и недвосмислено ја дефинира позицијата на синдикатот во државата и претставува појдовна основа во одредување на позицијата на синдикатот, но и неговата улога во државата и неговата улога во демократските процеси. Тоа резултираше со донесување нов Закон за работните односи на РМ во 1993 година, а само 12 години потоа да се донесе нов Закон за работните односи во РМ, втор од осамостојувањето, и што е значајно, овој пат со активно учество на синдикатот (ССМ) како социјален партнер.

Законот за работните односи од 1993 година беше дел од пакетот на Стабилизационата програма на Владата на РМ и во него се гарантираше слободата на пазарот и претприемништвото, плурализмот на сопственоста, организирањето на трудот и капиталот и политичкиот плурализам. Целта, пак, на донесувањето на новиот Закон за работните односи од 2005 година беше тој да соодветствува на современите текови на европското работно законодавство. Но, очигледно е дека тој или не го положи тестот на времето или некои одредби не беа по волја на поединци и интересни групи, заради што често се правеа измени и дополнувања и се носеа ад хок решенија. Од неговото донесување во 2005 година, до денес, беа направени 49 измени и дополнувања, а поголемиот дел од нив беа донесени без да се почитуваат основните демократски процедури и секогаш се намалуваа правата на работниците. Тоа предизвикуваше бура од реакции заради што Сојузот на синдикатите на Македонија со неговите грански синдикати организираше јавни протести и штрајкови, а одредени одредби ги оспоруваше пред Уставниот суд.

Законот за работните односи покрај: општите одредби, договорот за вработување, обврските на работодавачот и работникот, работното време, посебно го пропиша и мирното решавање на индивидуалните и колективните работни спорови, синдикатите и здруженијата на работодавачи. Особено значајно во овој Закон е што во него има: посебна глава за колективните договори, во која се прецизирани условите за определување на репрезентативност на синдикатот, страните на склучување на колективните договори и други детали околу нив, како и глава за штрајкот и за Економско-социјалниот совет.

Во членот 204 од ЗРО, во делот на видови на колективни договори е назначено дека тие се склучуваат како: општи, на ниво на државата; посебни, на ниво на гранка, односно оддел, согласно Националната класификација на дејности; поединечни, на ниво на

работодавач. Во тие рамки е предвидено и утврдување на нивна репрезентативност која на синдикатот му овозможува учество во трипартитни тела за социјално партнерство и трипартитни делегации на социјалните партнери.

За прв пат со ЗРО од 2005 година се озакони и Економско-социјалниот совет, кој во претходниот период функционираше врз основа на потпишаната трипартитна Спогодба (Влада, ССМ и Стопанска комора). Како што е назначено во членот 246 од Законот, тој се основа со цел: за заштита и промоција на економските и социјалните права, односно интересите на работниците и работодавачите, водење на усогласена економска развојна и социјална политика, поттикнување на социјалниот дијалог и склучување и примена на колективните договори и нивно усогласување со мерките на економската, социјалната и развојна политика.

Очигледно, создадените основи и претпоставки утврдени со Уставот и Законот за работните односи во Македонија, а и „во земјите од Централна и Источна Европа, трипартизмот, односно Економско-социјалниот совет како трипартитно тело, не ги исполни очекувањата. Наместо ваквите трипартитни тела да станат вистински мал 'парламент' во кои: ќе се врши размена на информации, консултации и преговори за економски и социјални прашања, тие се претворија во 'украс' на демократските вредности...".[2]

Тој се развива врз принципот тргни-застани. Во одреден период повеќе наликуваше на социјален монолог, наместо ефективен социјален дијалог кој ќе значи прифаќање на аргументите на социјалните партнери, а не игнорирање на другите актери. Време е за вистински дијалог и Економско-социјален совет кој ќе биде барем налик на ваквите совети во развиените демократии. Интегрирањето на Република Северна Македонија ќе се обезбедува и преку воспоставување на вистински социјален дијалог.

*(Пецо Грујовски е поранешен претседател на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија /Синдикат на УПОЗ/ и поранешен портпарол на ССМ.)*

2 Д-р Андон Мајхошев: „Синдикатот во политичките процеси", Штип, 2007, стр. 109

СТУДЕНСКИ ПОГЛЕД



# ГРАДЕЊЕ ДЕМОКРАТСКА ОТПОРНОСТ

РИСТО ДАМОВСКИ

**ПОВЕЌЕТО ДРЖАВИ ДЕНЕС ЈА ИМААТ ПРИФАТЕНО ДЕМОКРАТИЈАТА КАКО „НАЧИН НА ВЛАДЕЕЊЕ“ И СЕ СЕБЕИДЕНТИФИКУВААТ КАКО „ДЕМОКРАТСКИ“. НО, ШТО ЗНАЧИ ЕДНА ДРЖАВА ДА БИДЕ ДЕМОКРАТСКА? ШТО ЗНАЧИ ДА СЕ НЕГУВААТ: ДЕМОКРАТСКИ ПРИНЦИПИ, ДЕМОКРАТСКИ ВРЕДНОСЕН СИСТЕМ И ДЕМОКРАТСКО ВЛАДЕЕЊЕ ЗАСНОВАНО ВРЗ СУВЕРЕНИТЕТ ШТО Ѝ БИЛ ПРЕНЕСЕН НА ОПРЕДЕЛЕНА ВЛАСТ ОД СУВЕРЕНИОТ, ОДНОСНО ОД НАРОДОТ? КАКВИ: ВРЕДНОСТИ, ИДЕАЛИ И МИСЛА БИ ТРЕБАЛО ДА НЕГУВА ОПШТЕСТВОТО КОГА ПРИНЦИПИТЕ ВРЗ КОИ ПОЧИВА, КОИШТО ГИ НАРЕКУВА „ДЕМОКРАТСКИ“, ЌЕ БИДАТ НАПАДНАТИ И ПОД ЗАКАНА? ШТО ЈА ПРАВИ ДЕМОКРАТИЈАТА ВАКВА КАКВА ШТО ЈА ПОЗНАВАМЕ ДЕНЕС, ОТПОРНА КОН АВТОРИТАРНИТЕ И ТОТАЛИТАРНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ?**

Клучен историски момент во филозофската мисла, која претходно се занимавала со метафизика и космологија, доаѓа со софистите, кои внесуваат антропоцентризам во неа. Со ова, на филозофската сцена настапуваат филозофи, како: Сократ, Платон и Аристотел, чии учења го вметнуваат човекот во главната улога на општествената мисла. Идејата на Аристотел за *zoon politikon* ни укажува дека единственото место во кое човекот може да се развие разумно и достоинствено, а со тоа да ги задоволи своите интереси и да го обезбеди својот опстанок, е само општеството. Општественото конфигурирање е есенцијално за воспоставувањето благосостојба и за зголемување на извесноста во секојдневното функционирање, а тоа претставува определена инстинктивна потреба, односно еден вид примордијално програмирање коешто го поседува човекот.

Доказ за потребата за зголемување на општествената извесност и воспоставување ред во општествата, со цел достоинствено да се

развиваме, претставуваат и закониците на првите цивилизации – Хититските законици и Хамурабиевиот законик од бронзената ера, како и закониците од: Далечниот Исток, Кина и Индија. Вредностите и принципите што ѝ ги припишуваме на демократијата, денес ни овозможуваат континуирано да се стремиме кон градење здрави општества, во кои извесноста ќе биде голема и во кои природната состојба, којашто често ја користиме како хипотетичка појдовна точка, ќе биде целосно контролирана. Човековите природни права ќе бидат целосно заштитени и врз темелите што сме ги поставиле прифаќајќи ги тие права, што ќе води кон успешно воздигнување на нашата општествена мисла.

## Идентификување како демократија

Денес, светот во најголема мера е согласен дека демократијата содржи принципи и вредности врз коишто можеме да градиме здрави општества. Повеќето држави ја имаат прифатено демократијата како „начин на владеење" и се себеидентификуваат како „демократски". Но, што значи една држава да биде демократска? Што значи да се негуваат: демократски принципи, демократски вредносен систем и демократско владеење засновано врз суверенитет што ѝ бил пренесен на определена власт од страна на суверениот, односно народот?

Освен тоа, какви: вредности, идеали и мисла би требало да негува едно општество кога принципите врз кои почива, кои ги нарекува „демократски", ќе бидат нападнати и под закана? Што ја прави демократијата ваква каква што ја познаваме денес, отпорна кон авторитарните и тоталитарните тенденции?

Сите овие прашања е потребно постојано да си ги поставуваме заради градење општество што ќе ги отсликува демократските принципи и што ќе биде подготвено да ги детектира и да се одбрани од заканите врз принципите и вредностите врз кои почива.

## Генеза на денешните демократски вредности

Круцијално за едно општество е да ја разбере генезата и појдовната точка за развој на мислата што придонела за градењето на вредностите врз кои почива тоа општество. Кога станува збор за демократскиот вредносен систем, според кој навидум се водиме

денес, потребно е да се разбере дека голем број од тие вредности и принципи, всушност, произлегуваат од мисловните и теоретските традиции, како: либерализмот, конституционализмот, републиканизмот и просветителството. Ако се земе најшироко прифатената дефиниција за демократијата што произлегува од етимолошките корени на зборот, односно дека демократијата претставува владеење на народот, од перспективата на политичката анализа на демократските вредности оваа „дефиниција“ е бескорисна. Токму на ова се надоврзува и Семјуел П. Хантингтон во своето дело – *Третиот бран: демократизацијата во доцниот дваесетти век (The Third Wave: Democratization in the Late Twentieth Century)* од 1991 година, каде што посочува дека демократијата во нејзината најсурова форма, всушност, претставува само начин на избор на власта во една држава.

„Власта што е избрана на: компетитивни, повеќепартиски, фер и слободни избори претставува демократска власт, дури и кога е: корумпирана, неефикасна, неспособна за креирање јавни политики и за нивно спроведување, тоа не ја прави недемократска, туку непосакувана“.[1]

Оваа критика на демократијата се јавува уште во античката филозофска традиција, во учењата на Сократ и Платон, кои се остри критичари на плебисцитарната природа на демократијата, како и кај Аристотел, кој е поумерен критичар. Критика за суровата и плебисцитарна природа на демократијата може да согледаме и во моралната филозофија на Имануел Кант. Тој верува дека во една република е потребен систем на определена посредна репрезентација на народот, но и покрај тоа ја отфрла демократијата од својата визија за перпетуален светски мир, кога републиките ќе се засноваат врз почитување на неотуѓивите природни човекови права и појдовниот идеал на либерализмот за слободата, односно дека слободата на една индивидуа завршува таму каде што почнува слободата на друга индивидуа. Овој идеал е клучен во учењата на Кант за светскиот мир и хармонијата на републиките. Тој, всушност, прави една макропроекција за тоа како би требало да се засноваат односите на републиките, изведена од микрониво, односно за перцепцијата за слободата што ја поседуваат индивидуите во секојдневното

1 Huntington, S. P. (1991) *The Third Wave: Democratization in the Late Twentieth Century.* Oklahoma: University of Oklahoma Press.

општествено конфигурирање. Проблемот на популизмот, со кој денес се соочува светот, претставува токму плебисцитарноста, која е во срцевината на демократијата.

Францускиот мислител од 19 век, Алексис де Токвил, во своето дело: *Демократијата во Америка* го дијагностицира истиот проблем кај демократијата што го идентификувал Кант, како и античките филозофи. Токвил нѐ предупредува за популистичката природа на демократијата и за опасноста што извира од популизмот. Ако еден политички лидер целокупниот свој легитимитет го сведува на плебисцитарната поддршка, притоа занемарувајќи ги вредностите на либерализмот за почитувањето на основните човекови права и ограничувањето на моќта, а со тоа и на своеволието на политичките лидери преку конституционализмот, тој претставува популистички лидер.

Од ова согледуваме дека овој феномен не е проблем на 21 век. Либерализмот и конституционализмот претставуваат основа на денешната демократија и на нејзиниот вредносен систем. Либерализмот се повикува на филозофските постулати од Античка Грција за слободата на индивидуата и се развива врз нив. Конституционализмот почива врз традицијата на Римската Република и владеењето на правото. Освен тоа, од големо значење за конституционализмот се и револуционерните тенденции во 13 век за ограничување на своеволието на монарсите од страна на крупната аристократија. Овие тенденции кулминирале со Големата повелба на слободата, односно *Magna Carta Libertatum,* од 1215 година, и често заборавениот кралски едикт на Андреј II од Унгарија, од 1222 година. Овие два историски документи се клучни

**ЛИБЕРАЛИЗМОТ И КОНСТИТУЦИОНАЛИЗМОТ ПРЕТСТАВУВААТ ОСНОВА НА ДЕНЕШНАТА ДЕМОКРАТИЈА И НА НЕЈЗИНИОТ ВРЕДНОСЕН СИСТЕМ. ЛИБЕРАЛИЗМОТ СЕ ПОВИКУВА НА ФИЛОЗОФСКИТЕ ПОСТУЛАТИ ОД АНТИЧКА ГРЦИЈА ЗА СЛОБОДАТА НА ИНДИВИДУАТА И СЕ РАЗВИВА ВРЗ НИВ. КОНСТИТУЦИОНАЛИЗМОТ ПОЧИВА ВРЗ ТРАДИЦИЈАТА НА РИМСКАТА РЕПУБЛИКА И ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО. ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ЗА КОНСТИТУЦИОНАЛИЗМОТ СЕ И РЕВОЛУЦИОНЕРНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ ВО 13 ВЕК ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СВОЕВОЛИЕТО НА МОНАРСИТЕ, ШТО КУЛМИНИРАЛЕ СО ГОЛЕМАТА ПОВЕЛБА НА СЛОБОДАТА (MAGNA CARTA LIBERTATUM), ОД 1215 ГОДИНА И ЧЕСТО ЗАБОРАВЕНИОТ КРАЛСКИ ЕДИКТ НА АНДРЕЈ II ОД УНГАРИЈА, ОД 1222 ГОДИНА. ОВИЕ ДВА ИСТОРИСКИ ДОКУМЕНТИ СЕ КЛУЧНИ ВО ОГРАНИЧУВАЊЕТО НА МОЌТА НА ЛИДЕРИТЕ НА ДРЖАВИТЕ**

во градењето на теоријата на конституционализмот, односно ограничувањето на моќта на лидерите на државите. Градењето на теориите и учењата на либерализмот и конституционализмот го забележуваме во учењата и идеите на мислителите, како: Томас Хобс, Џон Лок, Дејвид Хјум, Адам Смит, Монтескје, Жан Жак Русо и уште многу други. Генералниот заклучок до којшто може да се дојде преку изучување на теориите на овие мислители е дека индивидуата и нејзините природни права мора да бидат прифатени и заштитени од страна на државата, преку ограничување на нејзината сопствена моќ и поделба на власта. Идеалите на просветителството и либерализмот кулминирале со либералните револуции во втората половина на 18 век, како Американската борба за независност, од 1776 година и Француската буржоаска револуција, од 1789 година. Заради овие историски настани тркалото на историјата започнало да се движи со огромна брзина, а во 19 век почнуваат да се создаваат нациите-држави, чии постулати биле поставени уште во 1648 година, со Мирот од Вествалија.

Со градуалното создавање на нациите-држави и градењето разновидни политички системи, може да се забележи постојано и континуирано спојување на идеалите на: либерализмот, конституционализмот, просветителството и демократијата како начин за избирање на власта во една држава. Кулминацијата на овој градуален процес на соединување на различни: идеали, вредности, принципи, се случува по Втората светска војна, по што и бројот на државите во светот рапидно се зголемува. Кај државите од Западот по 1945 година се случува скоро целосна интеграција на демократијата со теоретските традиции што се постулат на нејзиниот вредносен систем, притоа амортизирајќи ја инхерентната популистичка природа на демократијата. Проблем со многуте новосоздадени држави по Втората светска војна, а особено по распадот на комунистичките и социјалистичките режими во 1990-тите, претставува занемарувањето на основата на демократскиот вредносен систем и принципи, нагласувајќи ја споменатата сурова и популистичка природа на демократијата.

Филозофските традиции што ги опишавме се длабоко вкоренети во општествената традиција на Западот и токму заради тоа отпорот кон авторитарните, тоталитарни тенденции кај овие демократии е изразен и очигледен, а поголем дел од новосоздадените др-

жави што транзитираат во „демократија", всушност, како што вели Фарид Закариа, претставуваат нелиберални демократии.[2]

### Градење здрави демократски општества

Земјите од Западна Европа имаат вековна традиција на создавање на вредностите што денес по автоматизам му се припишуваат на она што се нарекува демократска држава и владеење, меѓутоа поголем дел од земјите во светот претставуваат нови демократии, коишто се создадени во 20 век. Тие се без вековна историја на градење либерални вредности што се испреплетуваат со демократијата, немале претходно искуство со: демократски вредности, принципи и демократски начин на избирање власт во државата. Сите овие фактори генерираат огромен корпус на предизвици и проблеми со коишто новите демократии, кои транзитираат во демократски држави или држави на коишто им е потребна демократска консолидација, мора да се соочат. Демократиите во земјите од Западна Европа историски започнуваат да се градат одгоре-надолу, почнувајќи од владетелите и крупната аристократија. Тоа е евидентно во гореспоменатите документи, со кои се ограничува своеволието на монарсите, како: Magna Carta Libertatum и кралскиот едикт на Андреј II од Унгарија, дополнително и борбата за намалување на авторитетот и моќта што црковните власти ја имале врз секојдневното општествено функционирање. Од друга страна, новите демократии започнуваат да се градат оддолу-нагоре, односно содржат определен *grassroot*-елемент. Во оваа категорија може да се споменат и Соединетите Американски Држави, кои по 1776 година го претставуваат првиот „експеримент" на либералната мисла.

Разликите во начинот на креирање и конструирање на демократијата може да ни послужат при објаснување на тешките процеси со кои се соочуваат новите демократии, како демократската транзиција и демократската консолидација. Одличен пример за обата процеси претставуваат новите демократии коишто се создаваат по распадот на комунистичките и социјалистичките режими. Транзицијата претставува процес на придвижување од еден, во друг политички систем и таа во себе го содржи методот на создавање одгоре-на-

2 Zakaria, F. (1997) „The Rise of Illiberal Democracy". *Foreign Affairs,* 76(6), Nov/Dec, 1997, pp. 22. Published by the Council on Foreign Relations. [Online source]. Available at: https://msuweb.montclair.edu/~lebelp/FZakariaIlliberalDemocracy1997.pdf

долу. За да започне транзицијата, потребна е целосна промена на идеолошката матрица врз која се градел претходниот политички систем, а промената на идеолошката матрица подоцна би требало да биде отсликана во самите институции на државата. Потоа, институциите што ќе се засноваат врз новиот вредносен систем, со изменети принципи на владеење, ќе помогнат при градењето цивилно општество и демократска политичка култура. Политичката култура и цивилното општество се есенцијални за функционирањето на денешните демократии и се стожер на демократската отпорност. Ако политичката култура е здрава и цивилното општество претставува морален и етички коректор на државата, но истовремено, не е во постојан антагонизам со државата, тогаш демократијата ќе биде способна за дијагностицирање на: вредностите, принципите и општествените случувања што се насочени директно против самиот вредносен систем врз кој почива демократското општество.

### Демократска консолидација

По демократската транзиција, следува процесот на демократска консолидација. Овој процес, земајќи го предвид искуството со новите демократии, е далеку потежок и временски подолготраен бидејќи во себе го содржи гореспоменатиот *grassroot*-елемент. Кога народот нема претходно искуство со демократски и либерални вредности, тој се соочува со тешкотии при дефинирањето кој вредносен систем, всушност, е потребно да се консолидира. Консолидацијата на демократијата претставува обратен процес од транзицијата и таа тргнува од цивилното општество и политичката култура, кои треба да извршат влијание врз самиот државен апарат и врз генералната општествена идеолошка матрица за тоа како треба и како би сакале да функционира нашето општество. Всушност, доколку демократската консолидација се движи во споменатата насока и е успешна, како нуспроизвод ќе започне да се создава и да еволуира демократската отпорност. Доколку демократската консолидација доживее стагнација во процесите на вршење притисок преку политичката култура и цивилното општество, тогаш современиот симбиотичен однос на либералните вредности и демократијата е нападнат и започнува да се распаѓа. Најчесто доаѓа до нагласување на инхерентната популистичка природа на демократијата и отфрлање на либералните вредности. Токму заради ова, популизмот може да се

забележи во голем број од новите држави и демократии по распадот на комунизмот и социјализмот. Наместо цивилното општество, кое претходно било круцијално при рушењето на комунистичките режими, да го продолжи процесот на консолидација по транзицијата, тоа, всушност, доживува еден вид идентитетска криза.

## Недемократски тенденции

Не знаејќи како да се однесува кон државата и продолжувајќи со постојаниот антагонизам кон неа, тоа доведува до создавање политичка култура којашто наместо да биде партиципативна, всушност, е поданичка и создава плодна почва за градење култ на личности. Сето тоа значи дека политичките лидери коишто ќе бидат избрани, всушност, доживуваат метаморфоза во новиот вид популисти што постојат денес. Доколку ја прифатиме за точна дефиницијата на Макс Вебер дека: „Власта не претставува ништо освен институционализирана моќ"[3], во тој случај и самата моќ што ќе произлегува од таа власт и ќе ја доверува, ако биде заснована врз недемократски вредности, ќе биде гнила. Дополнително, Вебер во неговите учења посочува различни видови: авторитет, лидерство и моќ. Тој ни укажува на фактот дека постојат три вида авторитет и три вида лидер: традиционален, харизматски и легално-рационален. Традиционалниот вид авторитет и лидер е оној којшто е закотвен во традицијата и ги следи вредностите што ги пропагира таа определена традиција. Пример за традиционалниот вид се средновековните монарси, кои сметале дека поседуваат Божјо право да владеат на Земјата. Харизматската теорија за авторитетот и лидерството се сведува на способностите на определена индивидуа. Ваквите заклучоци за поимот лидер може да се сретнат уште во антиката, во делата на Платон и Аристотел. Ова учење има и свои библиски корени, односно дека Господ Бог ќе прати свој претставник на Земјата, и тој ќе го води човештвото во спасение – определен месија.

Во современите демократски општества, легално-рационалниот систем претставува систем кон којшто демократските општества треба да се стремат, и во определените случаи во коишто државата има причина да го користи монополот на физичка присилба, е

3 Вебер, М., како што е цитиран во Мојаноски, Т. Ц. (2017) *Политичка социологија*. Скопје: Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски", Битола.

целосно оправдан. Авторитетот и моќта што ги поседува овој лидер се безлични, не ги поврзуваме со индивидуа, односно произлегуваат од социолошката потреба за институционализирање и бирократско организирање на општеството, што доведува до зголемување на извесноста и стабилноста во секојдневните општествени односи и случувања. Кога од самата појдовна точка, односно од општеството на граѓани, консолидацијата ќе тргне во погрешна насока, спротивно од онаа низ која треба да се консолидираат демократските вредности, тоа ќе нѐ доведе до создавање поданичка политичка култура. Аналогно на тоа, многу поверојатно е општеството на „демократски" избори да избира лидери коишто ќе бидат, како што вели Вебер, традиционални или харизматски, а притоа дел од нивниот легитимитет ќе биде популистички закотвен. Сето ова доведува до демократии што не се отпорни, односно се неспособни за лечење на веќе постојните недемократски принципи во општеството и за дополнително дијагностицирање на можни недемократски тенденции. Општеството на граѓани, односно цивилното општество, е појдовна точка во консолидирањето на демократијата. Иако различни видови дефекти, како што опишавме, може да се случат од самиот почеток, што подоцна доведува до еден вид домино-ефект на прекршување на демократските вредности, сепак мора да бидеме отпорни кон она што ги загрозува принципите врз коишто сме решиле да го градиме нашето општество и да бидеме полни со ревност во нашите постојани акции за подобрување на секојдневниот живот.

## Постојано преиспитување

За едно општество да може континуирано да доживува напредок од секој аспект на општествениот живот, потребно е и постојано преиспитување на сопствените идеали и вредносен систем, односно на она врз што сме решиле да почива. Единствено кога ќе изградиме општествена клима и мисла во којашто ќе може безбедно и рационално да ги: критикуваме, оправдуваме, надоградуваме или, пак, заменуваме веќе постојните идеали и принципи, може да очекуваме општествен напредок и зголемување на благосостојбата. Последица на ова ќе биде и зголемување на отпорноста на сопствениот вредносен систем. Ако идеалите врз коишто се граделе нашите општества ги прифатиме со леснотија и апсолутна самодо-

верба, тоа само ќе доведе до мисловна мрзеливост и одржување на мисловното *status quo*, коешто ќе резултира и со намалување на способноста за одбрана на воспоставените општествени идеали.

Можеби најдобар пример за оваа мисловна летаргичност претставува теоријата на Френсис Фукујама, инспирирана од распаѓањето на комунистичките и социјалистичките режими, искажана во неговото дело: *Крајот на историјата и последниот човек*. Според Фукујама, при отсуство на идеолошка спротивставеност, потребно ни е друго објаснување за: иднината на светот, геополитичките случувања и меѓународните односи. Фукујама ова го прифаќа како апсолутна победа на Западот и неговиот начин на живот и вредности. Следствено на тоа, човекот како род сфатил дека единственото добро општествено уредување претставува она на Западот и неговите општествени и економски вредности. Може да се каже дека Фукујама токму заради отсуството на постојано преиспитување на сопствените идеали и идеалите на општеството во коешто конфигурира, доаѓа до искажаниот заклучок со апсолутна доверба во воспоставениот негов вредносен систем. Имајќи ја потребната временска дистанца, може да се заклучи дека теоријата на Фукујама денес е ништожна, а најголем доказ за тоа претставува развојот на Кина, најмногу од економски аспект. Кина, којашто во последните две децении се докажа како најдобар менаџер на капитализмот, притоа не прифаќајќи ги вообичаените општествени вредности на Западот, според кои: пазарната економија, демократијата и либералните вредности се во симбиотичен однос и се нераскинливи. Функционалното цивилно општество, кое треба да биде морален и етички коректор на државата, притоа

**ДЕМОКРАТИИТЕ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДНА ЕВРОПА ИСТОРИСКИ ЗАПОЧНУВААТ ДА СЕ ГРАДАТ ОДГОРЕ-НАДОЛУ, ПОЧНУВАЈЌИ ОД ВЛАДЕТЕЛИТЕ И КРУПНАТА АРИСТОКРАТИЈА. ТОА Е ЕВИДЕНТНО ВО ДОКУМЕНТИТЕ СО КОИШТО СЕ ОГРАНИЧУВА СВОЕВОЛИЕТО НА МОНАРСИТЕ, MAGNA CARTA LIBERTATUM И КРАЛСКИОТ ЕДИКТ НА АНДРЕЈ II ОД УНГАРИЈА, НО И БОРБАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА АВТОРИТЕТОТ И МОЌТА КОЈАШТО ЦРКОВНИТЕ ВЛАСТИ ЈА ИМАЛЕ ВРЗ СЕКОЈДНЕВНОТО ОПШТЕСТВЕНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ. ОД ДРУГА СТРАНА, НОВИТЕ ДЕМОКРАТИИ ЗАПОЧНУВААТ ДА СЕ ГРАДАТ ОДДОЛУ-НАГОРЕ, ОДНОСНО СОДРЖАТ ОПРЕДЕЛЕН GRASSROOT-ЕЛЕМЕНТ. ВО ОВАА КАТЕГОРИЈА МОЖЕ ДА СЕ СПОМЕНАТ СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ, КОИ ПО 1776 ГОДИНА ГО ПРЕТСТАВУВААТ ПРВИОТ „ЕКСПЕРИМЕНТ“ НА ЛИБЕРАЛНАТА МИСЛА**

да ужива автономија и да не биде во постојан конфликт со државата, е клучно за демократското општество и за градењето способност на една демократија да се брани од недемократските тенденции. Дополнително, партиципативната политичка култура, којашто како идеал ќе ја негува граѓанската можност за асоцијација, претставува и лек за една од најкритичните „болести“ што една демократија може да ги има, а денес е широко распространета во „демократскиот“ свет. Оваа „болест“ ја дијагностицира и еден од апостолите на демократијата и на просветителството, Монтескје, кој длабоко влијаел врз развојот на денешната демократија. Имено, тој преку неговата мисла: *„Тиранијата на принцот во олигархијата не е толку опасна за јавната благосостојба како апатијата на граѓанинот во демократијата“*[4] ги дијагностицира апатијата и мисловната летаргичност како големи противници на демократските општества.

**ЗА ЕДНО ОПШТЕСТВО ДА МОЖЕ КОНТИНУИРАНО ДА ДОЖИВУВА НАПРЕДОК ОД СЕКОЈ АСПЕКТ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ, ПОТРЕБНО Е И ПОСТОЈАНО ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИТЕ ИДЕАЛИ И ВРЕДНОСЕН СИСТЕМ, ОДНОСНО НА ОНА ВРЗ ШТО СМЕ РЕШИЛЕ ДА ПОЧИВА. ЕДИНСТВЕНО КОГА ЌЕ ИЗГРАДИМЕ ОПШТЕСТВЕНА КЛИМА И МИСЛА ВО КОЈАШТО ЌЕ МОЖЕ БЕЗБЕДНО И РАЦИОНАЛНО ДА ГИ: КРИТИКУВАМЕ, ОПРАВДУВАМЕ, НАДОГРАДУВАМЕ ИЛИ, ПАК, ЗАМЕНУВАМЕ ВЕЌЕ ПОСТОЈНИТЕ ИДЕАЛИ И ПРИНЦИПИ, МОЖЕ ДА ОЧЕКУВАМЕ ОПШТЕСТВЕН НАПРЕДОК И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЛАГОСОСТОЈБАТА. ПОСЛЕДИЦА НА ОВА ЌЕ БИДЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОТПОРНОСТА НА СОПСТВЕНИОТ ВРЕДНОСЕН СИСТЕМ. ВО СПРОТИВНО, ДОКОЛКУ ИДЕАЛИТЕ ВРЗ КОИШТО СЕ ГРАДЕЛЕ НАШИТЕ ОПШТЕСТВА ГИ ПРИФАТИМЕ СО ЛЕСНОТИЈА И АПСОЛУТНА САМОДОВЕРБА, ТОА САМО ЌЕ ДОВЕДЕ ДО МИСЛОВНА МРЗЕЛИВОСТ И НАМАЛУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ЗА ОДБРАНА НА ВОСПОСТАВЕНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ИДЕАЛИ**

Денес, либералните вредности и она што значи да се биде „либерал“, е доведено под прашалник. Во голема мера оваа критика се упатува и кон Западот како главен пропагатор на либерализмот испреплетен со демократијата. Човековите права и нивното почитување многу често знаат да се критикуваат како „западна ароганција“ и обид за вредносна хегемонија. Во оваа дебата се вметнува и културниот релативизам, кој претставува целосно легитимна алатка за критика, но ако го прифатиме апсолутно, во тој случај ги отфрламе и неотуѓивите природни човекови права, кои се

4 Извор: Montesqieu, C. (1748) *Spirit of the Laws.*

основа на либералните вредности. Несомнено, постулатите врз кои почива либерализмот и неговото испреплетување со демократијата содржат универзалност. Тие може да бидат прифатени од држави и земји со различни: културни, вредносни, религиски заднини, како и земји со различни степени на религиска и етничка хомогеност или хетерогеност. Самиот стремеж за градење општество базирано врз универзалните постулати на либералните вредности и демократијата, ќе нè доведе и до креирање определен вид механизам за одбрана на тие постулати, коишто се есенцијални за креирање општество во коешто човекот ќе може да воспостави благосостојба и достоинствено да се развива.

*(Ристо Дамовски е дипломиран политиколог на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. Во моментов студира втор циклус студии по Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија. Има учествувано на обуки и проекти за теми поврзани со политичките науки. Други полиња на интерес му се: филозофија, политичка психологија, историја и безбедносни прашања.)*

СТУДЕНСКИ ПОГЛЕД



# СПОСОБНОСТ НА СИСТЕМОТ ДА СЕ БРАНИ И ЗАКРЕПНУВА

АЊА ДИЗДАРЕВИЌ

**ЖИВЕЕМЕ ВО ЕРА КОГА ДЕМОКРАТИЈАТА Е ЧЕСТО СООЧЕНА СО РАЗЛИЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ. ОДГОВОРОТ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОБЛЕМИ ЗАВИСИ ОД МНОГУ ФАКТОРИ, А НАЈМНОГУ ОД ТОА КАКО ДРЖАВАТА РЕАГИРА НА ТИЕ ПРЕДИЗВИЦИ И КАКВИ ЈАВНИ ПОЛИТИКИ НОСИ. СЕКОЈ ОПШТЕСТВЕН ПРОБЛЕМ НЕ ЈА СТАВА ДЕМОКРАТСКАТА ДРЖАВА НА ТЕСТ, ТУКУ, НАЈЧЕСТО СЕ РАБОТИ ЗА СИТУАЦИИ КОИ НАПАЃААТ ОДДЕЛНИ ДЕМОКРАТСКИ ВРЕДНОСТИ. ПРВИОТ ПРОБЛЕМ ШТО Е ПОСОЧЕН ВО ОВОЈ ТРУД Е РАЗЛИЧНОТО ТОЛКУВАЊЕ НА ТОА ШТО, ВСУШНОСТ, ПРЕТСТАВУВА НАПАД ВРЗ ДЕМОКРАТИЈАТА – ДАЛИ Е ТОА ПРАШАЊЕ ЗА ЛЕВИЦАТА ИЛИ ДЕСНИЦАТА, ЗА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ, ЗА НОВИТЕ ПРОЈАВИ НА ФАШИЗАМ, НАЦИОНАЛИЗАМ ИЛИ, ПАК, НЕШТО СОСЕМА ДРУГО ВО СКЕЛЕТОТ НА ЕДНА ДРЖАВА**

Демократската отпорност се однесува на способноста на демократскиот систем да се спротивстави и да се опорави од заканите за неговите институции и практики. Овој концепт особено е важен во денешниот свет, кога многу демократии се соочуваат со значителни предизвици од внатрешни и надворешни сили кои се обидуваат да ги поткопаат нивните демократски квалитети. Но, не се сите демократии еднакво отпорни. Можеби некои демократии се поотпорни на силите на авторитаризмот во раните фази, барем засега, додека други, можеби, се поотпорни со спротивставувањето во натамошните фази. Разбирањето на факторите коишто придонесуваат за демократската отпорност може да им помогне на креаторите на политиките и на граѓаните да промовираат заштита на демократските институции и практики. Меѓутоа, кога отпорноста на демократијата во раните фази не успеала, демократските режими може да се преиначат во епизоди на диктатура.

Во такви случаи, демократиите мора да покажат отпорност за време на нејзиното распаѓање со елиминирање на потенцијалот за уште поголем колапс за време на нејзиното реставрирање. Во овие ситуации се јавуваат толпи народ, како главна движечка сила на потенцијалните и либерални или тоталитарни режими, заробени во политична апатичност и неутралност. „Уште поголема грешка би било да се заборави, заради оваа непостојаност, дека тоталитарните режими, сѐ додека се на власт, како и тоталитарните лидери, сѐ додека се живи, командуваат и се одржуваат благодарејќи на поддршката од масите“.[1] Демократската отпорност во овој контекст би значело превенирање на ваквиот тип режими преку одредени апарати кои би придонеле за зајакнување на демократијата.

**ПОПУЛИЗМОТ, НЕЗАВИСНО ОД КОЈ ДЕЛ ОД ИДЕОЛОШКИОТ СПЕКТАР ПОТЕКНУВА, ПРЕТСТАВУВА ОПАСНОСТ ЗА ДЕМОКРАТСКИОТ РЕЖИМ, БИДЕЈЌИ ПОСТЕПЕНО ЈА ПРИДУШУВА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО НЕГО. ЈАЗОТ МЕЃУ ЛЕВИЦАТА И ДЕСНИЦАТА Е ПРОБЛЕМ ШТО ГО ПОЛАРИЗИРА НАРОДОТ, А ГРАЃАНСКАТА АПАТИЧНОСТ МОЖЕ ДА СЕ КЛАСИФИЦИРА КАКО ЕДЕН ОД УБИЈЦИТЕ НА ДЕМОКРАТСКИОТ СИСТЕМ. ШИРЕЊЕТО НА НЕЛИБЕРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ, ПАК, НЕ Е НОВ ПРОБЛЕМ СО КОЈ СЕ СООЧУВА ДЕМОКРАТИЈАТА. НО, НАСПРОТИ СИТЕ ОВИЕ ПРЕДИЗВИЦИ, ФЛЕКСИБИЛНОСТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА Ѝ ДАВА МОЖНОСТ ПРЕКУ ОДРЕДЕНИ АЛАТКИ ДА СТАНУВА Сѐ ПООТПОРНА НА НИВ**

Во првиот дел од овој труд ќе се објасни што, всушност, претставува напад врз демократијата. Преку наведени примери што спаѓаат во оваа категорија и ќе се доловат предизвиците со коишто се соочува демократијата и нивното потекло. Додека, пак, во вториот дел од овој труд ќе се објасни како демократијата се спротивставува на тие предизвици.

### Закани за демократската отпорност

Живееме во ера кога демократијата често е соочена со различни предизвици актуелни во општеството. Врз основа на тоа, одговорот на општествените проблеми зависи од многу фактори, а најмногу од тоа како државата реагира на тие предизвици и какви јавни политики носи. Секој општествен проблем не ја става демократската држава на тест, туку, најчесто, се однесува на ситуации кои

1 Арент, Х. (2013), *Изворите на тоталитаризмот*, Фондација Отворено општество, Скопје, стр. 21

напаѓаат одделни демократски вредности. Првиот проблем што е посочен во овој труд е различното толкување на тоа што, всушност, претставува напад врз демократијата – дали е тоа прашање за: левицата или десницата, за мултикултурализмот, новите појави на фашизмот, национализмот, или, пак, нешто сосема друго во скелетот на една држава.

Еден од најчестите примери од блиското минато е ковид кризата, што со себе понесе голем простор за ширење лажни информации со поголеми и подолгорочни последици за општеството, а на прв поглед не толку видливи. Секоја криза со себе носи одредени предизвици со коишто се соочува едно демократско општество. Иако државите останаа доследни на својата цел да разјаснат што е можно повеќе од лажни информации што циркулираа, сепак, голем дел останаа да кружат во општеството и натаму, главно како концепт на теории на заговор. Пандемијата претставуваше и плодна почва за заострување на популистичките политики во голем дел држави во светот.

> „Тековната пандемија не е само уште една алка во долгата низа кризи што го пустошат светот, од загрозување на нашата животна средина, до економските и општествените конфликти. Таа експлодираше во еден свет што се карактеризира со пораст на нови популистички политики. Интеракцијата меѓу едното и другото – дали пандемијата ќе даде нов ветер во едрата на расистичкиот, антиимигрантскиот популизам или, пак, ќе ја покаже неговата неефикасност пред пошироката јавност?“[2]

Од друга страна, пак, одреден број држави се обидоа да ја искористат вонредната состојба воведена поради пандемијата, злоупотребувајќи ја за поголема моќ на владејачките политички гарнитури. „Што се однесува на пандемијата Ковид-19, се тврдеше дека многу влади прикриле или искривиле клучни информации, наметнале прекумерни или злоупотребувачки мерки за време на карантинот, како покритие за да ја консолидираат моќта и да го потиснат несогласувањето. Примери за тоа беа активностите во: Ел Салвадор, Алжир, Филипини и Унгарија, каде што некои од случувањата

2 Жижек. С., (2021). *Пандемија!2 Хроника за едно изгубено време,* Арс Ламина, Скопје, стр. 139

може да имаат влијание врз демократијата што ја надминува самата пандемија“.[3]

Слични примери, односно предизвици со кои се соочува демократијата денес се: зголемениот број на избрани лидери на демократски спроведени избори, кои имаат популистички тенденции, потоа граѓанската апатичност, зголемениот јаз меѓу левицата и десницата и постепеното наметнување на нелиберални вредности и начини на владеење низ светот. Со поединечно објаснување на поимите би се стекнала подобра претстава за тоа со какви предизвици се соочува современата демократија.

„Се тврди дека популизмот го ‘симплифицира’ политичкиот простор, заменувајќи комплексен сет карактеристики и детерминации со груба дихотомија чии два пола се неизбежно непрецизни“.[4] Жижек за овој став на Лаклау би дополнил дека новиот вид на популизам што го среќаваме денес, нема некоја визија за нов поредок. Овие режими се раководат според воведувањето јавни политики за поткупување на сиромашните граѓани, задоволување на богатите со намалени даноци и насочена омраза кон „другиот“. Десничарскиот популизам има тенденција да влева надеж кај граѓаните, правејќи кохезија меѓу една група, наспроти друга група. Идентификацијата е заснована врз основа на антагонизам.

Што се однесува до зголемениот јаз меѓу левицата и десницата, тоа претставува постепено зголемување на нетолеранцијата меѓу идеологиите на спектарот. Зголемената економска нееднаквост меѓу класите претставува значителен двигател за зголемената поларизација. Во овие случаи се јавува тензија меѓу граѓаните, предизвикана од зголемената економска раздалеченост. Зголемениот број протести во изминатите години го афирмира незадоволството на граѓаните во врска со одредени општествени случувања. Поттикнати од различни премиси, идеолошкиот сегмент тешко би се запоставил во период на криза. Примери за тоа се кампањата: „Црните животи значат“ (Black Lives Matter), во САД, како и движењето: „Жолтите елеци“ (Mouvement des gilets jaunes), во Франција, коишто претставуваа вид на попроблематични протести заради нивниот

---

3 https://lordslibrary.parliament.uk/democracy-under-threat-a-case-for-co-ordinated-action/

4 Лаклау. Е., (2007). *Популистичкиот ум*, Фондација Отворено општество, Скопје, стр. 29

мотив. На другата страна се протестите во Хонгконг и Минск, коишто се класифицираат како борба против системите, борба за демократизација.

Ова се надоврзува со граѓанската апатичност, што е проблем со кој треба сериозно да се занимава секоја држава. Луѓето со граѓанска апатичност не се подготвени да учествуваат во процесите на носење одлуки и гласање, на општинско и национално ниво, од различни причини: страв, незнаење, недостиг на ресурси, сложеност на управувањето на системот и негово неразбирање и недостиг на доверба во владата или бирократијата. Граѓанската апатија е предизвикана од недостигот на суштински однос меѓу гласачите и нивните претставници. Луѓето не ја гледаат вредноста на учеството во процесите на управување на нивните: општини, градови, па дури и целата земја, што е закана за демократијата. Намалениот процент на излезност на изборите претставува голема закана за демократското функционирање на една држава и трајноста на легитимноста на избраната влада. Идентификацијата на гласачите со нивните претставници е нужна за функционирањето на општеството.

> „Да веруваме дека сме влегле во доба во која ‘постконвенционалните’ идентитети дозволуваат рационално решавање на политичките прашања. Да ја игнорираме улогата на афектите во демократска мобилизација значи да им го оставиме теренот на оние коишто ја поткопуваат демократијата. Теоретичарите коишто сакаат да ги елиминираат страстите од политиката и сметаат дека демократските политики имаат простор само за: разумот, умереноста и консензусот, всушност, не ја разбираат политичката динамика“.[5]

Концептот за кој зборува Муф се надоврзува на темата на трудот – страстите на групата се еден од елементите за развој на колективниот идентитет и нужно водат до вид на несогласување. Ставено во контекст на модерната демократија, несогласувањето претставува еден од клучните фактори за функционирањето на демократското општество. Отвореноста, консензусот (особено во плуралистичката демократија), стремежот за слобода и еднаквост, се неопходни како

5 Муф. Ш., (2005). *За политичкото*, Фондација Отворено општество, Скопје, стр. 25

**ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО, ЗАЕДНО СО НЕЗАВИСНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, СЕ ЕЛЕМЕНТИТЕ ОД ДРЖАВНОТО УРЕДУВАЊЕ КОИШТО БЕЗ РАЗЛИКА НА ИДЕОЛОШКИТЕ ТЕНДЕНЦИИ НА ВЛАДЕЈАЧКИОТ РЕЖИМ, ОСТАНУВААТ ТЕМЕЛИ ШТО ЈА ШТИТАТ ДЕМОКРАТИЈАТА ОД ПОТЕНЦИЈАЛНИ НЕРЕГУЛАРНОСТИ. ВО ОДНОС НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ДРЖАВИТЕ ВО СВЕТОТ СЕ СООЧУВААТ СО ГОЛЕМАТА ЗАКАНА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ. СО ПОГОЛЕМАТА МЕДИУМСКА ОПФАТНОСТ, КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ СТАНАА АКТУЕЛНО ПРАШАЊЕ ВО РАМКИ НА СИТЕ ДРЖАВИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ. ДЕМОКРАТСКАТА ОТПОРНОСТ ВО ОВОЈ КОНТЕКСТ ЈА ГЛЕДАМЕ ОД МОРАЛНА ГЛЕДНА ТОЧКА, ОДНОСНО ОДГОВОРНОСТА НА ДРЖАВИТЕ КОН ЗАШТИТАТА НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА**

конфронтирачки ставови за јакнење на модерната демократија.

Што се однесува до постепеното наметнување и ширење на нелиберални вредности во голем број држави низ светот, најдобро се објаснува преку примери, како што се Унгарија и Полска чии лидери  победија на демократски избори, но постепено легитимноста на нивното владеење почна да се намалува. Со пристапување на Полска и Унгарија кон  Европската Унија се сметаше дека во одреден период, додека траеја пристапните преговори и подоцна, ги исполнуваат критериумите побарани од нив како потенцијални членки, а еден од тие критериуми е да бидат либерални демократии. Но, со изборот на ултрадесничарски партии како претставници на народот, за јавноста било очигледно појавувањето на нелиберални премиси. Како примери може да се наведат: недемократското менување на уставот; потиснувањето на опозицијата; контролата над медиумите, и слично. Преку овие постапки, овие две држави влегуваат во категоријата на режими коишто ја потиснуваат демократијата.

„Од почетокот на глобалната финансиска криза и големата рецесија во 2007-2009 година, влеговме во доба на демократско уназадување. Погодените земји не биле само слаби демократии коишто се сметаат за загрозени, но и земји, како Полска и Унгарија, кои некогаш биле сметани за регионални лидери во процесот на демократизација во посткомунистичка Европа“.[6]

Од друга страна, пак, примерот со победата на изборите во САД на Доналд Трамп претставува своевиден предизвик во една од

6 Bernhard. M., (2021). *Democratic Backsliding in Poland and Hungary*, Cambridge University Press, 589

државите која најмногу се застапува за ширење на демократијата. Трамп со своите постапки за време на неговиот мандат претставуваше олицетворение на гласачите во САД. Многумина го гледаа како успешен бизнисмен кој би ги решил сите проблеми на Американците, меѓутоа со неговите јавни политики тој се вброи во категоријата – популисти.

> „Што се однесува до состојбата на демократијата, доволно е да се погледнат извештаите и прилозите во нашите медиуми. Во Полска, јавни личности со либерална определба се жалат дека стануваат очевидци на разнебитувањето на демократијата. Во САД, Обама предупреди дека Трамп претставува огромна закана за демократијата, а Трамп, пак, сигнализира дека нема да ги признае резултатите од претседателските избори ако не се во негова полза“.[7]

Преку анализирање на секој поим што претставува предизвик за демократијата поединечно, би можело поефикасно да се објасни главниот поим на овој труд, а тоа е демократската отпорност. Кризите, популизмот, продлабочениот јаз меѓу левицата и десницата, граѓанската апатичност и ширењето на нелиберални вредности, се само неколку од проблемите што ја дестабилизираат демократијата. Но, како демократијата реагира на овие предизвици?

### Отпорноста на демократијата

Објаснувајќи ги поимите коишто претставуваат предизвик за демократското општество, во вториот дел од трудот би се анализирало на кој начин демократијата развива отпорност кон нив. Преку веќе наведениот пример може да се согледа дека нелибералните тенденции на власта придонесуваат за значително загрозување на демократијата. Меѓутоа, историски гледано, демократијата се покажала како начин на владеење кој е отпорен на предизвиците со кои се соочува. Живееме во период во кој либералните демократии се прифатени како правилен начин на функционирање на државата. Отпорноста на демократските системи кон нелибералните

7 Жижек. С., (2021). *Пандемија! 2 Хроника за едно изгубено време*, Арс Ламина, Скопје, стр. 49

струи што минуваат низ државата се воочува во различни делови од општеството.

> „Имено, колку и да е големо искуството со демократијата, таа секогаш ќе има потреба да биде демократизирана, бидејќи е инхерентно неперфектна. Токму овој пункт е едно од местата каде што може да почне етичката и практичната оправданост на потребата од континуирано акомодирање на разликите во едно длабоко поделено општество“.[8]

Како инхерентно несовршен поредок, демократијата поседува филтри што ѝ помагаат во нејзината отпорност. Историски гледано, демократијата првично била позната како неинклузивен начин на владеење (во Античка Грција, запоставени од системот биле: жените, странците и робовите), меѓутоа етапно се развивала во системот којшто го гледаме денес.

„Потребата од ‘демократизација на демократијата’ се однесува на неопходноста демократијата секогаш да биде надградувана во согласност со динамиката на општествениот живот и соодветните промени. На овој начин, демократијата се третира како динамичен, а не како некој фиксен и засекогаш зададен феномен, а сето тоа заради фактот што социоекономските услови влијаат врз квалитетот на демократијата“.[9]

Динамичноста на демократијата се класифицира како слобода за влез на нови идеи во неа. Отпорноста ја гледаме во системското прифаќање и адаптирање на новонастанатите случувања во општеството. Помогната од нејзината флексибилност, демократијата во нејзините корени остава простор за прогрес и придава големо значење на елементите што ги поткрепуваат нејзините темели.

Човековите права, владеењето на правото, независноста на институциите, заштита на природата, развиено цивилно општество, претставуваат елементи коишто заедно го прават општеството функционално и граѓаните задоволни. Овие елементи се комплементарни меѓусебно и ѝ помагаат на државата да функционира непречено. Меѓутоа, кои од овие елементи претставуваат клуч за

8 Чупеска. А., (2017). *Мултикултурна акомодација*, „Везилка“, Скопје, стр. 18

9 Чупеска. А., (2017). *Мултикултурна акомодација*, „Везилка“, Скопје, стр. 18

воспоставување на успешна отпорност на системот против недемократски вредности? Одговорот е – сите, на свој различен начин. Човековите права и развиеното цивилно општество претставуваат екстерни фактори коишто се надвор од градењето на јавните политики, но несомнено, влијаат врз нив.

> „Либералниот концепт направи правата да бидат спротивставени на политиката, но не да бидат дел од неа, туку да отворат позиција од која повремено интервенираат, штитејќи ја позицијата на индивидуата при балансирањето на интересите и моќта. Во контекст на конкретните демократски политики или демократско самоопределување, овие либерални концепти за засновање на правата подразбираат дека нема валидно право без политика, но и дека нема легитимна политика без право и дека оперативниот принцип на демократската политика не може да обезбеди легитимни одлуки без правото“.[10]

Фрчкоски со оваа анализа ја надоврзува важноста на човековите права со владеење на правото. Легитимноста на државата зависи од компилација на интерни и екстерни фактори коишто го прават демократскиот систем отпорен на потенцијални кризи и предизвици. Владеењето на правото, заедно со независните институции, се елементите од државното уредување коишто без разлика на идеолошките тенденции на владејачкиот режим, остануваат темели што ја штитат демократијата од потенцијални нерегуларности. Во однос на заштитата на животната средина, државите во светот се соочуваат со големата закана предизвикана од климатските промени. Со поголемата медиумска опфатност, климатските промени станаа актуелно прашање во рамки на сите држави и меѓународни организации. Демократската отпорност во овој контекст се гледа од морална гледна точка, односно одговорноста на државите кон заштитата на планетата Земја.

Демократската отпорност се однесува на способноста на демократскиот систем да се спротивстави и да се опорави од заканите за неговите институции и практики. Овој концепт особено е важен во денешниот свет, кога многу демократии се соочуваат со значителни

10 Фрчкоски. Љ., (2019). *Човекови права и психоанализа*, „Култура“, Скопје, стр. 16

предизвици од внатрешни и надворешни сили кои се обидуваат да ги поткопаат нивните демократски квалитети.

Отпорноста на демократијата во однос на предизвиците со кои се соочува и нејзината успешност зависи од многу фактори коишто меѓусебно се зависни.

## Заклучок

Примарната цел на овој труд е да се одговори на прашањето што ја прави демократијата да биде отпорна? Историски гледано, демократијата првично започнала како неинклузивен систем којшто низ времето се пласирал во уредувањето на државите како најинклузивен и најуспешен. Сепак, тоа не го прави демократскиот начин на владеење совршен, напротив, со неговата флексибилност и неконзистентност го прави плодна почва за развој на идеи, но и на предизвици.

Со поединечна анализа на потенцијалните предизвици со кои се соочува демократијата, ја воочивме опасноста од сите нив поединечно. Популизмот, независно од кој дел од идеолошкиот спектар потекнува, претставува опасност за демократскиот режим, бидејќи постепено ја придушува демократијата во него. Јазот меѓу левицата и десницата е проблем што го поларизира народот, а граѓанската апатичност може да се класифицира како еден од убијците на демократскиот систем. Додека, пак, ширењето на нелибералните вредности не е нов проблем со кој се соочувала демократијата.

Што се однесува до сите овие предизвици, флексибилноста на демократијата ѝ дава можност преку одредени алатки да станува сè поот-

**ПОСТЕПЕНОТО НАМЕТНУВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА НЕЛИБЕРАЛНИ ВРЕДНОСТИ ВО ГОЛЕМ БРОЈ ДРЖАВИ НИЗ СВЕТОТ, НАЈДОБРО СЕ ОПИШУВА НИЗ ПРИМЕРИ, КАКО ШТО СЕ УНГАРИЈА И ПОЛСКА ЧИИ ЛИДЕРИ ПОБЕДИЈА НА ДЕМОКРАТСКИ ИЗБОРИ, НО ПОСТЕПЕНО ЛЕГИТИМНОСТА НА НИВНОТО ВЛАДЕЕЊЕ ПОЧНА ДА СЕ НАМАЛУВА. СО ПРИСТАПУВАЊЕ НА ПОЛСКА И УНГАРИЈА КОН ЕУ, СЕ СМЕТАШЕ ДЕКА ВО ОДРЕДЕН ПЕРИОД, ДОДЕКА ТРАЕЈА ПРИСТАПНИТЕ ПРЕГОВОРИ И ПОДОЦНА, ГИ ИСПОЛНУВАА КРИТЕРИУМИТЕ ПОБАРАНИ ОД НИВ КАКО ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЧЛЕНКИ, А ЕДЕН ОД ТИЕ КРИТЕРИУМИ Е ДА БИДАТ ЛИБЕРАЛНИ ДЕМОКРАТИИ. НО, СО ИЗБОРОТ НА УЛТРАДЕСНИЧАРСКИ ПАРТИИ НА ВЛАСТ СТАНА ОЧИГЛЕДНО ПОЈАВУВАЊЕТО НА НЕЛИБЕРАЛНИ ПРЕМИСИ: НЕДЕМОКРАТСКОТО МЕНУВАЊЕ НА УСТАВОТ, ПОТИСНУВАЊЕТО НА ОПОЗИЦИЈАТА, КОНТРОЛАТА НАД МЕДИУМИТЕ, И СЛИЧНО**

порна на нив. Човековите права, владеењето на правото и силното цивилно општество се оние коишто ѝ помагаат на демократијата да егзистира на функционален начин.

Теориите и теоретичарите се прилагодуваат на процесите откако тие се случуваат, така што демократијата има можност да биде отпорна и откако проблемот е веќе присутен во општеството.

*(Ања Диздаревиќ ги привршува постдипломските студии во областа на меѓународните односи, европските интеграции и дипломатија, на Правниот факултет „Јустинијан Први", во Скопје, каде што ги заврши и додипломските студии. Теми на нејзиниот научно-истражувачки интерес се: политичката филозофија, демократијата, човековите права, климатските промени, политичката психологија и психоанализата.)*

ISSN 2671-3209